K III 684

**Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

**Филозофски факутет –Скопје**

**Студии од втор циклус на студиска програма**
**Историја и архивистика**

# РАЗВОЈ НА АРХИВСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (1951-2012)

**(Магистерски труд)**

**Кандидат :**
**Филип Лазаров**
**Број на индекс: 4245/11**

**Ментор :**
**Проф. д-р Виолета Ачкоска**

**Скопје септември 2014**

## ***ПОСВЕТА***

Секој предизвик во работата бара самовложување а посебно водство на стручен , почитуван , работлив и докажан ментор кој знае да го цени напорот и правилно да усмерува во текот на изработката на трудот, на начин кој го доближува до срцето .

Овој магистерски труд го посветувам на

***Проф.д-р Виолета Ачковска***

која ме водеше во текот на изработката на овој труд и ме научи како да се справувам со предизвиците во текот на изработка

и

на моите родители, кои ме научија да ги прифаќам работите со нивната реалност и без кои ништо од ова не би било возможно

# ПРЕДГОВОР

Магистерскиот труд на тема „Архивското законодавство во Република Македонија (1951 – 2012)" го проследува развојот на архивското законодавство во нашата држава во период од половина век, време во кое се случувале значајни општествено политички промени. Токму затоа, проследувањето на централната проблематика – архивското законодавство се проследува тргнувајќи од краткиот осврт на општествено политичките прилики во Република Македонија (НРМ-СРМ-РМ) во периодот по втората светска војна па се до 2012 година. Тоа се два значајни периоди од нашата современа историја - периодот во кој Република Македонија беше дел од југословенската федерација – СФРЈ (до 1991 година) и периодот по 1991 како самостојна, суверена држава.

Покрај историскиот пристап, акцентот е ставен на анализата на значењето на архивите за една држава, потоа формирањето и развојот на Државниот Архив на Република Македонија, како и организацијата на ДАРМ во рамките на дведецeнискиот развој на независна Република Македонија.

Трудот го прикажува и анализира развојот на архивското законодавство во Република Македонија од 1951, па се до донесување на последниот Закон за архивски материјали во 2012 година, при што најпрво се анализира архивското законадавство во рамките на СФР Југославија кое важи и за нашата република, а потоа архивското закондавство во самостојна Република Македонија со посебен осврт на иновативноста на последниот Закон за архивски материјали од 2012 година.

Истовремено, преку компаративен осврт и анализа на архивското законодавство во Европските земји и архивските стандарди се презентираат новините за архивската дејност што ги носи Законот за архивскии материјали од 2012. Овој закон има особено значење во однос на обезбедувањето на Архивската институција - таа да биде способна да се претстави професионално во сите случаи кои што законодавство треба да ги покрие, односно се одликува со современ детален нормативен пристап кон примарното законодавство. Нема легални прашања кои од денешна гледна точка би го конфронтирале архивистот.

## ВОВЕД

Развојниот пат на архивското дело, а паралелно и на архивското законодавтво во Република Македонија, било во непосредна врска со историјата на македонскиот народ.

Општествено-политичките улови предизвикале низа промени во архивското работење и брз развој на архивското законодавството, што заслужува посебен осврт бидејќи сведочи за развојниот пат на македонската држава, посебно по осамостојувањето во 1991 година. Со определбата на наши еминентни стручни лица и научници во интегрирањето на македонските интереси и законодавството во современа легислатива која паралелно ги опфаќа техничко-технолошките достигнувања на денешницата, овозможено е донесување на нови современи решенија кои се опфатени со последниот Закон за Архивски материјали од 2012 година. Законот дава нова, современа димензија на архивското работење и нова улога на архивските установи со добивање на функција на тело за поставување на стандарди поврзани со сите активности поврзани со записите, како и заштита на архивските материјали и одговорно управување со јавните записи а во интерес на општеството.

Анализата на архивското законодавство во Република Македонија од 1951 до денес, дава јасна слика за работата на Државниот архив во служба на заштита на архивските материјали во Република Македонија. Идентификувајќи ги основните проблеми кои биле постојано присутни, укажува на причините кои одат во прилог кон заложбата за менување и донесување на нов закон за архивите. Воспоставувањето на единствен систем на заштита на архивските материјали укажува и на постоењето на воспоставување на стручен надзор над работењето на архивите и над создавачите и имателите на архивските материјали. [1]

Во општеството постојат етички вредности кои се однесуваат на материјалите во архивите. Овие вредности е неопходно да се почитуваат со цел да се стекне доверба на јавноста, да се задоволат барањата на јавната администрација, приватните организации и поединците, да се задоволи легитимното право на граѓаните во демократско општество, односно да имаат пристап до јавните записи ( слобода на информации, транспарентност), потребата да се заштитат некои информации од пристап за определено време

[1] Бошко Ракић, Историски архив Крањево, Развој архивског законодавства у Србији. стр. 147

(приватност), заштита од неавторизиран пристап до информациите (заштита на податоци), потребата од зачувување и овозможување на пристап до релевантни информации на истражувачите (архивско законодавство). Задоволувањето на овие потреби некогаш е контрадикторно или дури конфликтно, па според тоа е неопходно дефинирање на законски и подзаконски акти кои би ги третирале овие различни прашања и ќе дефинираат како ќе се балансираат и решат овие проблеми.

Улогата на архивските институции, е дефинирана од страна на законодавната власт, обично со закони и подзаконски акти. Една земја може да одбере да се справи со прашања поврзани со записите и архивите со еден единсвен закон или неколку правилници, но законската одредба треба секогаш да биде јасна и доследна на целта[2]. Иако законите можеби изгледаат апстрактно и далеку од секојдневниот живот, тие во суштина претставуваат рамка за најголемиот дел на работите. Законите претставуваат сет на правила кои го водат општеството а кои се спроведуваат преку јавниот сектор[3]. Архивите имаат вредност за земјите и регионите, организациите, заедниците и поединците. Тие обезбедуваат докази за активности кои се случиле во минатото. Тие раскажуваат приказни за луѓето и нивниот идентитет и се вредни извори на информации за истражување. Тие се нашата меморија и формираат важен дел од нашето општество. Архивските збирки се обично уникатни, поради што е особено значајно грижата за нив да биде соодветна. Потребно е да бидат внимателно чувани и да се управува со нивнита заштита за сегашноста и идната употреба. Историчарите прават повеќе отколку само преглед на настаните во минатото. Тие се обидуваат да го интерпретираат минатото за да може подобро да се разбере на кој начин може да влијае врз иднината. Ако не ја познаваме нашата историја, може да се направат истите грешки, без поука од минатото. Многу современи општествени движења биле инспирирани од или изградени врз примери од минатото. [4]

Не е едноставно да се управува со архивските колекции, тие се често со ретка и непроценлива вредност при што важна улогата на архивистите со нивното теоретско и

---

[2] Principles for Archives and Record Legislation, International council on archives,2004,str 5-7, http://www.ica.org/download.php?id=2168

[3] N. C. Institut of Government, Attorney atLaw. What is law? str 1 , http://www.attorneygates.com/images/introlawnc.pdf

[4] Introduction to history/We make history (http://www.permanentculturenow.com/introduction-to-history/ )

практично знаење е да ги подредат, опишат и чуваат различните видови материјали низ нивната секојдневна работа [5]. Сето тоа се базира на принципи и практики, дефинирани и добро управувани од законски акти. [6] Тие треба да ги заштитат архивските материјали [7]од уништување, оштетување, кражби, саботажи, манипулации и неавторизиран пристап, да се реализира одобрено уништување, транспорт, пристап и достапност [8].

Секоја земја има сопствен систем на легислатива кој се прилагодува во согласност со националните потреби и општесвените прилики [9] . Земјите членки на Европската Унија, во состав на нивните национални закони се должни да ги инкорпорираат барањата на ЕУ легислативата. Има три групи на такви барања-регулативи, директиви и одлуки и изјави и препораки [10]. Во многу национални закони непостои конзистентност со фактичката состојба, бидејќи законите биле донесени во различно време, за различни цели и со недостаток од стандардизирани дефиниции во националната легислатива во однос на окружувањето. Од тие причини потребно е да се работи на ревизии и хармонизација во рамките на националните закони. Исклучително важно е дека архивите треба да ја земат предвид потребата од проширувањето врз овластувањата во легислативата во и надвор од националните граници, со евалуација на исполнувањето на националната и меѓународната легислатива, стандарди или барања како и потвда на техничката компетентност на архивите и контролата на пристапот и/или остварувањето на правата за пристап.

---

[5] An Introduction to Archives for LibrariansSammie L. Morris Purdue University, morris18@purdue.edu 1-1-2009 стр. 5-7 , http://docs.lib.purdue.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1123&context=lib_research

[6] The National Archives :Archive Principles and Practice год. 2011, стр. 2-25 , http://www.nationalarchives.gov.uk/documents/information-management/archive-principles-and-practice-an-introduction-to-archives-for-non-archivists.pdf,

[7] The National Archives of Scotland , Records Management http://www.nas.gov.uk/recordkeeping/default.asp

[8] Claes Gränström, Legislation for preservation and access in a digital world archival and related legislation http://www.unesco.org/webworld/memory/3legis.htm

[9] Karen Anderson, Mid Sweden University,Legislation – Archival Legal Frameworks for the Digital Future, Australian Society of Archivist ,2013 Conference , p.1 (http://www.archivists.org.au/documents/item/461)

[10]Законодавство, http://www.sobranie.mk/usoglasuvanje-na-zakonodavstvoto.nspx

## ГЛАВА ПРВА

# 1. ОПШТЕСТВЕНО ПОЛИТИЧКИТЕ ПРИЛИКИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА ДО 2012 ГОДИНА

## 1.1.Положбата на Република Македонија во рамките на СФРЈ

Веќе кажавме дека развојниот пат на архивското дело, а паралелно и на архивското законодавтво во Република Македонија, било во непосредна врска со историјата на македонскиот народ, односно со неговата борба за државност и со развојот на современата македонска држава.

Во редовите на Народноослободителното и антифашистичко движење на македонскиот народ била создадена обемна и значајана документација која денес се чува во Државниот архив на Република Македонија. Оваа документација е од посебно значење за државно-правната, политичката, воената и културната историја на Македонија и македонскиот народ.

Со изборот на делегатите за Првото заседание на АСНОМ [11] во рамките на македонското национално ослободително движење, Македонија и делегатите се стекнале со легитимитет, со што организационо и политички започнува конституирањето на македонската држава[12]. Од 28 до 30 декември 1944 година е одржано Второто заседание на АСНОМ кој бил исто така значаен државен и политички настан. На ова собрание од некои делегати, како на пример од Едвард Кардељ, била застапувана тезата за силна и централизирана Југославија, како гаранција за иднината на Македонија. Повод за тоа биле гласовите за „македонскиот сепаратизам“ и наводно дејсвување на „реакционерни сили“ при што на удар се нашле и чесни луѓе, стопанственици и интелектуалци, што не се согласувале со општите оцени. Против нив безбедносните органи примениле голем

---

[11] Службен весник на Федералната единица Македонија во демократска и федеративна Југославија ,број 1, Скопје, година I , http://www.slvesnik.com.mk/Issues/0B06AFA2DCBB4B42B443C52DC94D844E.pdf

[12] Група автори проф д-р Анета Шукарова, проф. д-р Митко Б. Панов, проф. Д-р Драги Ѓоргиевски, проф. д-р Крсте Битовски, акад. Иван Катарџиев, проф. д-р Ванче Стојчев, проф. д-р Новица Белјановски, проф. д-р Тодор Чепреганов, Историја на македонскиот народ ИНИ, Скопје 2008 стр 281.

степен на самоволие од позиција на сила, употребувајќи репресија[13]. На 16-ти април 1945 година, врз основа на донесените Акти на третото заседание на АСНОМ се формира првата Влада на Демократска Федеративна Македонија (ДФМ). Веднаш по формирањето Владата на ДФМ прифатила да се прилагоди кон централистичкиот систем на југословенското уредување, јакнење на федерацијата и нејзината власт. Но, во некои области таа сепак морала да дејсвува самостојно. Со определбата на АСНОМ за формирање македонска влада, Македонија г о дооформира сопствениот систем од органи на власта како современа држава. Кон крајот на 1946 беше донесен Уставот на Народна Република Македонија, кој воедно е и првиот уставен документ во историјата на македонскиот народ. а кој всушност бил во функциа на етатизација [14] на власта, инаку веќе зацртана во Уставот на ФНРЈ [15], кој бил донесен во почетокот на 1946 година.

Во 1953 година, донесени се нови уставни документи, со кои на некој начин се овозможува олабавување на административно-централистичкиот систем на власта и на воспоставените односи во државата.[16] Овие услови беа поповолни во однос на другите сталинистички земји[17] со така наречената „народната демократија“. Но сепак, посамостојниот развој на Народна Република Македонија не беше доволно самостален во федерацијата[18].

Македонија во повоениот период била типично селанска земја, со три четвртини селско население, со екстензивно земјоделсво [19], кое спротивно на интензивно земјоделство е систем на производство со ниско развиен труд, не се користат ѓубрива и

---

[13] Група автори: проф д-р Анета Шукарова, проф. д-р Митко Б. Панов, проф. Д-р Драги Ѓоргиевски, проф. д-р Крсте Битовски, акад. Иван Катарџиев, проф. д-р Ванче Стојчев, проф. д-р Новица Белјановски, проф. д-р Тодор Чепреганов, Историја на македонскиот народ ИНИ, Скопје 2008, стр 295

[14] Милан Вујаклија , Лексикон , Просвета Београд 1970 стр 312

[15] Ustav Federativne Narodne Republike Jugoslavije, 31. januar 1946. http://dediserver.eu/hosting/ethnodoc/data/YU19460131-2.pdf

[16] Новица Велјановски “Државно-правниот развој на Македонија 1945-1953 административно-централистичкиот период во државноправниот развој на Македонија “ Институт за национална историја, Скопје 1992, 1-320.

[17] Новица Велјановски, Македонија 1945-1991 државност и независност, Институт за национална историја и ”Матица Македонска”, Скопје 2002, 1-406.

[18] В. Ачкоска, Братството и единството 1944-1974 помеѓу хармонијата и дисхармонијата, ИНИ, Скопје 2004, 207

[19] Екстензивно земјоделство http://en.wikipedia.org/wiki/Extensive_farming

капитал во однос на големината на земјиштето што сеобработува, приносите по хектар се многу ниски а добитокот се одгледува номадски. Во тој период се спроведоа промени во аграрно-сопственичките односи (ограничување на големината на поседот, продавање на производите по цени кои ги определуваше државата ), а со цел да се стимулира државната сопственост, а не продуктивноста. Со колективизацијата селаните беа принудени да се откажат од сопственото парче земја (1949-1953) [20], при што се случи бегство на селанството и од земјделството и негово населување во градовите, при што селата останаа празни а градовите се поселанчуваа.

Производството се планираше со петгодишни планови (петтолетки) без да се води сметка дали планираните производи ги бара пазарот.

Следи акт познат како Декларација на Владата на ДФМ, која беше копија на Декларацијата на Јосип Броз Тито, каде се напуштени некои решенија на АСНОМ, како што е сопственоста, а се занимава со идеолошки прашања како на пример „братсво и единство" и создавање на цврста федерација. [21]

Од надворешните влијанија најзначајно е стравот од советска интервенција во Југославија, по настанот со Инфорбирото[22]. Југославија беше економски поддржана од западните земји а на политички план се јавило поместување кон демократски процеси[23],

Производните претпријатија беа управувани од главни и генерални дирекции кои требало да се преструктурираат бидејќи биле кочница за севкупниот развој.

Во 1950 година донесен е Основен закон за управување со државните стопански претпријатијаи стопанските здруженија од страна на работните колективи. Но стопанските реформи поинтензивно се почувствуваа дури по 1953 година, кога беа донесени новите уставни документи.

Промени се случија и во администрацијата и организирањето на локалната управа. Најприоритетна задача на КПЈ тогаш била замислената трансформација под

---

[20] Ачкоска Виолета , Колективизација на селата во 1949-1953 и егзодусот на македонските селани во западна Македонија , Етнолог, Ревија на етнолошкото друштво на Македонија (9/200) стр. 189-208

[21] В. Ачкоска, Државотворноста на Македонскиот народ од АСНОМ до Рамковиот договор (1944-2001), „Социолошка ревизија", бр. 1-2, Скопје 2004, 71-86

[22] Група автори проф д-р Анета Шукарова, проф. д-р Митко Б. Панов, проф. Д-р Драги Ѓоргиевски, проф. д-р Крсте Битовски, акад. Иван Катарџиев, проф. д-р Ванче Стојчев, проф. д-р Новица Бељановски, проф. д-р Тодор Чепреганов, Историја на македонскиот народ ИНИ, Скопје 2008 , стр 321

[23] В. Ачкоска, Општествено–економскиот развој на совемената македонска држава (1944-2004), Годишен зборник Филозофски факултет, книга 57, Скопје 2004.

слоганот „фабриките на работниците“ (самоуправување). Во Сојузот на комунистите се јавиле две струи, една за промени а другата за задржување на позициите. Во 1955 година општините се јавиле како општествено-политички заедници.

Поради различни причини, а најмногу поради помошта која доаѓаше од САД и од некои западни земји во периодот меѓу 1951 и 1957 година, во Југославија беше остварен нејзиниот најголем развој. Така на пример само во Народна Република Македонија според статистичките показатели забележан е раст од дури 17 %, што му беше припишано на самоуправувањето.[24]

Во 1963 година беа направени уставни промени, со замена на зборовите „народни“ во „социјалистички“ а наместо Влада „Извршен совет“. На дебатите кои претходеле на донесувањето на овие промени имаше две насоки- една од страна на поразвиените републики (Словенија) во насока на воведување на поголема политичка и стопанска автономност, а во помалку развиените (Македонија) насоката останала во рамките на на идеолошките „предности“ на самоуправувањето.[25]

На 26 јули 1963 година Скопје е погодено со катастрофален земјотрес, но и покрај солидарната помош заздравувањето одело бавно. Во периодот меѓу шеесеттите и седумдесеттите години, поради незадоволсвото од уставните промени и слабиот стопански раст, се диференцирале две струи : етатистичка и либерална. Етатистичката струја се залагала за поцврста федерација, додека либералната за за поголема слобода и развој на економскиот систем. Причините за жал, се покриваа со фразата –„застој во социјалистичко самоуправните односи“.

Од почетокот на седумдесеттите години започна нова етапа, карактеристична по обидите за воведување на политички либерализам, делегатскиот систем и договорната економија. Овој период траел се до 1991 година и во истиот беа извршени неколку промени во општествено-економскиот и политичкиот систем кои доведоа до криза во државата и создадоа услови за осамостојување на републиките во тогашната СФРЈ и Република Македонија. Во овој период имаше судир во политичкиот врв на Југославија, кој резултираше со отстранување на некои српски раководители (Александар Ранковиќ) обвинувани за нивно залагање за централизам. Од друга страна во Хрватска се јавија

[24] В. Ачкоска, Современата македонска држава низ две историски транзиции, XXXIX меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Универзитет “Св. Кирил и Методиј“, Скопје, 285-301.
[25] В. Ачкоска, Местото и улогата на Владите на Македонија 1945-1995 ГИНИ, 39/1-2, Скопје, 1995, 15-31

либерални појави најавени како спонтано „масовно движење“ (МАСПОК) зад кое стоеше идејата за самостојна Хрватска. Во Македонија таквите тенденции не беа силно експонирани и од тука и на некој начин и потценети од страна на југословенскиот политички врв.

Во тој период се донесувани амандмани на сојузниот Устав, а во 1974 година се интервенираше и во Уставот на СР Македонија. Со тие промени се дадени поголеми права на републиките, а во стопанството е промовирана така наречена „договорна економија“. Идејата беше да се поврзат поголеми системи на производни и други претпријатија во асоцијации кои би се договарале што ќе произведат и по која цена ќе ги продаваат производите. Сето тоа беше осудено на неуспех поради нелогичноста на овој концепт со пазарната економија. Договорните цени не ретко биле нереални и повисоки од светските а фондовите кои определени за наразвиените републики и покраината Косово беше формиран посебни фондови кои генерални биле нерационално ористени.

По смртта на Јосип броз Тито во мај 1980 година, беше воведено колективно претседателсво во државата и СКЈ. Во тој период кулминираше економската нестабилност со голема инфлација во повоена Југославија од 45%. Опаѓаше животниот стандард, се зголемуваше незадоволсвото и порасна националната нетрпеливост. Во 1989 година за претседател на Владата беше одбран Анте Марковиќ, а неговата политика беше поддржана во Македонија. Словенија и Хрватска долго време се подготвуваа за независност, незадоволни од тоа што воопшто се случи изборот на премиер, му ја откажаа довербата и одбија да ги уплатуваат обврските кон федерацијата. Србија како одговор на ова изврши упат во платниот промет, присвојувајќи големи средсва од федерацијата. Веројатно ЈНА имаше тајни планови воено да интервенира и побара зголемен буџет кој Анте Марковиќ не го одобри и се повлече од премиерската функција. Кризата кулминираше во меѓунационалните и меѓурепубличките односи. Македонското раководство во таква ситуации беше дезориентирано и затечено, без сопствена визија и во југословенскиот врв наизменично ги поддржуваше Словенија или Хрватска, Србија со федерацијата, без јасна поддршка на концептот на раздружување. На 23 декември 1990 се одржа референдум во Словенија и 88,5 % од делагатите гласаа за истапување на Словенија од федерацијата, што беше и проследено со неколкудневна војна во која

Словенија беше поддржана од надвор.[26] Социјализмот беше без демократија, не неа спроведувани човековите права а пазарната економија доведе до длабоки економски кризи.

Во јануари 1990 година се одржа XIV конгрес на КПЈ, каде беа изразени несогласувањата и поделбите. Во Македонија се оформија нови партии, масовно се напушташе комунистичката партија и се преиспитуваше местото на Македонија во федерацијата. Насекаде во Југославија се појави националистички бран, а особено во Србија што имаше силно влијание врз македонското мислење. [27] Српските политички партии ја преименуваа Македонија во Јужна Србија, некои во Вардарска бановина кое име го носеше Македонија за време на српското владеење (1913- 1941), а црквата ги обнароди своите претензии за јурисдикција врз Македонската автономна црква. Во такви услови се размислуваше за напуштање на федерацијата, но без конкретна стратегија.

Во 1990 година беа регистрирани четири големи политички партии, кои добија голема поддршка од избирачите и 22 помали партии. На првите парламентарни избори одржани во ноември 1990 овие партии добија 120 места во Собранието. На овие избори, како единсвен случај меѓу некогашните југословенски републики и меѓу ретките во источневропските земји националните партии не ги освоија првите парламентарни избори. Понатаму, беше формирана експертска влада, која завише од консензуалната поддршка на граѓаните и на етно ориенттираните партии, што беше прв пат во источноевропските земји во транзиција една етничка малцинска партија да биде вклучена врз еднакви основи во Владата, во сите владини тела, министерства, агенции и тн [28].

---

[26]Група автори : проф д-р Анета Шукарова, проф. д-р Митко Б. Панов, проф. Д-р Драги Ѓоргиевски, проф. д-р Крсте Битовски, акад. Иван Катарџиев, проф. д-р Ванче Стојчев, проф. д-р Новица Бељановски, проф. д-р Тодор Чепреганов, Историја на македонскиот народ ИНИ, Скопје 2008 , стр 327,328

[27] Маргарита Пешевска "Република Македонија во процесот на транзиција и глобализација –Националното, регионалното и глобалното во иднината на Република Македонија како членка на Европската унија", Делчево 2007, 109-121

[28] Стенографски белешки од Десеттата седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, одржана на 20 март 1991 годчна, Собрание на Социјалистичка Република Македонија, http://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/010sed20mart91god.pdf

## 1.2.Република Македонија како самостојна држава

На 25 јануари 1991 година новоизбраното повеќепартиско Собрание усвои Декларација за независност на Република Македонија, со која беше дефинирана како суверена држава.

Во периодот мај –јуни Глигоров и Изетбеговиќ по серија преговори направија уште еден обид за „асиметрична конфедерација ". Кон крајот на 1991 година ЈНА интервенираше во Хрватска и Босна. Со Дејтонскиот мировен договор од ноември 1995 година, Босна и Херцеговина стана протекторат на меѓународната заедница.

На 8 септември 1991 година во Македонија беше одржан референдум, на кој 95, 1 % од граѓаните се изнаснија за суверена и независна Македонија [29].

На 17 ноември 1991 година Собранието на Република Македонија го усвои и изгласа Уставот на Републиката, кој претходно беше разгледан и позитивно оценет од повеќе експерти од Европската Унија.

Во почетокот на декември 1991 година претседателот на Република Македонија Киро Глигоров започна кампања за меѓународно признавање на Македонија. Тој испрати писма на претседателите на сите земји во светот, одделни писма на членовите на ЕУ и меѓународни организации. На 17 декември Собранието на Република Македонија ја усвои Декларацијата за меѓународно признавање на Република Македонија како суверена. независна држава, барајќи меѓународно призавање. Неколку дена подоцна Министерството за надворешни работи и достави на Бадинтеровата Арбитражна комисија документи за признавање на Република Македонија.

На 11 јануари 1992 година на состанокот на ЕУ, извештајот на Бадинтеровата комисија позитивно ги оцени условите на Словенија и Македонија, на состанокот на ЕУ и препорача ЕУ да ги признае двете земји. Грција уште тогаш постави прашања за името, а Бадентеровиот извештај јасно нагласи дека „името на државата не имплицира никакви територијални претензии". На 15 јануари 1992 година по објавувањето на извештајот беше

---

[29] Резултат од референдумот во Република Македонија, одржан на 8 септември 1991 година , Службен весник на Република М акедонија бр.43 20 септември 1991 , http://www.slvesnik.com.mk/Issues/C3236E426D604C7486E403F1078A8E65.pdf

наведено дека Европскиот совет решил да ги признае Словенија и Хрватска но не и Македонија. Ова непризнавање, националистичките партии го искористија за притисок, конфликти и борба, бидејќи сметаа дека „ никаде независноста не била извојувана со писма и без борба и жртви “.

Есента 1992 година, Грција воведе необјавена и жестока економска блокада врз Република Македонија и на 17 февруари 1994 година ја затвори границата, со намера да предизвика голема економска криза [30].

Во соседна Албанија патниот сообраќај во тоа време беше во лоша состојба а пристаништето во Драч со плитко газиште за бродовите. Во Бугарија исто така патиштата не беа во добра состојба и пристаништата многу далеку во однос на солунското пристаниште. Во исто време ООН спроведе трговски санкции против Србија, со што се зголемија проблемите за Македонија.

Во неколку наврати одржани се состанци на Европскиот совет за признавање на Македонија, но исто беше одлужувано поради грчката политика.

На 27 јуни 1992 година беше усвоена декларација на Европскиот совет во Лисабон [31] која беше голем удар за Македонија, бидејќи во неа се истакна дека признавањето на Македонија ќе се случи исклучиво под име кое нема да го содржи зборот „Македонија. Грчкиот национализам силно влијаеше врз ЕУ по што се донесени три важни одлуки: расправата да се префрли во ООН, да се преиспита и да се промени во Лисабонската декларација односот према името и да се овозможи Македонија да користи помош и средства од меѓународните фондови.

На самитот во Единбург одржан на 12 декември 1992 година, ЕУ усвои нова декларација а по предлог на генералниот секретар на ООН се испратија воени сили во Македонија под името УНПРОФОР со мандат за наблудување [32]

На 7 април 1993 година, Советот за безбедност, со Резолуција бр. 817 (1993) [33], му препорача на Генералното собрание на ООН да го прифати барањето на Македонија за

---

[30] Група автори : проф д-р Анета Шукарова, проф. д-р Митко Б. Панов, проф. Д-р Драги Ѓоргиевски, проф. д-р Крсте Битовски, акад. Иван Катарџиев, проф. д-р Ванче Стојчев, проф. д-р Новица Бељановски, проф. д-р Тодор Чепреганов, Историја на македонскиот народ ИНИ, Скопје 2008 , стр 332

[31] The European Council Lisbon 26-27 June 1992, Lisbon, European Council Reproduced from the Bulletin of the European Communities, No. 6/1992 , стр. 9 http://aei.pitt.edu/1420/1/Lisbon_june_1992.pdf

[32] Rezolution 842 http://www.liv.ac.uk/library/sca/owen/boda/unscr842.pdf

[33] Rezolution 817 http://www.mfa.gr/images/docs/fyrom/resolution_unsc_817_1993.pdf

прием во ООН, употребувајќи ја деликатната формулација „ држава која за употреба во Организацијата привремено ќе и се обраќаат како Порашна Југословенска Република Македонија се до надминување на разликите со името “. Македонија стана 181 –ва членка на ООН[34].

Кон крајот на 1993 година голем број земји членки на ЕУ воспоставија дипломатски односи со Република Македонија и отворија амбасади во Скопје. Но, РМ беше и е и понатаму оспорувана од страна на јужниот сосед Р. Грција (име, знаме), ФР Југославија (Србија) одби да ги нормализира односите и да воспостави дипломатски односи, Бугарија ја призна државата но не и македонската нација и македонскиот јазик, а Албанија инсистираше на името „ Поранешна Југословенска Република“. Со договорот потпишан во Њујорк, Македонија се обврза да го промени националното знаме, а за возврат Македонија доби признавање како независна и суверена држава, воспоставување на дипломатки односи, признавање на неповредливоста на постојните граници, пакет на сигурносни мерки, промоција на економска соработка и трговија, можност за културна размена и др. Со овој договор Македонија не превзеде обвски да го промени името.

На 8 април 1996 година, Србија потпиша Договор за регулирање на взаемните односи. Треба да се има предвид дека Србија беше единствена членка на поранешна Југославија што се спротивставуваше на независноста на Македонија а истовремено беше заинтересирана страна од Букурешкиот мировен договор 1913 година.

Од 1998 година во Македонија се забрза процесот на приватизација.

На 24 март 1999 година НАТО ја нападна СР Југославија, а во Македонија имаше околу 16 000 НАТО војници за време на воздушните напади. РМ прими 360 000 бегалци, што беше 18 % од вкупното население во Македнија.

На 16 февруари 2001 година, група албански екстремисти започнаа престрелка со Армијата на РМ. Вистинската цел беше дестабилизација на РМ и по можност присоединување на северозападните делови на Македонија кон Албанија и Косово. Прокламираната цел беше за поголеми права на Албанците во Македонија, иако ДПА (Демократска партија на Албанците) беа дел од власта (трети избори 1998 г. ), а од друга страна барањата на Албанците можеле да се решат институционално. Престрелката по

[34] Official names of the united nations membership, http://www.un.int/protocol/documents/Officialnamesofcountries.pdf

месец дена прерасна во вистинска војна, имено започна вооружен судир меѓу група албански екстремисти од една стран и полицијата и АРМ од друга страна. Бранови бегалци го напуштаа Тетово и околните села. Во Јуни 2001 г. Воените сили се доближија до Скопје, а скопското село Арачиново беше во рацете на УЧК (НОА- национално ослободителна акција). На 24 јуни припадниците на македонските безбедносни сили презедоа жестока акција, но по интервенција на Европска унија и НАТО, акцијата беше прекината, а силите на НОА под меѓународна заштита беа извлечени од селото. Под притисок на меѓународната заедница на 5 јули беше потпишан прекин на огнот, но НОА продолжи со своите напади врз македонските безбедносни сили. На 8 август во Охрид беше парафиран Рамковиот договор, по што истиот беше потпишан на 13 август во Скопје од страна на лидерите на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ПДП и ДПА, од претседателот Борис Трајковски и од меѓународни претставницици [35] .

Од 2-ри до 4 април 2008 година во Букурешт се одржа самит на НАТО на кој требаше да се упати покана за прием до Албанија, Македонија и Хрватска. Поканата на Република Македонија беше одбиена бидејќи една од членките на НАТО (Грција) приемот го условуваше со промена на името Република Македонија [36].

Од осамосталувањето до денес во Македонија беа одржани пет редовни и три предвремени парламентарни избори. Првите во 1990 година (првиот круг на 11 ноември а вториот на 25 ноември). Првата конститутивна седница се одржа на 8 јануари 1991 година. Поради распоредот на силите во Собранието настанаа сериозни тешкотии во однос на формирањето на влада. На крајот се пристапи кон формирање на техничка влада. Мандатот му беше доделен на Никола Кљусев, кој состави влада, која на 20 март ја доби довербата од пратениците на Македонското собрание.

Вторите парламентарни избори се одржаа во 1994 година, кадешто при настанатата констелација на силите, политичките партии што беа на власт до изборите во 1994, повторно формираа коалициона влада на чело со Бранко Црвенковски од СДСМ.

---

[35] Група автори: проф д-р Анета Шукарова, проф. д-р Митко Б. Панов, проф. Д-р Драги Ѓоргиевски, проф. д-р Крсте Битовски, акад. Иван Катарџиев, проф. д-р Ванче Стојчев, проф. д-р Новица Белјановски, проф. д-р Тодор Чепреганов, Историја на македонскиот народ ИНИ, Скопје 2008 , стр 338

[36] Paul Gallis, Coordinator,Paul Belkin, Carl Ek, Julie Kim, Jim Nichol, and Steven Woehrel Foreign Affairs, Defense, and Trade Division, Enlargement Issues at NATO's Bucharest Summit, http://fas.org/sgp/crs/row/RL34415.pdf

Во 1998 се одржаа третите парламентарни избори, на кои победи ВМРО-ДПМНЕ, а на 30 ноември 1998 беше избрана новата македонска влада со премиер Љубчо Георгивски, а како коалиционен партнер во Владата влезе и ДПА. Дотогашниот изборен систем беше променет од мнозински со два круга во мешовит паралелен изборен систем. 85 мандати се распределуваа во едно-мандатни изборни единици, а останатите 35 мандати – преку пропорционалниот Донтов систем, при што целата држава беше една изборна единица. За пропорционалните листи беше воведен изборен праг од 5%.

Парламентарните избори 2002 година се одржани на 15 септември 2002 година. Изборите се одржале според пропорционалниот изборен модел, во шест изборни единици. Победа извојува опозициската коалиција „За Македонија заедно", по што по четири-годишна пауза на власт се врати Социјалдемократски сојуз на Македонија. Големи контроверзии предизвикало вклучувањето во владината коалиција на Демократската унија за интеграција, формирана од страна на раководството на ОНА, која претходната година го предизвикала конфликтот од 2001 година.

Парламентарните избори 2006 година се одржани на 5 јули 2006 година, кој беше прв термин за редовни избори. Изборите се одржаа според пропорционалниот изборен модел, во шест изборни единици, исто како и парламентарните избори во 2012 година.. На изборите победи опозицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, која подоцна и формира влада. По изборите, мандатот за формирање на нова влада му беше даден на лидерот на победничката партија Никола Груевски, кој на 28 август беше избран за премиер на владата во чиј состав влегоа претставници на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, ДПА и НСДП. Владата ја поддржаа и ДОМ и ПЕИ, кои сепак не добија министерски места. ВМРО-НП гласаше за владата, но не учествуваше во владината коалиција.

Предвремените парламентарни избори во Република Македонија се одржани на јуни 2008година, по изгласувањето и распуштањето на Собранието на Република Македонија на 12 април 2008 година. Тоа беа први предвремени парламентарни избори од осамостојувањето на Република Македонија во 1991 година. Идејата за предвремените парламентарни избори во Република Македонија дошла веднаш по самитот на НАТО кој се одржал во Букурешт 2008 година. Иницијативата за вонредни избори била поддржана од страна на владејачката ВМРО ДПМНЕ заедно со нејзиниот коалиционен

партнерДемократска партија на Албанците, а од друга страна опозициските СДСМ и ЛДП гласале против. На изборите победи коалицијата „ За подобара Македонија “,предводена од ВМРО ДПМНЕ. Во Собранието влегоа 17 политички партии, од кои 10 со само еден пратеник. На 26 јули 2008 година е изгласана новата влада, составена од министри од ВМРО ДПМНЕ и од коалициските партнери во коалицијата „ За подобра Македонија“ и од ДУИ, како партија со најголема поддршка кај албанскиот електорат.

Вторите предвремени парламентарни избори во Република Македонија се одржаа на 5 јуни 2011 година. На изборите победи коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, која по изборите формира нова коалициона влада.

Третите предвремени парламентарни избори се одржани во 2014 година, кога повторно победи коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, која по изборите формира нова коалициона влада [37].

[37] Изборен законик, пречистен текст, Службен весник на РМ бр. 32 од 12 февруари 2014 , http://www.sec.mk/files/IzborenzakonikzaWEB1.pdf

## ГЛАВА ВТОРА

## 2. ФОРМИРАЊЕ И РАЗВОЈ НА АРХИВОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### 2.1. Значење на архивите

Архивите се од непроценливо значење. Архивските материјали се важни историски ресурси и често се единствени и можат да се најдат единствено во архивот . Во архивските материјали лежи душата на минатотото [38]. Но, архивите се од витално значење за општеството и од многу други причини. Меѓу најважните функции кои архивските материјали ги исполнуваат е дека тие служат како инструменти на одговорност и како колективна меморија [39]. Голем број на архивски дејци го изразуваат односот помеѓу евиденција и одговорноста : " без евиденција, не може да има демонстрација на одговорност, без докази за одговорност, општеството не може да има доверба во своите јавни институции". Во прилог на обезбедување на отчетност, архивските збирки претставуваат важен дел од историското, културното и интелектуалното наследство на општеството, со што придонесуваат за формирање на колективната меморија на нацијата која се чува за идните генерации [40]. Архивите чуваат материјали кои изразуваат бројни спротивности [41] - материјали кои сведочат за страдања, надежи, моќ, одговорности, поробувања, ослободувања, угнетувања и правда, еднаквост и различност, тишина и говорење.... Преку архивите се контролира минатото. Историски гледано, за жал, одредени настани се привилегирани а други маргинализирани, каде и архивистите се составен дел на ова, преку водењето на евиденцијата, оценувањето и изборот на мали фрагменти од сите можни записи кои ќе влезат во архивот [42]. Ова

[38] Patricia Battin, The importance of Archives, American Archivist/Vol. 53 Spring 1990 , http://archivists.metapress.com/content/d6rh3w55028u4h14/fulltext.pdf

[39] Иван Дуйчев, Лекции по архивистика стр.254 , http://www.clio.uni-sofia.bg/bg/archivistika/BDujchev.pdf

[40] Ivan Filipovič, Načela naučno –kritičkog objavljivanja arhivskih dokumenata 1526-1848, Arhivski vjesnik 15, Zagreb 1972, 127-210

[41] Anneli, Sundqvist. (2008) "Access and Accountability: Democratization of Information in Post-Conflict Societies. " International Council on Archives, KLCC Kuala Lumpur, pp. 1. Available file:///C:/Documents%20and%20Settings/vortrix/My%20Documents/Downloads/022_SUNDQVIST_Access%20and%20Accountability.pdf

[42] Miloš Miloševič, Objavljivanje arhivske građe, Arhivist 32/1982, 1-2, (Beograd ) 225-275

претставува огромна моќ над меморија и идентитетот [43]. Архивистите играат важна улога и имаат важна функција која често останува незабележана [44]. Општество бара докази за она што се негови основни вредности, од каде доаѓаат и кои се записите кои сведочат за случувањата - во таков случај, архивите не се пасивни магацини на стари материјали, туку активни сајтови каде општествена моќ е договорена, оспорувана, потврдена.... затоа, архивите во поново време ги отвораат вратите за витална дебата и транспарентна одговорност [45]. Основата на архивите почива на историските записи [46]. Но врската на архивите "со историјата е симбиотска “. Колку што историја влијае на мотивацијата и создавањето на архивските материјали, така и архивите влијаат на обликувањето на историјата која следи. Информациите спаѓаат во најстарите и моќни ресурси создадена од страна на човечкиот род. Архивите содржат информации и се одличен национален ресурс, бидејќи тие ја документираат историјата и идентитетот на национално ниво. Тие, исто така ги штитат интересите на поединците, организациите, и општеството во целина . Евиденција е меѓу најважните средства на моќ и контрола и неопходен составен дел на бирократските системи [47]..

Важноста на историјата е исто така составен дел на нашето убедување дека документите имаат единствена значење за активностите и настаните од минатото. Историското знаење и чувствителноста на историската димензија [48] изискуваат добро развиени и загарантирани системи на евиденција. Празнините во нашето историско знаење поради немање евиденција се голем хендикеп . Минатото е секогаш релевантно за сегашноста, информира за нашите ставови, дава одговори на нашите прашања и ни ја

---

[43]Joan M. Schwartz and Terry Cook , Archives, Records, and Power: The Making of Modern Memory , Archival Science 2: 1–19, 2002 Kluwer Academic Publishers. Printed in the Netherlands. https://www.nyu.edu/classes/bkg/methods/schwartz.pdf

[44] J. Колановиќ, Идентитет архивиста:од занимања до професије. Архивски вјесник год. 40 ’1997

[45] Archives, Records, and Power: The Making of Modern Memory Joan M. Schwartz and Terry Cook, Archival Science 2: 1–19, 2002 https://www.nyu.edu/classes/bkg/methods/schwartz.pdf

[46] Д-р Борче Илиевски “Историскиот развој на архивите во балканските земји до Втората светска војна,. сп. “Историја“, XLII/1-2, Скопје, 2006, 107-123

[47] Debbie McCauley The importance of keeping archives (2002) http://tauranga.kete.net.nz/en/tauranga_city_libraries_history/topics/show/985-the-importance-of-keeping-archives

[48] Barbara L. Craig Serving the Truth: The Importance of Fostering Archives Research in Education Programmes, Including a Modest Proposal for Partnerships With the Workplacehttp://journals.sfu.ca/archivar/index.php/archivaria/article/viewFile/12159/13166

покажува вистинската насока [49]. Архивите се суштински средства на испитување на минатото. Архивите играат важна улога и во развојот на националниот идентитет и државата воопшто [50]. Спротивно на тоа, развојот и управувањето со архивите се директно под влијание на државата [51]. Според James O' Tool [52] архивистите се свесни дека во одредени ситуации евиденцијата на архивските материјали понекогаш е позначајна од содржината на самиот материјал кој се евидентира. На архивите како институции и на евиденцијата која ја водат, генерално, од страна на академските корисници и на општеството воопшто, се гледало како на пасивни ресурси преку кои се експлоатираат материјалите за разни историски и културни цели, односно како неутрални складишта на факти. Од неодамна, архивистите се обврзани и према нив се упатува барањето, некогаш и во митски димензии, за сопствената професионалност, за непристрасност, неутралност и објективност. Сепак, архивите се основани од страна на државите за да се заштитат или ја подобрат нивната положба во општеството [53].

Државните архиви имаат критична улога во чувањето на националната историја[54] и правата на граѓаните [55]'. Повеќето од материјалите кои се чуваат во архивите се стари и кревки и е потребно посебно внимание и да се превземат посебни мерки за да се зачуваат. Зачувувањето на архивските записи опфаќа голем број на технички и административни процеси, кои се сеопфатни и интегрирани во рамките на целокупното архивско работење [56] и легислативата. Архивски, се оние записи за кои се смета дека имаат континуирана вредност и затоа се задржуваат надвор од период во кој тие активно се користат. Архивските материјали може да постојат во било кој формат на кој е снимена информацијата. Архивските збирки често се состојат од широк спектар на

---

[49] Joan M. Schwarch and Terry Cook, The making of modern memory , Archival Science 2: 1–19, 2002. 2002 Kluwer Academic Publishers. Printed in the Netherlands. https://www.nyu.edu/classes/bkg/methods/schwartz.pdf

[50] Лекић Богдан, Архивистика, Београд, Завод за уџбенике и наставна средства, 2006 стр 12

[51] International congress about the importance of archives for human rights, good governance, formation of the nation state and national identity , ICA http://www.ica.org/5917/conferences/international-congress-about-the-importance-of-archives-for-human-rights-good-governance-formation-of-the-nation-state-and-national-identity.html

[52] James O' Tool The symbolic significance of Archives American Archivist/vol 56/Spring 1993, University of Massachusetts-Boston http://archivists.metapress.com/content/e481x55xg3x04201/fulltext.pdf

[53] ICA Code of Ethics ,1996 , http://www.ica.org/5555/reference-documents/ica-code-of-ethics.html

[54] Te importance of state archives, Cosa , http://www.statearchivists.org/reports/Importance%20of%20State%20Archives.pdf

[55] John A. Fleckner, Smithsonian Institution , Some Reflections on Being an Archivist, http://www.archivists.org/governance/presidential/fleckner.asp

[56] Luciana Duranti, Arhivski zapisi, Teorija i praksa, Hrvatski državni arhiv, Zagreb, 2000, стр. 33

медиуми. Во прилог на традиционалните текстуални материјали, во архивите збирки често се наоѓаат фотографии, филмови, видео снимки, аудио снимки или магнетни ленти и дискови. Архивската професија се наоѓа пред најголемите предизвици во однос на прашањата за архивските материјали снимени во електронска форма.

При користење на архивските материјали, корисниците треба да имаат интелектуален, правен и физички пристап до нив. Терминот "пристап" ги опфаќа трите наведени концепти: интелектуалниот пристап се обезбедува преку евиденцијата и упатувањето со помош на архивистите. Архивистите создават помагала како и референтни алатки за да им помогнат на корисниците во изнаоѓање на материјалот. Правниот пристап е поврзан со тоа дали корисниците имаат дозвола или овластување да го користат одредениот материјал од архивите, бидејќи материјалите можат да вклучуваат приватни или доверливи информации. Архивистите се со закон и етички обврзани да обезбедат еднаков пристап до евиденцијата, која е им е доверена и е нивна грижа. Сепак, постои проблем, затоа што архивистите треба да се занимаваат со прашањата како што се приватност, доверливост, авторски права, зачувување и слободата на информирање[57]. Оригиналните документи добиваат нова перспектива. Имено, страста на историчарите за ракописите и изворите не е желба да се потврдат случувањата и датумите, туку желба да се доведе настанот во прав однос со реалноста. Последен збор на историчарот не е потврда на општо познатото, туку претставува основа за детални истражувања [58].

Архивистите треба да ја искористат нивната моќ во детерминирањето на оние записи кои ќе бидат зачувани за идни генерации и заради интерпретацијата на тие документи од страна на истражувачите а со цел на стекнување бенефит за целото општество. Преку усвојувањето на општествената конзистентност на професијата – архивистите со својот ангажман активно учествуваат во јавниот живот [59]. Притоа е важно да се направи разлика меѓу објективноста и неутралноста, застапување на

---

[57] Popović, J P., „Privatna arhivska građa (privatni arhivi)u zakonima država jugoistočne Evrope " Atlanti, Vol. 17, N. 1-2, Trieste 2007, pp. 157-171 , стр 157

[58] Vaclav Havel- "*Comma*", publikaciji Međunarodnog arhivskog vijeća(ICA) u broju 3-4 iz 2004 , file:///C:/Documents%20and%20Settings/vortrix/My%20Documents/Downloads/Havel.pdf

[59] Sanderson, K. (2007). Private archives. In A. Fields & R. Young (Eds. ), *Informing NewZealand: Libraries, archives and records* (5th ed., pp. 175-186). Lower Hutt, New Zealand: The Open Polytechnic of New Zealand, . http://tauranga.kete.net.nz/en/tauranga_city_libraries_history/topics/show/985-the-importance-of-keeping-archives

професионалните стандарди на правичност, чесност и транспарентност [60]. Randall C. Jimerson во својот труд "Архивите за сите: Професионална одговорност и општествена правда" [61], го разгледува правилното постапување со архивското градиво како прашање од национална важност, со оглед на значењето и влијанието на оваа постапка врз животите на „обичните " луѓе. Авторот укажува на големата моќ и обврска на архивсистите и архивистичката дејност во спречувањето на манипулацијата со информациите и податоците кои се наоѓаат во релевентниот архивски извор, во корист на власта и политичките моќници, а на штета на широката јавност, а посебно на маргинализираните и издвоените општествени групи. Според него, архивистите низ своето делување и со помош на архивските материјали за кои се грижат, како извор на „контрола " треба да бидат одговорни за своите постапки, да се спротивстават на политичкиот притисок, да ги разоткријат неправдите и да соберат и чуваат материјали и да извршат аргументиран преглед на истите во согласно со етичкиот код за архивистите. 62.

Унеско ја потенцира важноста на архивите во современото општество [63]. Една од најзначајните развојни активности на архивите на маѓународно ниво е усвојувањето на Универзалната декларација за архивите, предложена од ICA (International Council on Archives ) а усвоена од страна на Унеско. Оваа значајна одлука претставува голем чекор во унапредувањето на разбирањето на архивите од страна на јавноста. Оваа декларација претставува клучна врска во однос јавноста и оние кои носат одлуки. Декларацијата претставува јасна изјава на релевантноста на архивите во современото општество. Декларацијата ја нагласува клучната улога на архивите во транспарентноста на администрацијата и демократската отчетност, како и зачувувањето на колективната меморија во општеството, без да се занемари традиционалното задоволување на

60 Archives for All: The Importance of Archives in Society, Randall C. Jimerson, http://www.aag.org.br/anaisxvcba/conteudo/resumos/plenaria1/randalljimerson.pdf

61 Randall C. Jimerson, Archives for All: Professional Responsibility and Social Justice , American Archivist, стр.255, http://web.simmons.edu/watkins/socjust.pdf

62 Етички кодекс на архивистите (CODE DE DEONTOLOGIE) усвоен на XIII меѓународен архивски конгресво Пекинг во 1996 година , МЕЃУНАРОДЕН АРХИВСКИ СОВЕТ , http://www.arhiv.gov.mk/materijali/mk-4-4-1_kodeks_na_arhivisti.pdf/ Code of Ethics, International Council on Archives, Adopted by the General Assembly in its XIIIth session in Beijing (China) on 6 September 1996 , file:///C:/Documents%20and%20Settings/vortrix/My%20Documents/Downloads/ICA_1996-09-06_code%20of%20ethics_EN%20(1).pdf

63 Archival and records management legislation and regulations: RAMP study with guidelines http://unesdoc.unesco.org/images/0006/000649/064948eo.pdf

потребите на историското истражување. Декларацијата го детерминира ефективното позиционирање на архивите и нивното управување, како суштинска функција на која се заснова модерната јавна администрација, добрата практика во приватниот бизнис и подготвеност за пристап до информации од страна на граѓаните. Првата верзија на Декларацијата е напишан од страна на архивистите во Квебек (Québec) во 2007 година. Таа потоа беше усвоена од страна на соодветното одделние при ICA. Таму е развиен текстот и бил обезбеден превод на повеќе јазици на клучните пораки од Декларацијата. Процесот бил проследен со многу дебати во ICA, а во септември 2010 година, во Осло, Универзалната декларација за архивите [64] добила едногласно одобрување.

Со драматичниот раст на владините активности посебно од осамосталувањето на Република Македонија во 1991 година, постојано се продуцираат материјали. Овие материјали се предизвик за архивите кои треба да се справат со него. Со донесувањето на соодветни програми за делувањето на архивите се обезбедува непристрасност, ефективно исполнување на нивните задачи како и да ги направат архивските записи широко достапни. Секако треба да се искористат предностите на развојот на технологии [65], да се поттикнат иновативни проекти и истражувања[66] а сето тоа секако со финансиска поддршка на државата со обезбедување на функционирањето на правото. Идентификацијата и заштита на записите на државниот апарат, општеството, бизнисите и граѓаните, како и нивното користење согласно законите и технолошкиот напредок.[67]. Владините записи се особени значајни, бидејќи ја заштитуваат законската, финансиската и историската основа на државата [68].

---

[64] Universal Declaration on Archives http://www.ica.org/13343/universal-declaration-on-archives/universal-declaration-on-archives.html

[65] Georgi Stojčevski "Arhivistika u našoj sadašnjosti" Tehnički in vsebinski problem klasičnega in elektronskega arhiviranja 9 (2010), objavljeni strokovni privezek , стр.147

[66] Technical Guidelines for Digitizing Archival Materials for Electronic Access:Creation of Production Master Files – Raster Images For the Following Record Types- Textual, Graphic Illustrations/Artwork/Originals, Maps, Plans, Oversized, Photographs, Aerial Photographs, and Objects/Artifacts, U.S. National Archives and Records Administration (NARA), http://www.archives.gov/preservation/technical/guidelines.pdf

[67] Dijana Petreska, Archives in the Contemporary Information Society, Tehnicni in vsebinski problemi klasicnega in elektronskega arhiviranja, Radenci 2012 , 1.09 Objavljeni strokovni prispevek na konferenci , http://www.pokarh-mb.si/uploaded/datoteke/Radenci/Radenci2012/08_Petreska_2012.pdf

[68] Josip Kolanovic, Identitet arhivista: od zanimanja do profesije, Arhivski vjesnik, god. 40 (1997) str. 7-14. file:///C:/Documents%20and%20Settings/vortrix/My%20Documents/Downloads/770-3088-1-PB.pdf

По Втората светска војна архивите на територијата на ФНР Југославија биле во лоша состојба, бидејќи зградите биле несоодветни а самиот материјал бил изложен на влага и прашина. Во тоа време имало појави да архивскиот материјал бил користен за преработка како секундарна суровина, па дури и за греење, што укажува дека во предметниот период била ниска свеста за значењето на архивскиот материјал. Дел од архивскиот материјал на архивата на поранешната Вардарска бановина бил уништен за време на Втората светска војна во нејзините простории, а исто така и во архивите на обласните дирекции, стопанските и приватни здруженија, како и другите материјали од времето на окупацијата а од страна на окупаторската администрација. До ослободувањето и онаа документација која се наоѓала на теренот била во поголем број или уништена или однесена во Бугарија. Иако непосредно по Втората светска војна, новата власт била окупирана со политичките и безбедносни прашања, сепак донела Одлука за заштита и чување на културните споменици. Со оваа одлука сите згради со историско и уметничко значење, јавните споменици, бисти, слики, библиотеки и архиви се ставени под заштита на државата. Оваа одлука се однесува на државните архиви и бившите самоуправни установи, при што органи на заштита биле просветните власти на поодделните федерални единици. Против прекршувањето на оваа одлука биле предвидени казни кои важеле за уништувањето на државниот имот.

Во редовите на Народноослободителното и антифашистичко движење на македонскиот народ била создадена обемна и значајана документација која денес се чува во Државниот архив на Република Македонија. Оваа документација е од посебно значење за државно-правната, политичката, воената и културната историја на Македонија и македонскиот народ.

Важноста на контекстот на дигитализирано архивирање [69] на збирки е предизвикот со кој се справуваат архивистите во 21-от век[70].

[69] Mark Vajcner The Importance of Context for Digitized Archival Collections,School of Computer and Information Science, Edith Cowan University, http://quod.lib.umich.edu/j/jahc/3310410.0011.102/--importance-of-context-for-digitized-archival-collections?rgn=main;view=fulltext
[70] H. Thomas Hickerson. 2001. "Ten Challenges for the Archival Profession. " American Archivist 64, http://www.archivists.org/governance/presidential/hickerson.asp

## 2. 2.Формирање и развој на Државниот Архив на Република Македонија

Првата архивска институција основана со задача да собира, средува и обработува архивска граѓа на територијата на Македонија била формирана на 16-ти септември 1926 година [71]. Архивот во Скопје бил организиран по примерот на Државниот архив во Белград, но условите на сместување на граѓата не биле соодветни, а имало и недостиг на кадар и средства што се одразило негативно за развојот на архивистиката во Македонија меѓу двете светски војни. Од 1926 до 1941 година функционира Државен архив под непосредно раководство на Државната архива на Србија од Белград[72]. Во периодот 1941-1944 година во Македонија не била организирана државна архивска установа. Потребата од прибирање и заштита на архивската граѓа дојде до израз додека се уште траеше Втората светска војна, кога на 3 мај 1945 година Министерството за народна просвета ја обелоденува намерата за формирање на Архив на Нароослободителното движење на Македонија во состав на Народната библиотека во Скопје [73]. Оваа иницијатива не е реализирана поради низа причини, но набрзо потоа, со решение бр. 2543 од 31 мај 1946 година Министерството за народна просвета на НР Македонија [74] формира комисија за прибирање на архивска граѓа. Комисијата развила активности во ангажирањето на просветни работници за извршување на задачите околу иницирање и прибирање на архивска граѓа. Ваквиот начин на работа не можел да вроди со плод. Кон оваа дејност активно ќе пристапат во 1946 и 1947 година новооснованиот филозофски факултет [75] и Институт за национална историја . Во месец април 1948 година на сојузно ниво била донесена Наредба за привремено обезбедување на архивите [76] а подоцна е донесено и решение [77], при што целокупната дејност била концентирана во архивите во

[71] Водич низ микрофилмувана архивска граѓа од странска провиниенција, Државен архив на Република мАкедонија, http://www.learningace.com/doc/4493774/4820dbd8982044ae1221f9947df43495/vodic_mikrofilm

[72] Богдан Лекић , Архивско законодавство Југославије 1918-1974, Архив Југославије Београд, http://www.komunikacija.org.rs/komunikacija/casopisi/arhiv_sr/1996_1997_1-4/d001/show_download?stdlang=ser_lat

[73] Историја на Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" –Скопје, http://nubsk.edu.mk/za-nas/istorija

[74] Службен весник на Народна Република Македонија, бр. 19. 18 јини 1946

[75] проф. д-р Трајан Гоцевски ,Историјат на филофскиот факултет, http://www.fzf.ukim.edu.mk/index.php/mk/2009-09-28-11-08-2424/2009-10-12-13-51-44

[76] Монографија, Државен архив на Македонија, 1951-2006 , http://www.arhiv.gov.mk/materijali/monografija.pdf

[77] Решение за чување архивски материјал Службен весник на ФНРЈ, бро 8, 13 февруари 1952

републиките, односно извршните и народните одбори. На републичките архиви им била дадена надлежност за издавање на времени упатсва[78]. Сите овие упатсва морале претходно да бидат одобрени од надлежниот Државен архив и нивните архивисти за да се спречат можни деструктивни дејствија. Сепак, поради неразбирањето на проблематиката и несовесноста на некои од оние кои работеле на донесувањето и спроведувањето на прописите, во 1949 година, стопанскиот совет на ФНРЈ организирал масовна акција за собирање на отпадна хартија за потребите на преработувачката индустрија, при што се уништените цели фондови од периодот до 1950 година [79].

Во 1949 година при Централниот комитет на Комунистичката партија на Македонија е формиран Историски архив со задача да се бира и обработува архивска и мемоарска граѓа во врска со работничкото движење, Народноослободителната војна и Комунистичката партија на Македонија. Фондовите што се чуваа во овој Архив денес се во депоата на Архивот на Македонија' [80.] Задачата на овој архив била ограничена на прибирање и обработка на архивската и мемоарската граѓа за Работничкото движење, за историјата на КПМ и за социјалистичката револуција во Македонија.

На 23 јануари 1950 година, во рамките на ФНР Југославија, донесен е Општ закон за државните архиви кој по својата основна концепција се придржувал кон децентрализација по републики и централизација во рамките на републиките. Со овој закон биле обврзани само сојузните архиви и архивите на народните републики, а останатите како што градските архиви, специјалните архиви на научните установи биле факултативни и можеле да се основаат но истото не било обврзувачко . Правото на надзор било дадено само на Државниот архив на ФНРЈ (кога е основан во 1950 година, се викал Државна архива на ФНРЈ а 1953 е преименува во Државен Архив на ФНРЈ ,а од 1964 се вика Архив на Југославија) и на државните архиви на републиките. Сите останати биле потчинети на овој надзор, што во принцип значело дека градските архиви немале право на надзор на територијата на својот град, туку можеле надзорот да го спроведуваат само со овластување на републичкиот архив. Буквалното толкување овој

---

[78] Jovan P. Popović, Razvoj arhivskog zakonodavstva na prostorima bivše Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije od 1950. do 2013. Godine, ATLANTI • 23 • 2013 • n.1, http://www.iias-trieste-maribor.eu/fileadmin/atti/2013/Popovic.pdf

[79] А Бошко Ракић, Историски архив Краљево, Развој архивског законодавства у Србији, DC=340.134:930.25(497.11)(091) ID=153340428 стр. 148. http://media.nmkv.rs/2011/11/10-Bosko-Rakic.pdf

[80] Фондови и збирки, класификациска шема, http://www.arhiv.gov.mk/

законот доведува до заклучок дека градските архиви не можеле да ги користат правата кои им биле признати со на „државните архиви “, бидејќи за такви се сметале само сојузните и републичките архиви. Само со многу слободна интерпретација на овој закон, градските архиви можеле да се сметаат за државни. Државните архиви се наоѓале под контрола на претседателот на советот за наука и култура на Владата на ФНРЈ, односно министерот за наука и култура на народната република. Општиот закон на сојузно ниво предвидувал задолжително донесување на закони за архивите во републиките.

Поради непостоење на јасни прописи, архивското работење во тоа време било самоволно и нестручно. На 23 јануари 1950 година, донесен е Општ закон за државните архиви кој се одликува со основна концепција на децентрализација по републики а централизација во републиките. Тогашниот Закон за архивска граѓа, го ставал целокупниот материјал без разлика на тоа чија е сопственост и во чии раце се наоѓа, под посебна заштита на државата. Биле предвидени ригорозни казнени одредби за сите тие кои оневозможуваат чување или користење на историско-архивскиот материјал. Но и покрај таквите казнени мерки за непочитување на Законот, во пракса доаѓало до уништување на архивскиот материјал поради незнаење или несовесно постапување на поединци, установи или дури и на државниот орган.

Донесувањето Опшиот закон за државните архиви во Југославија во 1950 година, беше основа на 6 јануари, 1951 година Народното собрание на НР Македонија да го усвои Законот за државните архиви со кој беше поставено и создавањето на Архивот на Македонија (тогаш Државен архив на НР Македонија).

Донесувањето Опшиот закон за државните архиви во Југославија во 1950 година, беше основа да на 6 јануари, 1951 година Народното собрание на НР Македонија го усвои Законот за државните архиви со кој беше поставено и создавањето на Архивот на Македонија (тогаш Државен архив на НР Македонија). Набргу, по донесувањето на законот за државите архиви, основан е Државниот архив на НРМ на 01. април 1951 [81].

Првиот нормативен акт од областа на архивското законодавство во Република Македонија, не само што го овозможи и постави формирањето на Архивот на Македонија и неговите задачи, туку одреди и формирање на повеќе регионални архиви и архиви во

---

[81] Монографија, Државен Архив на Република Македонија 1951-2006, Скопје, http://www.arhiv.gov.mk/materijali/monografija.pdf

нивен состав со цел што поинтезивно да се собира, чува, заштитува и обработува архивската граѓа која се создава во институциите на новата држава, а уште повеќе да се зафатат кон собирање и заштита на архивска граѓа што ќе послужи за проучување на историјата на македонскиот народ. Во периодот од 1953 до 1960 година основани се и отпочнуваат со работа и девет регионални историски архиви кои во 1990 година со новиот Закон на архивската граѓа влегува во составот на Архивот на Македонија како подрачни единици, и тоа: Битола, Куманово, Охрид, Прилеп, Скопје, Струмица, Тетово, Велес и Штип. Овој процес поминувал сопствен развоен пат, односно паралелно со градењето на македонската држава биле создавани архивските служби и архивско законодавство. Во периодот од 1945-1971 година сојузното законодавство преовладувало над републичкото. Првиот позначаен пропис е „Законот за државните архиви „од 1951 година, врз основа на кој се формирани Државниот архив на Народна Република Македонија и деветте околиски архиви. Целта била што поинтензивно да се чува, собира, заштитува и обработува архивска граѓа која се создавала во институциите на новата држава. Во 1965 година, бил донесен Законот за архивска граѓа и архивите според кој Државниот архив на Социјалистичка Република Македонија бил преименуван во Архив на Македонија, а околиските архиви во историски архиви.

Во периодот 1951-1961 година биле формирани девет околиски (гратски) ариви со што архивската мрежа на Македонија е комплетирана. Тие архиви биле во Скопје[82], Охрид [83], Битола [84], Штип [85], Куманово[86], Прилеп[87], Велес[88], Струмица[89] и Тетово[90]. При што прв во 1951 година е формиран Архивот во Охрид со надлежност на 11 општини. Во

[82] Архивски фондови и збирки во државниот архив на Република Македонија –одделение Скопје http://www.pelister.org/archive/skopje.pdf

[83] Архивските фондови и збирки во Државниот архив на Република Македонија –одделение Охрид http://www.pelister.org/archive/ohrid.pdf

[84] Архивски фондови и збирки 1993 -2005 одделение Битола, http://www.pelister.org/archive/bitola.pdf

[85] Архивски фондови и збирки во државниот архив на Република Македонија –одделение Штип , http://www.pelister.org/archive/stip.pdf

[86] Архивски фондови и збирки во државниот архив на Република Македонија –одделение Куманово http://www.pelister.org/archive/kumanovo.pdf

[87] Архивски фондови и збирки во државниот архив на Република Македонија –одделение Прилеп , http://www.pelister.org/archive/prilep.pdf

[88] Архивски фондови и збирки 1993 -2005 одделение Велес, http://www.pelister.org/archive/veles.pdf

[89] Архивски фондови и збирки во државниот архив на Република Македонија –одделение Струмица , http://www.pelister.org/archive/strumica.pdf

[90] Архивски фондови и збирки во државниот архив на Република Македонија –одделение Тетово, http://www.pelister.org/archive/tetovo.pdf

1952 година е формиран Архивот на Скопје. Територијалната надлежност на овој архив ги опфаќала Скопје и неговите 16 општини.

Со цел да се пронајдат, заштитат и евидентираат сите архиви, делови од архиви и групи документи, на 18 јули 1951 година е формирано Архивско средиште за подрачјто на град Скопје и околиите на Скопје и Ѓорче Петров. Меѓутоа, дејноста на тоа средиште не изглегла и неможела да излезе од рамките на волунтаризмот.. Согледувајќи ја несомнената потреба од професионална организација за заштита на архивската граѓа, неполна година по основањето на Средиштето, Народниот одбор на град Скопје, на своето единаесетто редовно заседание од третото свикување, односно на 15 февруари 1952 година, донесува Решение бр. 1026 за основање Државна архива со надлежност на територијата на Народниот одбор на град Скопје и скопската околија. Називот Околиски историски архив –Скопје, кој што установата го носи до крајот на 1953 година, се менува во Историски архив –Скопје, според решението за упис на Окружниот стопански суд - Скопје, Ус. бр. 322/65 од 31.12.1965 година. Конституирањето на работната организација без основни организации на здружен труд Архив на Скопје –Скопје, е запишано во судскиот регистер на Окружниот стопански суд во Скопје на 06.01.1974 година под Фи. бр. 1733/73, а усогласувањето со Законот за здружениот труд под Фи. бр. 1847/78. Со Законот за архивска граѓа [91], Архивот на Скопје се трансформира во подрачно одделение, како организациска единица на единствената управна организација Архив на Македонија. Според Законот за организација и работа на органите на државната управа [92], подрачното одделение –Скопје продолжува да работи како Државен Архив на Република Македонија –Одделение Скопје. [93]

Просторниот проблем за сместување бил мошне тежок. Имено, првите денови по основањето Архивот немал сопствени простории. Во 1953 година добива простории на на времено користење од 95 м$^2$, кои не ги задоволувале основните услови за работа. Состојбата делумно се подобрува со вселување на Архивот во просториите на Народниот одбор (урната во земјотресот), во центарот на градот Скопје во простории од 172 м $^2$, од

[91] Закон за архивската граѓа Службен лист на СФРЈ, бр. 36 од 29.06.1990 година

[92] Закон за организација и работа на органите на државната управа (член 12) Службен Весник на РМ; 21 јули бр. 58/2000, http://www.slvesnik.com.mk/Issues/C0C662559E3B4D6481A15690025F729E.pdf

[93] Архивски фондови и збирки во државниот архив на Република Македонија –одделение Скопје http://www.pelister.org/archive/skopje.pdf

кои 52 м $^2$ се користени како работни а 215 м$^2$, како депоа, заедно со претходно добиените простории. По катастрофалниот земјотрес, Архивот е времено сместен во Градскиот парк и во руинираните простории на женската гимназија, а во 1964 се вселува во административни згради и располага со вкупно 374 м$^2$ површина. Пролетта 1968 година, Архивот се сместува во сопствена наменски изградена зграда, која има вкупна површина од 1437 м$^2$ со депоа од 729 м$^2$. Денес, Државниот архив е вселен во нова зграда, лоцирана во центарот на градот Скопје. Во него се чуваат 1. 486 архивски фондови и 28 збирки, сместени во 30 илјадии 100 архивски кутии и 7 милиони и 300 илјади микро снимки и 130 илјади микрофиши. Најстар документ кој се чува во архивот е евангелието на светиот апостол Лука од 12 век.

Архивот во Охрид е формиран во 1955, а по 1990 година се трансформира во Подрачно одделение во рамките на Државниот Архив на Република Македонија. [94]. Со својата дејност ги покрива општините: Охрид, Дебарца, Струга, Вевчани, Кичево, Другово, Осломеј, Вранештица, Зајас, Дебар и Центар Жупа. Од личните фондови како најзначајни можат да се издвојат: Бојаџиски Борис, писател - Охрид, Прличев Григор, поет - Охрид, Масин Фоти, свештеник - Охрид и др. Архивот претставува ризница која го чува сето културно напишано наследство.

Во 1954 година е основан Околискиот архив во Битола кој имал надлежност на 5 општини. Архивот во Велес е формиран во 1954 година, покривајќи го градот Велес и 11 општини во Повардарието. Архивот на Куманово при формирањето 1954 година добил надлежност за градот Куманово и 5 општини. Архивот на градот. Прилеп бил формиран во 1955 година, со надлежност над градот Прилеп и 5 општини. Архивот на Штип е основан во 1956 година со надлежност над градот Штип и 11 општини во Брегалничкиот регион.. Архивот на Срумица бил формиран во 1956 година и покрај градот Струмица, покривал уште 5 општини. Во 1961 година последен бил формиран Архивот во Тетово со компетенција на 8 општини во Полошкиот регион. Околиските и гратските архиви во 1965 година биле трансформирани во меѓуопштински архиви и го добиле името историски архиви . Историските архиви во периодт 1965-1991 година делуваат како самостојни

[94] Светлана Усрчова, д-р Формирање и развој на Државниот архив и на архивската служба во Република Македонија , стр. 280 , ATLANTI • 23 • 2013 • n.1
http://www.iias-trieste-maribor.eu/fileadmin/atti/2013/Usprcova.pdf

установи од областа на културата, координирани и под методолошко раководство на матичниот архив –Архивот на Македонија.

Во периодот до 1990 година историските архиви значително ја развиле својата дејност, така на пример даден е поширок опсег на работењето- донесена е Одлука за укинување на филмскиот архиви и префрлање во државна архива на НРМ[95] со што се постигнале резултати во заштитата на архивската граѓа кај имателите, во средувањето и обработката на граѓата и слично. Меѓутоа, стручната методолигија не се спроведувала единствено и се среќавале со проблеми во финансирањето на архивите, кој не бил присутен само во Македонија [96], а истото на некој начин се одразувало врз дејноста. Од тие причини се наметнала потреба од специфичен облик на организација на архивската служба, со којшто во иднина би се обезбедило и би се гарантирало непречено функционирање на архивите. Со целосното интегрирање во Државниот архив со статус на државен орган и стабилно финансирање преку буџетот на Република Македонија е изнајдено решение за овој проблем. Ваквата ориентација се покажа како правилна и оправдана. Денес подрачните одделенија на Државниот архив работат според единствени методи, располагаат со стабилни финансиски извори и постигнуваат поголеми резултати во своето работење. При Македонската Академија на науките и уметностите од 1969 година до денес функционира посебен архив, во кој се чува и обработува архивска граѓа на членовите на Акемијата и на истакнати научни и културни работници [97].

[95] Уредба за укинување на државниот филмски архив на народна Република Македонија Службен весник на Народна република Македонија, бр 5 од 6март 1953, http://www.slvesnik.com.mk/Issues/D3EE72142D524F19BD319752034D8768.pdf

[96] P. Cadell, Financing of archives, Arh. vjesn., god. 42(1999), str. 93-102 , file:///C:/Users/flazarova/Downloads/AV_1999_07%20(1).pdf

[97] Закон за македонската академија на науки те и уметностите ,Пречистен текст, Член 113 (стручни единици во состав на Академијата на науките) Службен весник на Социјалистичка Република Македонија, бр 30, од 19 август 1978 , http://www.slvesnik.com.mk/Issues/B59D622F5A384FA4AD7362888377C9E1.pdf

## 2.3. Организација на Државниот архив на Република Македонија по осамосталувањето на Република Македонија до денес

Архивот на Македонија како архив надлежен за имателите од републичко значење и како матичен архив ги развива сите свои функции и добива лик на современа архивска институција. Засилена е работата со имателите на архивска граѓа и тие поредовно ги извршуваат законските обврски во поглед на заштита на архивската граѓа.

Од 1991 година до денес функционираат одделенија кои влегуваат во составот на единствениот Државен архив на Република Македонија со надлежност за одредно територијално подрачје. Државниот архив во периодот 1965-2000 година функционира како Архив на Македонија, а од 2000 година го носи името Државен архив на Република Македонија.

По 1991 година Архивот врши инспекциски надзор над работата на имателите и организира сопствена инспекциска служба. Како резултат на тоа, во Архивот се примени архивски материјали на највисоките државни органи (Претседател на Р. Македонија, Собрание на Р. Македонија, Влада на Р. Македонија и други), што се создадени до 2001 година, како и материјалите на општините созадени до 1991 година [98]. Поголемиот дел од овие материјали е одбран и среден, компјутерски обработен и може брзо да се пребарува и да се користи за разни цели. Ова "македонско искуство" е високо оценувано од страна на странски архивисти. Заштитата на архивските материјали во архивските депоа и во лабораториите за микрофилм и реставрација на материјалите се одвива според светските архививистички стандарди. Во Архивот се превземени долгорочни активности за средување и обработка на архивските фондови и архивските материјали од минатото. Добар дел од нив се внесени во АОП- базите на Архивот [99] и може брзо и лесно да се пребаруваат и користат. Голема улога во унапредувањето на архивската дејност во република Македонија, освен Државниот архив, имал и Сојузот на архивските работници на Македонија. Овие две институции организирале околу 90 стручно-научни собири на архивистите. Со стручни реферати и соопштенија е настапувано на републички,

[98] Д-р Дијана Петреска и Гордана Мојсоска 60 години Државен Архив на Република Македонија 1951-2011 , Документи Годишњак Историјског Архива града Новог Сада 5/2011 ISSN 1451–7817 , UDC 930.25(497.113 стр. 13-22 , http://www.arhivns.rs/godisnjak/Godisnjak_5_2011.pdf

[99] Групи сметки по одделни позиции (АОП)Службен весник на Р. Македонија, број 174 16 декември 2011, http://www.slvesnik.com.mk/Issues/5BBB9161A24A4A46A273FE22DD4F11FF.pdf

меѓурепублички и сојузни советувања и конгреси. Организирани се голем број стручни советувања со вработените во писарниците/архивте на имателите во земјата. Најголем дел од нив се во врска со примената на нови архивски прописи, потоа се со тематско-проблемски карактер или имаат за цел размена на искуства. Така е обезбедено континуирано стручно усовршување на архивистичкиот кадар. Државниот архив денес дејствува како единствена управна организација на територијата на Република Македонија. Централниот или управен дел на Архивот ги организира и ги спроведува истражувањата на архивските материјали во земјата и во странство. Во него се гради единствената издавачка политика и интензивно се публикуваат архивски материјали. Раководењето и управувањето со архивската служба е фокусирано во рамките на централниот дел на Државниот Архив, кој ја има функцијата на архивска управа (дирекција), со единствено долгорочно и краткорочно планирање и извршување на работите и задачите. Работите се одвиваат според единствени норми и правила во архивското работење [100]. Во тој поглед, Државниот Архив има развиена интерна регулатива (правилници, критериуми, методолошки упатсва и сл. )

Организациско-функционална поставеност па Државниот архив на Република Македонија се темели на природата на работите и функциите што се стандардни и карактеристични за еден современ архив, односно :

- управување и раководење со Архивот;
- вршење инспекциски надзор и давање стручна помош во заштитата на архивската граѓа што настанува кај имателите;
- заштита на архивската граѓа во Архивот;
- средување и обработка на архивските фондови и граѓа во Архивот;
- организирање служба за информации, достапност и користење на архивската граѓа во специјализирана читална;
- истражување на архивска граѓа во земјата и странство;
- публикување на архивска граѓа и научно-информативни средства;
- презентација и популаризација на архивската граѓа;
- изградување единствен информациски систем на ДАРМ;

[100] Државен архив на Република Македонија http://www.arhiv.gov.mk

- организирање општа служба за правни, кадровски, финансиски, канцелариско-архивски и безбедносни работи.

Од основањето на Архивот па се до 1980, организирањето на сеопфатна заштита на архивската граѓа се реализирало преку:

- Одделение за евиденција и заштита на архивска граѓа со отсеците за посета на регистратурите и за работа во депоата
- Одделение за средување и обработка на архивската граѓа со отсеците за средување и обработка на архивската граѓа создадена пред ослободувањето и за средување и обработка на архивска граѓа од социјалистичкиот период
- Одделение за општи работи со директор, административна служба и служба за финансиско-материјално работење

Поради зголемениот прилив на архивска граѓа и развојот на кадровската и материјална основа, согласно Статутот од 1981 година функционираат одделенијата:

- За евиденција и заштита на архивската граѓа
- За заштита и користење архивска граѓа во Архивот (при кое функционира и микрофилмската лабораторија)
- За средување и обработка на архивска граѓа
- За класификација и систематизација на публикувани информации
- За општи работи (при кое одделение функционира и реферат за собирање и обработка на мемоарска граѓа и издавачка дејност од НОВ и Револуцијата)

Од 1991 до 2005 година функционираат истите одделенија во состав на:

- Секторот за заштита и надзор на архивската граѓа кај имателите и средување и обработка на архивска граѓа
- Секторот за заштита, информации, користење и публикување на архивската граѓа
- Општ сектор при Државниот архив на Република Македонија

Денес дејноста на Државниот архив на Република Македонија, се дефинира со Правилникот за внатрешна организација и работа. Одредбите од овој правилник се

донесени према светските стандарди (ISAD[101] и ISAAR[102] ) и према светските архивски искуства.

Со овој стандард се дефинирани следните дејности:

- Надзор на архивската граѓа надвор од ДАРМ, односно кај имателите на документаре материјал и архивска граѓа;
- Заштита на архивската граѓа кај имателите;
- Увид и стручен надзор во состојбата со документарниот материјал и архивската граѓа кај имателите;
- Давање на стручна помош во врска со канцелариското и архивското работење;
- Прием, сместување и чување на архивската граѓа;
- Средување и обработка на архивската граѓа;
- Валоризација, средување и обработка на архивските фондови и збирки;
- Издавање на архивската граѓа за средување и обработка или за користење за научни цели;
- Обезбедување на физичко - техничка и микроклиматска заштита на архивската граѓа;
- Заштита на архивска граѓа преку микрофилмување;
- Истражување и снимање на архивската граѓа во земјата и странство заради комплетирање на фондовите на ДАРМ;
- Презентација на архивската граѓа, организирање на предавања и други облици на културно образовната дејност;
- Издавање на зборници на документи, монографии, научно и информативни средства и дигитални мултимедијални презентации;
- Истражување, проектирање и реализација на апликативни софтвери од областа на работењето на ДАРМ;
- Дигитализација на архивската граѓа која се чува во ДАРМ;

---

[101] ISAD ( G) General International Standard ArchivalDescription
, International Council on Archives (ICA) http://www.icacds.org.uk/eng/ISAD(G).pdf
[102] ISAAR (CPF), International Standard Archival Authority Record For Corporate Bodies, Persons and Families, , International Council on Archives (ICA) , http://www.icacds.org.uk/eng/ISAAR(CPF)2ed.pdf

- Библиотечно работење, односно истражување, прием, чување и издавање на весници, часописи и книги и нивна заштита преку реставрација и подврзување;

Државниот архив на Република Македонија сопствената организациско-функционална поставеност ја црпи според природата на работите и функциите што се стандардни и карактеристични за еден современ архив. Такви се следните функции:

- Управување и раководење со Архивот;
- Вршење инспекциски надзор и давање стручна помош во заштитата на архивската граѓа што настанува кај имателите;
- Заштита на архивската граѓа во Архивот;
- Средување и обработка на архивските фондови и граѓа во Архивот;
- Организирање служба за информации, достапност и користење на архивската граѓа во специјализирана читална;
- Истражување на архивска граѓа во земјата и странство;
- Публикување на архивска граѓа и научно-информативни средства;
- Презентација и популаризација на архивската граѓа;
- Изградување единствен информациски систем на ДАРМ;
- Организирање општа служба за правни, кадровски, финансиски, канцелариско-архивски и безбедносни работи;

Организациската поставеност на Државниот архив на Република Македонија произлегува од групирањето на гореспоменатите функции и дејности според својата функционална сродност и поврзаност.

Државниот Архив на Република Македонија остварува интензивна истражувачка дејност во земјата и во странство. Денес Архивот има потпишано договори и развва билатерална соработка цо националните архиви од над 20 земји. Државниот архив има обемна издавачка продукција на едиции и зборници на документи што се од значење за историјата на македонскиот народ и Македонија. Архивот гради сопствен единствен информациски систем. Во тек е престројувањето на Државниот архив во согласност со крупните промени предизвикани од елетронското окружување и дигитализацијата на архивското наследво. Државниот архив на РМ е член на Меѓународниот архивски совет и

развива соработка со голем број архивски служби на Балканот, во Европа и во светот [103]. Раководството на Архивот и вработените разменуваат искуства со архивите ширум светот, посебно во однос на дигитализацијата.

По повод 60 годишнината од постоењето на Државниот архив на Република Македонија и во рамките на активностите за одбележување на 20 годишнината од Македонската независност, Претседателот на Република Македонија д-р Ѓорге Иванов го одликуваше Државниот архив на Република Македонија со „Орден за заслуги за Македонија''. Државниот архив на Република Македонија го доби ова високо одликување за исклучителните резултати во долгогодишното вршење на својата дејност за зачувување и заштита на архивската граѓа, а со тоа и документирање на минатото како сведоштво за историјата на Република Македонија и нејзина афирмација во светот.

На церемонијата на доделувањето на ова високо државно признание претседателот на Собранието г-ин Вељаноски, на 01. Апрлил 2013 година, меѓу другото изјави:

.......... Имајќи ја предвид бурната историја на македонскиот народ, почнувајќи од византискиот период, преку времето на Отоманската империја, балканските војни, Првата и Втората светска војна, многу архивски материјали, едноставно, се присвоени од други држави, од нашите непосредни соседи, па до Франција, Турција, Австрија, Велика Британија и така натаму. Благодарејќи, пред сè, на истражувачка дејност на Државниот архив на Република Македонија, голем дел од таа граѓа е истражена " [104]. Секако тука е и процесот на правното наследство на некогашна СФРЈ, при што токму архивските материјали имаат посебно место.

Во Државниот архив денеска се архивирани и документи од почетокот на осамостојувањето на Република Македонија, како на пример Декларацијата за сувереност на Република Македонија донесена на 25 јануари 1991 година и многу други. Ова се само неколку факти кои потврдуваат дека Државниот архив на Република Македонија е еден од столбовите на државотворноста и самобитноста на македонскиот народ. "......

---

[103] Средба со директорот на Државниот архив и на Македонската радио- телевизија , 13 февруари 2013 , http://www.president.gov.mk/mk/2011-06-17-09-55-07/2011-09-03-11-41-54/1902.html

[104]Обраќање на претседателот Вељаноски на одбележувањето на 60 години од основањето на Државниот архив на Република Македонија , 1 април 2001 , http://www.sobranie.mk/2011-7ad0f830-3d03-43eb-867f-6036f18aad7f-ns_article-obrakjanje-veljanoski-na-odbelezuvanjeto-na-60-godini-od-osnovanjeto-na-drzavniot-arhiv-na-rm.nspx

Заблагодарувајќи се за признанието, Зоран Тодоровски, директорот на Државниот архив смета дека македонскиот, како и сите останати архиви се чувари на историското паметење, но и врска меѓу минатото, сегашноста и идинината. ..... „ Историската граѓа што се чува во Архивот е изворно сведоштво за нашето постоење за опстојувањето на нашиот национален идентитет, за борбата на нашиот народ за самостојна држава“.

Државниот Архив на РМ издаде Монографии, зборници, прикажува историски изложби [105], излегува во пресрет на граѓаните [106] согласно легислативата, ги отвара вратите за научно -истражувачка дејност.

Раководството на Архивот и вработените разменуваат искуства со архивите ширум светот, посебно во однос на дигитализацијата [107] . За значењето на материјалите кои се собираат и чуваат во архивите, најдобро сведочи цитатот по повод објавувањето на уште четири тома од оставштината на Павел Шатев : „Доколку не би постоеле големите луѓе и настани во историјата на Македонија, би се изгуби можноста за наше препознавање меѓу нациите, а без нивните подвизи, дела и херојства, би биле празни историјата и културата на нашиот народ. “.

Во рамките на меѓународната соработка и со цел да се дополнат архивските фондови со кои располага Државниот архив на Република Македонија, се остварува истражувачка дејност за пронаоѓање, евидентирање и копирање на документите што се од значење за историјата на македонскиот народ и Македонија, а кои се наоѓаат во приватна сопственост кај имателите во Република Македонија или се чуваат во странските архиви.

За таа цел Државниот архив на Република Македонија од осамостојувањето во 1991 година и со нејзиното прифаќање како рамноправен член на меѓународната заедница па се до денес има склучено повеќе договори за соработка со архивски институции во странство.

Овие Договори овозможуваат размена на архивски стручни лица, со цел размена на искуства за организацијата на работата на архивите (заштита, обработка и користење на архивската граѓа, микрофилмување, конзервација, реставрација, дигитализација и сл. ),

[105] Монографија 55 год архив http://www. arhiv.gov.mk/materijali/monografija. pdf
[106] Република Македонија, Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер http://www.komspi.mk/?p=613
[107] Меѓународна соработка и истражување , ДАРМ, http://www.arhiv.gov.mk

реализирање на истражувања и размена на копии на архивска граѓа, разменување на публикации (зборници на документи и стручна и научна литература), организирање на стручни и научни советувања и архивски изложби, издавање на заеднички или поединечни зборници на документи за историските односи меѓу договорните страни и слично. Државниот архив на РМ има потпишани меѓународни договори на државниот архив со државни архивски институции во странство : Република Српска, ИКАРУС (ICARUS - International Center for Archival Research/ Меѓународен центар за архивско истражување), Косово, Република Србија, Босна и Херцеговина, Шведска, Франција, Црна Гора, Австрија, Полска, Италија, Хрватска, Меморијален музеј на холокаустот од Вашингтон – САД, Словенија, Русија, Унгарија, Бугарија, Меѓународен архивски совет – МАС, Романија, Албанија и Турција.

Исто така потпишан е Договорот за прашањата за сукцесија на поранешна СФРЈ, потпишан во Виена на 29 јуни 2001 година, стапи во сила на 2 јуни 2004 година, после неговата ратификација од страна на сите држави сукцесори.

Составен дел на Договорот е и Анексот Д коишто го регулира прашањето за сукцесија на архивската граѓа.

Во земјава истражувањето се изведува со ангажирање на архивисти од Државниот архив. Со имателите на архивска граѓа се води преписка, се остваруваат лични контакти и се договараат условите под кои може да му се предаде архивската граѓа на Државниот архив.

Во септември 1992 година во Монтреал - Канада Државниот архив на Република Македонија е примен во Меѓународниот архивски совет (International Council on Archives - ICA), како член од А категорија. Во Меѓународниот архивски совет членуваат повеќе од 1400 институции од околу 190 земји од цел свет. Меѓународниот архивски совет соработува со УНЕСКО и со други сродни меѓународни организации и реализира архивистички проекти спонзорирани од Советот на Европа и Европската Унија;

На 6 декември 2010 година Државниот архив на Република Македонија стана член на ICARUS(International Centre for Archival Research - Меѓународен центар за архивско

истражување), соседиште во Виена, Австрија. ICARUS[108] е заедничка платформа на Централноевропските архивски институци која што овозможува взаемна поддршка за технички прашања и има повеќе од 100 членки.

Публикувањето архивска граѓа и научно-информативни средства претставува важна функција на Државниот архив на Република Македонија. Објавувањето документи е логичен завршеток на претходниот архивистички труд во Архивот. Со тоа на документите им се овозможува да заживеат еден нов живот и да ги ползува широк круг корисници. Врз основа на публикуваните документи се подготвуваат историографски и други трудови со поголема фактографска и историска вредност. На тој начин архивската граѓа подобро се заштитува (се користат изданијата, а не оригиналата граѓа).

Државниот архив на Република Македонија подолго време се ориентирал кон објавување архивска граѓа што е од значење за историјата на македонскиот народ и Македонија и за таа цел презел обемни архивски истражувања во странство. Со тоа се настојува да се докомплетираат фондовските празнини. Публикуваните документи фрлаат дополнителна светлина за некои теми, настани и личности што се од значење за македонската историја.

Во Државниот архив на Република Македонија претежно се издаваат публикации „за поширок круг научни работници и истражувачи, со цел да се задоволат потребите од верна репродукција на оригиналот, но и за јасност и разбирливост на текстот". Тоа се критериуми што се сметаат за општоприфатени во светот.

Зборниците на документи се издаваат во превод на македонски јазик (ако се пишувани на странски јазици) или со транскрипција или факсимили, и со кратка содржина на документот (регест), прикажани според хронолошкиот принцип, со соодветен научен апарат (фусноти и сл. ) и со индекси за личните и географските имиња. Во научната апаратура се објаснуваат поимите и термините, се разјаснуваат спорните места итн.

Преведените документи се публикуваат на македонски литературен јазик и со современа интерпункција. Таму каде што документите се објавуваат во транскрипција, се задржуваат правописните карактеристики и интерпункцијата на оригиналот. Во сите

[108] Caroline Maximoff, Mrs., ICARUS - International Centre for Archival Research – Cultural,Projects and Activities on a European Level, ATLANTI • 21 • 2011, http://www.iias-trieste-maribor.eu/fileadmin/atti/2011/Maximoff.pdf

зборници на документи воведот и регестите се преведуваат на еден од светските јазици. Покрај овие општи правила, секоја едиција има и некои свои специфичности.

Со издавање на документи Државниот архив започнал уште во 1963 година. Врз публикувањето документи се ангажираат надворешни научни работници и архивисти од Архивот.

Како резултат на интензивната и континуирана издавачка дејност, Архивот издаде повеќе едиции и одделни изданија што се содржани во Каталогот на публикации на Државниот архив на Р Македонија

## ГЛАВА ТРЕТА

## 3.ЗАКОНОДАВНО РЕГУЛИРАЊЕ НА РАБОТАТА НА АРХИВИТЕ

Архивите се активни во иницирањето на донесувањето на легислативата, многу значајна за уредувањето на мивното работење. Архивското законодавство треба да им обезбеди на националните архиви исполнување на нивната мисија [109] и главните функции при стекнувањето и чувањето[110] на документираното наследсво кое му припаѓа на општеството. Тоа значи дека архивското законодавство треба да им обезбеди на националните архиви широка функција која ќе овозможи архивите да играат клучна улога во управувањето со материјалите за време на нивниот животен циклус [111]. При планирањето на развојот на архивите а со тоа последователно и на архивското законодавсво во однос на управувањето со архивските активности, треба да се имплементираат правила и соодветна евиденција што истовремено ги става државните архиви во функција на национална администрација за евиденција со надлежност врз материјалите кои ги чува. Генерално, без оглед како државните архиви се структуирани, тие мора да имаат клучна улога врз целокупното управување со податоците и информациите на јавната администрација. Мисијата на архивот треба да е во согласност со законот пропишаните функции на архивот, без оглед на мандатот, при што премногу детално набројување на специфичните функции и одговорности може да го ограничи развитокот на архивите.

Законите се носат од страна на законодавната власт со цел да регулираат, обврзат, санкционираат или ограничат врз база на правни принципи, претходно концепирани потреби или барања од одредени области, а со цел да се заштити безбедноста на јавноста [112]. Со други зборови, со законите се воспоставува право, при што можат да се донесат нови закони, веќе постоечките да се изменуваат, дополнуваат

---

[109] Која е визијата / мисијата на Државен архив на РМ, Граѓански дневник на Државен архив на РМ, uslugi.gov.mk http://www.uslugi.gov.mk/grdnevnik.aspx?OrganID=CCA526ECA2434A14B6FD16936B2B0491

[110] Preserving records , International Council of Archives, International Records Management Trust, стр.1 , http://www.irmt.org/documents/educ_training/public_sector_rec/IRMT_preserve_recs.pdf

[111] Records life circle , http://en.wikipedia.org/wiki/Records_life-cycle

[112] Event toolkit , What is legislation? http://www.londoneventstoolkit.co.uk/legislation/what-is-legislation/

или ставаат вон сила . Законите имаат највисоко хиерархиско ниво во Статутоот на една држава [113]. Сите одговорни влади треба да ги документираат своите политики, одлуки, активности, давањето на услуги и оценка на резултатите, со цел да се одржи ефикасното работење, да се заштитат правата и обврските и да се обезбеди транспарентност и отчетност. На кратко, дефинирањето на потребата од донесувањето на архивски закони е неопходно за да се обезбеди добро владеење [114].

Во современи држави должност на владата е да се обезбеди соодветно создавање, управување, заштита и зачувување на јавни записи. За да се постигнат овие цели, современите држави, речиси без исклучок, имаат донесено закон за архиви [115]. Законот за архиви е критичен предуслов за ефикасно управување со документите во архивите. Законите ја воспоставуваат регулаторната рамка во која може да се создаде соодветна евиденција во рамките на архивските системи а власта обезбедува потребни финансиски средства за нивно спроведување. Одговорна влада донесува закони за архиви со цел да се :

1. осигура дека јавните службеници водат евиденција која точно и целосно документира владини одлуки и активности со запазување на транспарентноста и отчетноста
2. постигне ефикасност и економичност во управувањето со државните документи, што го олеснува спроведувањето на владините функции
3. обезбеди дека материјалите се идентификуваат и се заштитуваат материјалите со трајна вредност како витални средства и заедничко наследство на општеството
4. осигура дека е обезбеден пристап на јавноста како законското право а не само како привилегија

---

[113] Statutory Law , http://en.wikipedia.org/wiki/Statutory_law

[114] Legislation and Regulation , A.National Archives , http://www.nationalarchives.gov.uk/information-management/legislation/

[115] Elaine Goh and Luciana Duranti , Archival Legislation for Engendering Trust in an Increasingly Networked Digital Environment http://ica2012.ica.org/files/pdf/Full%20papers%20upload/ica12Final00287.pdf

Според Miranda [116], архивските закони треба да вклучуваат можност на обезбедување правна рамка да се предвидат идни настани и ситуации, во контекст на управувањето со материјалите кои се чуваат во архивите. Сепак, во реалноста, за обезбедувае на овие атрибути во законот за архивите се вели дека истото е " повеќе од комплексно за да може да се рализира ".

Од правната литература е познато дека законот е реактивен во врска со промените во однос на технолошките достигнувања [117]. За жал, системот на закони, не реагира доволно брзо за да она што стана речиси секој дневно во информатичко-технолошките достигнувања и брзите промени кои ги следат, синхронизирано да се имплементираат [118]. Од друга страна, голем ризик е и кога законот премногу се потпира врз минатото [119]. Овој ризик се појавува секој пат кога технолошките промени радикално го трансформираат општеството. Слично на тоа, во архивски литература, постои сознание дека архивското законодавство има тенденција да заостанува зад технолошкиот развој.

Направено е истражување од страна на Меѓународниот совет за архиви [120], при што Комитетот за електронска евиденција забележува дека " законите што регулираат многу аспекти на информации од нивното создавање, управување, користење и чување не се во чекор со брзите промени во технологијата и соодветно на тоа и на архивското законодавство " [121] Потребно е да се испита какви бариери во законодавството постојат во однос на работењето со електронска евиденција, посебно во однос на фактот што се инволвирани повеќе страни со различни и многубројни надлежности. Неопходно е исто така а се дефинира како поимот „животен циклус" ќе биде управуван во е-системите, за

[116] Elaine Goh, Strengthening the Regulatory Framework in a Digital Environment, A Review of Archives Legislation, http://www.unesco.org/new/fileadmin/MULTIMEDIA/HQ/CI/CI/pdf/mow/VC_Goh_27_C_1430.pdf

[117] Peter C. Mazikana, Archives and records management for decision makers: a RAMP study, http://www.unesco.org/webworld/ramp/html/r9008e/r9008e00.htm

[118] Business Software Alliance. (2012). BSA Global Cloud Computing Scorecard - A Blueprint for Economic Opportunity. Retrieved July, 20, 2012, from http://cloudscorecard.bsa.org/2012/assets/PDFs/BSA_GlobalCloudScorecard.pdf

[119] Committee on Archival Legal Matters , ICA/CLM 1996-2004, file:///C:/Users/flazarova/Downloads/ICA_Study-19-Committee-on-Archival-Legal-Matters-1996-2004_EN.pdf

[120] Archives Legislation Study Report, Jim Suderman, Fiorella Foscarini and Erin Coulter 2 September 20, http://www.interpares.org/display_file.cfm?doc=ip2(policy)archival_legislation_study_report.pdf

[121] Luciana Duranti and Randy Preston , International Research on Permanent Authentic Records in Electronic Systems (InterPARES) 2: Experiential, Interactive and Dynamic Records, http://www.hki.uni-koeln.de/sites/all/files/courses/8076/ip2_book_complete.pdf

да биде соодветно регулиран и со законски акти. Треба да се процени законодавството на повеќе нивоа, односно над –и под - националната регулатива која се однесува за зачувување на електронската евиденција.

За жал, во некои земји, постои намерно мешање во процесот на официјалната евиденцијата. Институциите на власта и нејзините службеници и владини агенции постојат за јавноста, да им служат на интересите на јавноста. Овој принцип носи свои последици. Тоа значи дека постојат стандарди на однесување кои треба да се очекуваат од јавните службеници. Оваа дефиниција претставува идеална рамка, но бидејќи се работи за луѓе кои може да погрешат или нецелосно да ги исполнат своите задачи, се оправдува наметнувањето на заштитни механизми против злоупотребата и злоупотреба на службената должност и положба. Создавањето на евиденција, чувањето и исполнувањето на архивстички практики се прашања по кои министерствата и агенциите носат посебна одговорност.

Но целокупната одговорност за евиденцијата не може да биде оставена на овие функционери. Според архивските истражувања во некои земји, треба на посебно тело кое ќе има овластување за тоа, да се довери општ надзор над јавните записи [122], Искуствата низ историјата на повеќе земји од оваа област покажуваат дека оваа витална одговорност треба да се даде на посебни и независни архивски органи кои ќе постапуваат [123] според своето законодавство.

Архивските истражувачи, исто така ги критикуваат архивските акти во нивните земји, како неефективни. Архивските акти се опишани како "слаби ", " застарени ", " стари и неконзистентни " [124]. Архивските институции се услужни организации чие постоење произлегува од потребата да се грижат постојните и генерираните материјали, согласно дефинираните акти. Овие акти и уредби треба да ги дефинираат правата на

---

[122] Review Commission , Report on Freedom of Information http://www.parliament.qld.gov.au/documents/TableOffice/TabledPapers/1991/4691T2498.pdf

[123] Anita Sweet , Preserving the Public Record: Review of Archives Legislation in Queensland, Research Bulletin no 2/96 m http://www.parliament.qld.gov.au/documents/explore/ResearchPublications/researchBulletins/rb0296as.pdf

[124] Guidelines on Disaster Prevention and Control in Archives, Committee on Disaster Prevention, December 1997, International Council on archives, (ICA) file:///C:/Documents%20and%20Settings/vortrix/My%20Documents/Downloads/ICA_Study-11-Disaster-prevention-and-control-in-archives_EN%20(1).pdf

архивските институции,  потребни да ги извршува своите функции. Работата на архивските институции е нужно утврдена од страна на власта.

Законодавтсвото треба да ги дефинира овластувањата на архивите  во однос на оспособеноста за вршење увид во архвираните материјали,  надзор над правилното чување на материјалите,  трансферот на материјалите од органите кои ги создаваат до архивската институција,  правата на пристап кон материјалите во архивите.

Со цел на ефикасно функционирање на  архивските институции им се неопходни закони.  Во најмала рака,  на архивистите треба да им се даде право и можност да ги прегледаат материјалите додека се уште во раце на создавачот. На архивите исто така треба да им се даде право и способност каде што е потребно да наложат префрлање на материјалите во архивите, како што им одговара,  од архивата на институцијата која ги создава. Ова право е неопходно поради фактот да не дојде до запоставување на одрдени материјали и нивната евиденција,  односно тамо каде што истите можат да бидат во опасност,  дури и кога истото е спротивно на желбите на оние кои би сакале да ги задржат подалеку од државните архиви - во нивните одделенија и министерства.  Направена е анкета на некои архиви ширум светот и во одговорите добиени 41 институции, кажано е дека тие имаат моќ да принудат трансфер наспроти дваесет и четири кои  ја немаат оваа моќ. [125]

Уништувањето на записи треба да се контролира од страна на архивска институција. Ова е неопходно за да се обезбеди дека записи со архивска вредност нема да се отстранат  пред да се применат соодветни процеси на проценка. Од студијата направена од страна на архивистите [126] на легислативата во архивистиката,  треба да се напомене дека педесет и осум институции го контролираат уништување назаписите, додека само девет немаат контрола врз уништувањето.

Законодавството, исто така, мора да обезбеди механизми за спречување на изнесувањето надвор од земјата на архивските материјали.  Ова е особено релевантно за земјите во развој или во поранешните колонијални територии каде што се случиле значителни загуби на значајни архивски материјали.

---

[125] Create and manage Data , Ethical/Legal http://www.data-archive.ac.uk/create-manage/consent-ethics/legal?index=1

[126] Create and Manage data, Freedom of Information, http://www.data-archive.ac.uk/create-manage/consent-ethics/legal?index=3

Бидејќи законодавство ја определува оспособеноста на архивските институции да ги извршуваат своите должности правилно, адекватноста на донесените закони за архивската дејност на архивските институции е многу важна. Добро е да се напомене дека поголемиот број од архивските институции сметаат дека имаат соодветни законски акти. Четириесет и пет земји сметаат дека нивните закони доволно добро ја покриваат оваа област, додека дваесет и шест претстаници на земји сметаат дека нивно законодавство треба да се промени и надгради [127].

Законската регулатива според која архивската институција работи, мора да ги задоволи потребите на таа институција во дадениот момент. Од тука, евидентна е потребата за постојано прилагодување на законодавството. Додека деветнаесет институции работеа под закон усвоен во периодот помеѓу 1980 и 1989 година исто така беше јасно дека многу други институции работат според законите кои се донесени пред долго време .

При исполнувањето на барањето за дигитализација на архивите[128] а со тоа донесување на соодветна легислатива, Владите од целиот свет се судрија со иницијативи за набавка на информатичката технологија. Од аспект на информатичката технологија (ИТ ), истото не е нова технологија, но е нова форма на испорака на услуги и нов модел [129]. Во тој контекст, во Велика Британија, се создаде нов модел на услуги, познат како Г-Облак (Cloud Computing ) програм, кој беше поддржан од страна на одделот за култура, медиуми и спорт. Се доби поголема ефективност, флексибилност и се исполнија повисоки нивоа и стандардизација и споделување на ИТ услуги во одделенијата. Сепак, постојат ризици кои се вклучени во распоредувањето, имплементација и користење на Г-Облак програмата. Еден значаен ризик е недостаток на стандарди кај оваа програма, односно често се користат различни, понекогаш комерцијални интерфејси и програмски јазици, што создаде тешкотии во смисла на миграција на податоци ширум системи и пристапот до нив со текот на времето. Исто така, постојат повеќе инволвирани страни кои се вклучени во чување на записите и испорака на услуги, што има импликации врз

[127] Proposals to change the current legislative provision for records management and archives , A. Nacional Archives, http://www.nationalarchives.gov.uk/documents/policy-consultation.pdf

[128] Dijana Petreska, Archives in the Contemporary Information Society , Tehnični in vsebinski problemi klasičnega in elektronskega arhiviranja, Radenci 2012,731.09 Objavljeni strokovni prispevek na konferenci , http://www.pokarh-mb.si/uploaded/datoteke/Radenci/Radenci2012/08_Petreska_2012.pdf

[129] Nicole Convery, Guidance for outsourcing information storage to the cloud , Archives and Records Association, UK & Ireland http://www.archives.org.uk/images/documents/Cloud_Computing_Toolkit-2.pdf

приватноста на податоците и при континуиран и безбеден пристап до информации. Од правна гледна точка, најголемиот ризик е тоа што записите се поинакви од тие што се создадени и при користењето како такви може да се во конфликт со законодавството и прописите на земјата. Во предлог законот од 2002 година [130], Националниот Институт за Стандарди и Технологија го дефинира “cloud computing“ како "модел за овозможување на присутност секаде и секогаш, едноставен при барање мрежен пристап до една заедничка база на податоци кои ги конфигурираат компјутерските ресурси (на пример: мрежи, сервери, складирање, примена и услуги) кои можат да бидат брзо дефинирани, пропишани и објавени со цел за управување со податоците при минимален напор на корисникот на услугата и контролирана интеракција ".

Со цел да се ублажат некои од овие предизвици, некои земји извршиле ажурирање на нивните закони поврзани со приватноста, заштитата на податоци и интелектуална сопственост. Во исто време, неколку национални архиви, вклучувајќи ги и оние на Австралија и Соединетите Американски Држави, имаат издадено политики и насоки за подизведувачи (Outsourcing ) [131] на дигитални податоци и како да управуваат со податоци во облак компјутерска околина. Сепак, овие политики и насоки треба да бидат поддржани од страна на силно архивско законодавство, бидејќи оваа легислатива е највисоката форма на јавната политика. Така, постои итна потреба да се ажурира архивски законодавство и да се воспостави законска рамка за решавање на прашањата кои се однесуваат на соодветна создавање, одржување и зачувување на доверливи дигитални записи.

Постоењето на правна рамка за архивите е клучно во однос на развитокот на архивското дело, исклучитено значајно за една земја.

Развојниот пат на архивското законодавтво во Македонија, било во непосредна врска со историјата на македонскиот народ. Донесувањето на архивското законодавство било во тесна врска со архивското дело.

---

[130] Peter MellTimothy Grance The National Institut of Standard and Technology , Definition of Cloud Computing http://csrc.nist.gov/publications/nistpubs/800-145/SP800-145.pdf

[131] Digital outsourcing, http://en.wikipedia.org/wiki/Outsourcing#Digital_outsourcing

## 3.1. Архивско законодавство во рамките на СФР Југославија

Со создавањето на Кралсвото Југославија, во кое Македонија била Вардарска Бановина, воочена е потребата за донесување на закон со кој би се регулирала заштитата на архивската граѓа. Меѓу двете војни во Југославија, освен Законот за архвите на министерствата за надворешни работи и дипломатско конзуларните застапништва на Кралството Југославија во странство од 1930 година, непостоеше закон со кој се регулира заштитата на архивската граѓа. Така, Југославија во овој период останала без изграден правен систем за заштита на архивската граѓа воопшто, па и за граѓата која настала како резултат од работењето на централните, политичките и другите органи на Калството Југославија [132].

Во текот на Втората светска војна, при една ваква состојба во однос на архивското работење, окупаторот од зградата на Државниот архив ја исфрлил скоро целата архивска граѓа. Исто така за време на бомбардирањето се уништени многу архиви. Сепак, државните архиви, барем во почетокот, не можеле да стигнат секаде а немале ниту простор ниту стручен кадар, ниту пак материјални средства за да пристапат кон некоја систематска работа во обезбедување на архивски материјал.

Веќе 1954 година почнуваат расправи дека Оптшиот закон за државните архиви е застарен, бидејќи не ги решава битните прашања за архивистичката служба, како што се односите меѓу архивите и регистратурите, прашањето на општи задачи, формирање и карактер на архивските установи, прашањето на финансирање и нивното управување, како и прашањата на дефинирано со архивската граѓа и нивната заштита. Укажувано е [133] на недосттиг на законски прописи, поради недоволни регулирање на работата на регистратурите (место на настанување на архивскиот материјал) [134].

---

[132] Бошко Ракић , Развој архивског законодавства у Србији, стр. 149,
U SRBIJI, DC=340.134:930.25(497.11)(091) , ID=153340428, http://media.nmkv.rs/2011/11/10-Bosko-Rakic.pdf

[133] Tehnični in vsebinski problemi klasičnega in elektronskega arhiviranja,Zbornik mednarodne conference , PAM , Maribor 2013
http://www.pokarh-mb.si/uploaded/datoteke/Radenci/Radenci2013/Celota_2013.pdf

[134] Radenko R. Radojčić, Društvena samozaštita u arhivu ,str.1. Pregledn i Člana k
U D K 930.25:351.759.5 ,
file:///C:/Documents%20and%20Settings/vortrix/My%20Documents/Downloads/1229_4884_1_CE.PDF

Укажувано е на недостатокот на законски прописи, поради недоволно регулирање на работењето на работата на регистратурите, односно на она место каде настанува, се чува и се средува се она од кое со подоцнежно одбирање настанува архивска граѓа. Проблемот требало да се реши со средсвата и методите на власта [135] а ниту пак архивските установи можеле а го решаваат ова прашање врз основа на делумни законски овластувања, туку биле потребни законски прописи за работата на регистратурите. Треба да се напомене дека архивите покажувале различна активност према проблемот на заштитата на архивскиот материјал во регистратурите –некои биле пасивни, други биле делумно заинтересирани, а трети ги користеле сите законски можности да го остварат своето право на надзор и воглавном имале успех[136]. Кога се во прашање архивските установи во тој период, посебно до израз доаѓаат две спротивставени сваќања- едно кое доаѓа од потребата на се поголема централизација на архивската граѓа во што помал број архивски установи а друго сваќање било да се создаваат општи архиви во сите значајни стопански и културни центри со надлежност над одредена територија. Настојувањата да се озакони положбата на постоечките и да се овозможи создавањето на нови посебни архиви тамо, каде што има за нив потреба. Со ова се отвара опфаќањето на прашањето што опфаќа архивската служба. Се појави мислење под архивска служба да биде опфатен само надзорот над граѓата надвор од архивската установа, обезбедување на таквата граѓа, надзор над примопредавањето и откривање на нова граѓа. Принцип кој во тој период се устали во архивистиката е тој да архивските установи го обавуваат целото стручно и научно работење со материјалите кои се наоѓаат кај нив и вршат надзор надвор од архивските установи, прихватајќи ја таа граѓа и барајќи да во смисол на постоечките законски прописи се превземат сите мерки за заштита на таа граѓа. Во нераскинлива врска со претходните прашања се прашањата на управната функција, односно надлежности архивских установа. Распространет е во тоа време ставот дека не треба кај нас да има

---

[135] Бошко Ракић, историски архив Краљево, Развој архивског законодавства у Србији, TI=Razvoj arhivskog zakonodavstva u Srbiji, DC=340. 134:930. 25(497. 11)(091), ID=153340428 ,стр.152 , http://media.nmkv.rs/2011/11/10-Bosko-Rakic.pdf

[136] Видосава Ераковић УДК937.251"1945/1952"(091) Однос југословенске државе према архивама 1945–1952 file:///C:/Documents%20and%20Settings/vortrix/My%20Documents/Downloads/aj_cas_2013_06_txt%20(1).pdf

повисоки и пониски архивски установи, така да вишите управуваат со нижите. Надзор над граѓата која се наоѓа надвор од архивските установи не треба да се претвори во управување со регистратурите и тој надзор не треба да се сведе само на архивските установи, туку е потребно е да постојат законски прописи, правосудни органи, кои даваат гаранција дека граѓата ќе биде заштитена, дека наодите од контролите ќе бидат испоштувани а грешките исправени. Во врска со тоа а поучени со лошо искуство дека поради немарност и несфаќање на значењето, многу архивска граѓа се уништи. Биле се поприсутни заложбите да во новиот закон се внесат најоштри казнени одредби –кривични и прекршочни, бидејќи кривичниот законик не навлегувал во материјата и заштитата на архивската граѓа. Се поприсутни биле дискусиите дали се архивите научни, стручни или управни установи,. И покрај непознавањето или неправилното сваќање на архивите, полека се воспоставувало сваќањето дека историските архиви не се само административни институции и да во архивите се повеќе во прв план доаѓаат научни цели, кој можат да се остварат само со нови научни методи. На архивите се повеќе се гледало како специфични културни установи со комплексен карактер во кои освен основната стручна архивистичка работа за отребата на општествените науки, се развива и научна, културно-просветна и управно административна дејност .

Кон крајот на 1955 год. на сите им станало јасно дека нема поефикасна заштита на архивската граѓа и покрај промените во архивите, доколку не се променат регистратурите и не се решат практични прашања во регистратурите Како последица од несоодветната состојба со регистратурите, некаде доаѓало и до уништување на архивската граѓа. Покрај евидентирањето на недостатоците во адекватноста на просторот, нестручните кадри за водење на администрацијата, несистематско и нестручно шкартирање на безвредни архивски документи, непостоење на упатсва за еднообразно водење на администрацијата и архивирање награѓата, неодговорно однесување на ликвидационите комисии на укинати установи и стопански субјекти во поглед на натамошно чување на архивските документи, големиот процент на несредени архивски документи во регистратурите и сл. Републичките закони не ги повторија само прописите на сојузниот закон туку во некои точки ги дополнија со многу битни прописи [137]. во некој членови го дополнуваа, со

[137] Slobodanka Cvetković, Dr. Razvoj arhivske službe u Srbiji u drugoj polovini 20 , Atlanti •23 •2013 • n.1 , http://www.iias-trieste-maribor.eu/fileadmin/atti/2013/Cvetkovic.pdf

помал или поголема можност на факултативност во однос на можноста на создавање на општа мрежа на локални архиви и нантој начин го забрзале развојот на архивите . Правецот на равој на создавање на прилично густа и целосна мрежа на самостојни архиви за територијални единици во рамки на републиките бил посебно снажен во 1952 година,, кога се донесени прописи за чување на архивскиот материјал. Упатсвото за собирање, чување и повремено шкартирање на архивскиот материјал е донесено врз база на одлуката за чување на архивски материјал каде се наведени гратските архиви како надлежни државни архиви за превземање на архивскиот материјал и извршување на активноста шкартирање. Тоа најдобро се гледа во одредбата за комисиите кои се обрзауваат во состав на државните архиви, и тоа при сојузните, републичките и гратските архиви, иако е формално задржана терминологијата која која под името државен архив подразбира само сојузен или републички архив. Надлежностите во однос на превземање на граѓата одредена е непосредно за сојузниот архив (сојузни надлежности и установи) и гратски архиви (локалн значење), додека на републичките архиви посредно им е доделена останата граѓа. Надлежноста на гратските архиви за превземање на граѓата и надзорот над шкартирањето е непосредна и самостална, а надзорот над чувањето на граѓата во смисол на општиот закон го задржаа сојузните и републичките архиви. Ваквото решение наводно претставувало компромис меѓу законот и општите потреби преку создавање на двојна линија на надзор, бидејќи работата на посебните комисии за шкартирање во гратските архиви исто така барала одредени форми на надзор [138].

Придржувајќи се кон основните одредби на законот, ова упатсво од 1952 година, значи само 2 години по законот, сепак донекаде дополнува и внесува нови елементи во сваќањата за положбата на локалните архиви. Во врска со упатсвото од 1952 година, постоеле предлози гратските архиви да собираат граѓа и водат стручен надзор над сите регистратури кои се наоѓаат на нивното подрачје. Се јавува мисла дека гратските архиви треба, по правило да бидат надлежни за сите стопански архиви. да архивската мрежа на локалните архиви ја опфати целата република, надлежноста на централните

– прокламовано и стварно –архиви треба да се ограничи на централните установи, а на гратските архиви да им одреди надежност за сета останата граѓа. Во склоп на општите

[138] Бошко Ракић, Развој архивског законодавства у Србији стр. 152,153, http://media.nmkv.rs/2011/11/10-Bosko-Rakic.pdf

тенденции на децентрализација, тогаш присутна во општеството, многу архивски работници се заложуваат за децентрализација до можната разумна мерка и се наведуваат аргументи против централистичката архивска служба. Покрај другото се наведуваат аргументите дека архивската служба не може да биде имуна на политичко-управните, политичко-административната, политичко-територијалната промена, како и на економскиот и општествениот развиток. Положбата која треба да ја достигнат архивите е обележана со програмска дефиниција да архивите бидат самостални и рамноправни културни, стручно-научни установи, засновани на принципот на општественото управување и меѓусебно поврзани само со доброволно консултирање и соработка, односно на еднакви принци на организација., законските прописи и начелата на архивистичката дејност. Суштината на положбата на архивите во тоа време може да се сведе на заложба за самосталност и рамноправност [139] .

Во пракса, дејноста на гратските архиви во Македонија се шири и не го опфаќа само подрачјето на градот во кој архивот го има своето седиште, туку и пошироко на една повеќе околии Во овој период е многу присутна и значајна стручната координација и меѓусебните односи на архивите.

Сојузните и републичките архивски совети се формирани како советодавни стручни органи и тие немаат директни оперативни ингеренции во работата на одделните архиви. Сојузот на друштвата на архивските работници по републиките постигнале одредени резултати на подрачјето на консултирањето, обединувањето и унапредувањето на стручната работа на архивите.

По линијата на надзор и делумната помош во која према законот основната улога им припаѓа на сојузните и републичките архиви, во однос на ова прашање праксата потполно се оддалечи од законот. Правото на надзор утврдено со закон, сојузните архиви не го сватиле како право на надзор над републичките, а републичките над гратските архиви и го сметале повеќе теоретско. Поголемиот број локални архиви, без ралкика на законските прописи сметале дека над нив никој нема право на стручен надзор. Од друга страна, скоро сите локални архиви им го признавале правото на вишите територијални

---

[139] Georgi Stojčevski, Arhivistika u našoj sadašnjosti, UDK (UDC) 930.253(495.6), стр. 144, Tehnički in vsebinski problem klasičnega in elektronskega arhiviranja,9 (2010) , http://pamb.pokarh-mb.si/fileadmin/www.pokarh-mb.si/pdf_datoteke/Radenci2010/141-148_stojcevski.pdf

архиви, да донесуваат упатсва, но кога е надзор во прашање, го оспорувале. Сето тоа покажува дека во однос на прашањето на меѓусебните односи меѓу архивите нема доволно јасност и дека постои прилична разноликост и потполен недостаток на јасна линија во однос на координацијата на стручната работа на архивите. Тогаш се повеќе преовладува ставот да доколку и понатаму продолжи состојбата во која постојат различни сваќања за положбата и улогата на архивите, тоа би претсавувало голема опасност за развојот на архивската служба во целина. За да се отстрани таа опасност, потребни биле две работи : завземање на единствен став во архивистиката и донесување на нов закон. Према член 1 од Општиот закон за заштита на културните споменици сите архиви до тогаш биле непосредни носители на заштитата на архивската граѓа, во архивистиката преовладувал ставот дека заштитата на архивската граѓа во целина во сите облици треба да се остави, односно препушти на архивските установи, со тоа што заводите за заштита на спомениците на културата, како општи органи на заштита на архивска граѓа имаат право на надзор над организацијата и спроведувањето на заштитата на граѓата од страна на архивите[140].

Во 1968 и 1975 година биле донесени две упатсва со кои нормативно бил решаван проблемот со одбирањето и евидентирањето на архивската граѓа кај имателите.

Во 1973 година бил донесен Закон за архивска дејност со кој дошло до поголем развој на македонското архивско право. Со него биле опфатени основните сегменти на архивското работење, со посебно истакнување на одделните сегменти на дејноста, односно дека архивската дејност се остварува на целата територија на Социјалистичка Република Македонија, дека е од посебен општествен интерес, а архивската граѓа била достапна до јавноста со определени временски ограничувања.

---

140 М-р Станојка Тодоровска, Прирачник по заштита на архивска граѓа, Универзитет С. Кирил и Методиј-Скопје , Филозофско-историски факултат, Институт за историја, Скопје 2008

### 3.2. Архивското закондавство во самостална Република Македонија

Во 1990 [141] година по иницијатива на Државниот на архив на РМ бил донесен Закон за архивска граѓа (измент и дополнет во 1995 [142] и 2008 [143] ) а, во 2012 година донесен е Закон за архивски материјал. Со донесуваето на Законот за архивски материјал, престанува да важи Законот за архивска граѓа ( 1990, дополнувања и измени 1995 и 2008 година).

Со измените и дополнувањата на Законот за архивска граѓа (1990 година) од 1995 година , направени се повеќе интервенции во основниот закон, кој опфаќаат:

1. се дефинира чувањето и користењето на архивската граѓа како дејствие од јавен интерес
2. се изменува и дополнува членот со дефинирање на документираниот материјал како извор на архивска граѓа
3. се изменуваат зборовите „органи , организации и заедници" со „државни органи,јавни служби,јавни претпријатијатија и единиците на локална самоуправа"
4. се заменува зборот „регистратури" со иматели на документарен материјал и архивска граѓа"
5. се додава „распоредувањето на документарниот материјал според Планот за архивски знаци"
6. Се додефинирува „листата на архивска граѓа" со –„трајна вредност" и со „рокови на чување"
7. Се внесува „Начинот на работа и правилата на постапување со документарниот материјал иархивската граѓа во канцелариското и архивското работење ги уредува Владатана Република Македонија"

и други измени поврзани со државноста како „сопственост ба Република Македонија", „државни органи" ,измани во казнаните одредби и др.

---

[141] Закон за архивската граѓа Службен лист на СФРЈ, бр. 36 од 29.06.1990 година, http://www.kultura.gov.mk/documents/Zakon_za_arhivskata_gragja.pdf

[142] Закон за изменување и дополнување на законот за архивската граѓа Службен весник на РМ, бр. 36 од 27.07.1995 година , http://www.slvesnik.com.mk/Issues/2D1BF88547DC4925B06DDBD62BB49523.pdf

[143] Закон за изменување на законот за архивската граѓа Службен весник на РМ, бр. 86 од 14.07.2008 година, http://www.slvesnik.com.mk/Issues/5A93FFE79E0C8849939E971F454D8E11.pdf

Со направените измени и дополнувања (1995) , генерално се изврши „прилагодување " на веќе постоечкиот закон (1990), согласно промените поврзани со осамосталувањето на РМ.

Дополнувањата и измените кои се донесени во 2008 година опфаќаат измени во поимот при што наместо „казнени одредби " се воведува поимот „прекршочни одредби" , при што се детално дефинирани прекршночните одредби и глобата .

Паралелно, биле донесувани низа нормактивни акти, со кои се уредувала одредена проблематика од работењето на архивите , како што се:

1. Уредба за општите начела за внатрешна организација на органите на управата[144];
2. Уредба за номенклатурата на единствените називи на група на работа и работни задачи од ист вид и условите на вршење во органите на управата;[145]
3. Уредба за утврдување на критериуми за подолги рокови на користење на архивската граѓа [146];
4. Уредба за канцелариско и архивско работење, [147]
5. Уредба за посебна заштита на архивската граѓа во воена и вонредна состојба [148];
6. Уредба за описот и звањата и соодветноста на работните места со групите и звањата утврдени со законот за државни службеници,[149] ;
7. Уредба за начелата на внатрешната организација на органите на државната управа [150];

[144] Уредба за начелата за внатрешна организација на органите на државната управа 29 август 2007 http://www.ads.gov.mk/WBStorage/Files/Uredba_Vnatresna_Organizacija_07.pdf

[145] Уредба за номенклатурата на називите на работите и задачите во републичките органи на управата и условите за нивното вршење, Службен весник на РМ, Број 37, Сабота, 5 декември 1981, http://www.slvesnik.com.mk/Issues/62CCC954BF9447969FBCB3A0706BEFCC.pdf

[146] Уредба за утврдување на критериуми за подолги рокови за користење на архивската граѓа Сл. Весник на РМ 31/96; http://www.slvesnik.com.mk/Issues/BA36B759186C4DC09922BAE526DCD67B.pdf

[147] Уредба за канцелариско и архивско работење , Службен весник на РМ, бр. 1 од 03.01.2014 година http://www.arhiv.gov.mk/materijali/mk-5-1_uredba_za_kancelarisko_i_arhivsko_rabotenje.pdf

[148] Уредба за посебна заштита на архивската граѓа во воена и вонредна состојба Сл. Весник на РМ 37/98, http://www.slvesnik.com.mk/Issues/15999AC1B7FB4F14893A1674C419943D.pdf

[149]Уредба за описот на звањата и соодветноста на работните места со групите и звања утврдени со законот за државните службеници , Сл. Весник на РМ 93/2000; http://www.slvesnik.com.mk/Issues/CEB56F8FB5C849C992B21EBDC66AC9D1.pdf

[150] Уредба за начелата на внатрешна организација на органите на државната управа, Сл. Весник на РМ, бр.105 , од 03 септември 2008, http://www.slvesnik.com.mk/Issues/47CF150FDD5F514E8826B47DDBAA8F87.pdf , дополнувања и измени

8. Упатсво за начинот и постапката на одбележување на документите со подолги рокови на користење [151];

9. Упатство за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документарниот материјал во канцелариското и архивското работење[152]

10. Правилник за општи и посебни услови за користење архивска граѓа во Државниот архив на Република Македонија[153]

11. Упатство за прием, средување, обработка, заштита и користење на фотографирана архивска граѓа во Државниот архив на Република Македонија[154]

12. Правилник за систематизација на работите и задачите во Архивот на Македонија [155]

13. Правилник за посета и користење на архивска граѓа од страна на странци во Државниот архив на Република Македонија [156]

14. Одлука за изменување и дополнување на начинот на преземање на делот на член 1 од одлуката за начинот на преземање на работите од општинските органи на управата [157]

15. Упатство за постапката при користењето на архивската граѓа во Државниот архив на Република Македонија[158]

16. Упатство за валоризација, категоризација, микрофилмување, копирање и дигитализација на архивска граѓа[159]

---

„Службен весник наРепублика Македонија"бр. 105/2007 и 146/2007, http://www.slvesnik.com.mk/Issues/AD3DDAB49727444C84ED3E57F7234EF7.pdf

[151] Упатство за начинот и постапката на одбележу-вање на документите со подолги рокови на користењесл. Весник на РМ 59/98, http://www.slvesnik.com.mk/Issues/8CF67B42B34D4D159A568B04C02E3B3F.pdf

[152] Упатство за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документарниот материјал во канцелариското и архивското работење , Службен весник на РМ, бр. 99 од 02.07.2014 година http://www.arhiv.gov.mk/materijali/Upatstvo%20za%20kancelarisko%20i%20arhivsko%20rabotenje_99.2014.pdf

[153] Правилник за општи и посебни услови за користење архивска граѓа во Државниот архив на Република Македонија http://www.arhiv.gov.mk/materijali/mk-4-3-3_pravilnik_za_koristenje_ag.pdf

[154] Упатство за прием, средување, обработка, заштита и користење на фотографирана архивска граѓа во Државниот архив на Република Македонија http://www.arhiv.gov.mk/materijali/mk-4-3-7_upatstvo_za_priem,_sreduvanje_i_obrabotka_na_foto_ag.pdf

[155] Правилник за систематизациа на работни места во Државниот архив на Република Македонија , http://www.arhiv.gov.mk/materijali/mk-4-3-1_sistematizacija_na_rabotni_mesta.pdf

[156] Правилник за посета и користење на архивска граѓа од страна на странци во Државниот архив на Република Македонија http://www.arhiv.gov.mk/materijali/mk-4-3-8_pravilnik_za_prestoj_na_stranci.pdf

[157] Одлука за изменување и дополнување на начинот на преземање на делот на член 1 од одлуката за начинот на преземање на работите од општинските органи на управата Сл. весник на РМ, Бр. 43/91

[158]Упатство за постапката при користењето на архивската граѓа во Државниот архив на Република Македонија http://www.arhiv.gov.mk/materijali/mk-4-3-4_upatstvo_za-postapka_pri%20koristenje_ag.pdf

17. Правилник за валоризација, категоризација, заштитно микрофилмување, копирање и дигитализација на архивската граѓа[160]

Според актуелното архивско законодавство денес ДАРМ има статус на државен орган и дејствува како единствена управна организација. Богатата архивска граѓа која се чува во Централниот архив во Скопје и во 9 подрачни одделенија на ДАРМ ширум Републиката потекнува од различни временски периоди и од различни фондообразоветели [161].

### 3.3. Архивско законодавство во европските земји

Со проширувањето на европската унија и зголемувањето на бројот на нејзините членки, како и брзите промени во архивските практики, а посебно со развивањето на нови информатички технологии, Советот на Европската Унија на 6 мај 2003 година, усвои резолуција за архивите за земјите членки на ЕУ [162]. Резолуцијата ги постава сите претходни архивски активности на еднакво ниво. На донесувањето на резолуцијата претстојат повеќе архивски активности на европско ниво. Бројни документи и извештаи беа изготвени и групирани во поглавија како следи:

- Организација на архивскиот сектор во Европа
- Институционален, технички и профсионален аспект на пристапот во архивите
- Специфичната улога на архивистите во 21 –от век
- Мерки за превенција на настанување штета во архивите во Европа како резултат на природни и други катастрофи

[159] Упатство за валоризација, категоризација, микрофилмување, копирање и дигитализација на архивска граѓа http://www.arhiv.gov.mk/materijali/mk-4-3-6_upatstvo_za_valorizacija.pdf

[160] Правилник за валоризација, категоризација, заштитно микрофилмување, копирање и дигитализација на архивската граѓа http://www.arhiv.gov.mk/materijali/mk-4-3-5_pravilnik_za_valorizacija.pdf

[161] Дијана Петреска и Гордана Мојсоска „ 60-години Државен архив на Република Македонија, 1951-2011“, Годишњак историјског архива града Новог Сада http://www.arhivns.rs/godisnjak/Godisnjak_5_2011.pdf

[162] European Commision, Report on archives in the enlarged European Union, http://ec.europa.eu/archival-policy/docs/arch/reportarchives_en.pdf

- Зајакнување на интердисциплинарна соработка во европските земји, DLM ( Document Lifecycle Management) и развивање на DLM мрежа
- Интегрирање на други архивски активности- е-Европски акционен план
- Аудио-визуелни архиви

Во резимето на извештајот (1991 -2004) кои претходеле на резолуцијата а ги опфаќаат главните активности на архивите во Европа се опишува разновидноста на состојбата на архивите во Европа, што се должи, главно, на различни административни и историски традиции и култури што било уште поочигледно со неодамнешното проширувањето на Европската унија и адхезија на нови земји-членки. Оформената стручна групата „Experts Group ", ја нагласи потребата од координирање на претходните разлики и потребата од напори за размена на информации, експертиза и најдобра практика во областа на документирањето и архивското управување во рамките на Европската Унија. Исто така се потенцираат специфичните придонеси на архивските служби, заштитата на наследсвото и автентичните документи, обезбедувањето на континуитет на јавната администрација и е-Влада.

ЕУ и националното законодавство [163] е релевантно за управување со документите и пристапот до документите и архивите[164] .

За архивистотите е важно да бидат во тек со легислативата од повеќе области која можа да влијае врз архивската работа .

Во контекст на европското законодавство се донесени повеќе закони. Така на пример, донесен е Закон за авторско право на Европската унија со кој се усогласуват различните законите за авторски права на земјите-членки на Европската унија. Овој закон се состои од голем број на директиви, кои земјите членки се должни да ги донесат во своите национални закони. Повредите на законот се решаваат на Судот на правдата на Европската унија и Генералниот суд [165].

---

[163] Report on archives in the enlarged European Union ,European Commision, Elaborated by the National Experts Group on Archives of the EU Member States and EU institutions and organs at the request of the Council of the European Union , стр 9 http://ec.europa.eu/archival-policy/docs/arch/reportarchives_en.pdf

[164] Zpráva Komise , Zpráva o archivech v rozšířené Evropské unii Příležitosti pro budoucí opatření: priority , V Bruselu dne 18.02.2005 , стр. 5 , file:///C:/Documents%20and%20Settings/vortrix/My%20Documents/Downloads/zprava05.pdf

[165] Copyright Directive http://en.wikipedia.org/wiki/Copyright_Directive

Донесени се препораки и акти кои се имплементирани во европското архивско законодавство и се однесуваат на слободата на пристапот до информации [166, 167]

Препораката се заснова на поставката дека архивите треба да играат улога во "зајакнување на културната разновидност и демократијата" и како историски извори, кои промовираат разбирање на минатото и да ни овозможи да " преземе разумни одлуки за иднината. " Иако препораката не е донесена како пропис, истата има влијание врз изготвувањето на архивски законодавство. Преку шеесет земји имаат имплентирано одредена форма на слобода на информации во својата легислатива, а во многу земји се работи на донесување на слични закони. Таквото законодавство го дефинира правниот процес преку кој владините информации се прават достапни за јавноста и се ограничува „тајноста“ на владата [168]. ( Препораката во многу земји е насловена „Имате право да знаете“). Во истиот контекст донесен е Акт за слободен пристап кон информациите (Freedom of Information Act), истото е аплицирано во националната легислатива, односно донесен е Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер .[169] . Овој акт е донесен со цел да се промовира пристапот до информациите од јавните записи[170], но не опфаќа редица ограничувања кои се применуваат иако токму и тие се од јавен интерес. Ограничувањата кои се релевантни за одговорните лица во архивите и се дадени во оддели делови на актот вклучуваат [171].

- Информации достапни преку други средства, вклучувајќи и наплата за истите
- Информации наменети за објавувања, но по изминување на разумен рок на задржување на пристап кон истите

---

166 Council of Europe Convention on Access to Official Documents , Tromsø, 18.VI.2009 , http://www.access-info.org/documents/Access_Docs/Thinking/Principles/Council_of_Europe_Convention_on_Access_to_Official_Documents.pd

167 Acces to public records, , A. the National Archives, http://www.nationalarchives.gov.uk/documents/information-management/access-to-public-records.pdf

168 The Quide to Freedom of Information, ICO, Information Commissioner's office http://ico.org.uk/for_organisations/guidance_index/~/media/documents/library/Freedom_of_Information/Detailed_specialist_guides/guide_to_freedom_of_information.pdf

169 Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер , Службен Весник на Република Македонија , Службен весник на Република Македонија , број 13, 1 февруари 2006

170 Disability Discrimination Act (DDA), http://www.nidirect.gov.uk/the-disability-discrimination-act-dda

171 Handbook on European data protection law http://www.echr.coe.int/Documents/Handbook_data_protection_ENG.pdf

- Информации кои претставуваат опасност за здравјето и безбедноста
- Лични информации, односно информации кои се предмет на Законот за заштита на податоците
- Информации до кои е дојдено, односно се обезбедени во доверба
- Информации кои доколку се пласираат може да предизвикаат штета на комерцијалните интереси
- Информации чие пласирање е забрането со други закони

Според тоа архивите секогаш мора да направат рамнотежа меѓу пристапот и ограничувањето за да се усогласат потребите на евиденција и имателите, кои од друга страна се загрижени за приватноста и правата на сопственост, со оние права на на корисниците, кои сакаат пристап. Слободата на пристапот до информации треба да претставува моќна алатка на граѓаните а не да се задоволи грозничава љубопитност на новинарите. Актот за слобода на инфрмациите FOIA (Freedom Information Act) [172] предлага усвојување на „шеми за објавување " кои објаснуваат кои информации можат да се објават, што претставува корисна алатка за истражувачите. Усвоен е иста така акт за студентите со посебни потреби [173] со кој се гарантираат законски права за инвалидни ученици во образованието пред-и по-16 годишна возраст. Законот недозволува инвалидска дискриминација и "понеповолен " третман во однос на лицата без инвалидитет при што архивите треба да осигураат дека дека средствата за контакти во нивните системи се во согласност со барањата за посебни потреби,[174] односно законодавството бара јавните институции да промовираат еднаквост на можности за лицата со хендикеп, со поставање на минимум стандарди од страна на владата.

Во повеќе Европски земји, управувањето со архивските материјали, рестрикциите кои го заштитуваат јавниот интерес, заштита на личните податоци, должината на периодот на рестрикција, декласификацијата и објавување, специјални барања за пристап кон ограничени документи и процедурите за жалба против

[172] Freedom of information Act, "Open FOIA Act of 2009 http://www.justice.gov/sites/default/files/oip/legacy/2014/07/23/amended-foia-redlined-2010.pdf

[173] Disability Discrimination Act (DDA), http://www.nidirect.gov.uk/the-disability-discrimination-act-dda

[174] Special Educational Needs and Disability Act 2001 (c10), A. National Archives, http://www.legislation.gov.uk/ukpga/2001/10/contents

одбивањето за пристап се определени со закон. Одлуката во однос на истото според тоа е во ингеренција на власта а не на архивите. Ревизијата и амандманите на постоечките правни инструменти зависат од владата. Надлежноста на централната архивска власт варира од земја до земја и зависи од структурата на правниот систем и администравнита традиција на државата и компетентноста за интерпретација на законите и прописите [175]. Ова се главните наоди од пан-европското истражување во 21-от век за формулацијата на пристапот во архивите и имплементацијата на препораките за архивите.

Советот на Европа настојува да развие општи демократски и законски принципи базирани на Конвенцијата за човекови права [176] . Советот на архивистите работи во континуитет на промовирањето, имплементирањето и унапредувањето на архивски добри практики во согласност со Европската легислатива [177]., согласно ова донесени се легислативи за датабази за архивите во Европа [178]. Овие легислативи овозможуваат лесен прекуграничен електронски пристап до архивите, како и интерпретација на информациите, како за земјите членки на ЕУ, така и за самата европска унија. Датабазата овозможува мониторирање и следење на легислатива и ја олеснува идентификацијата и распространувањето на најдобрите практики идентификувани од страна на Советот.

Развојот на Euronomos беше раководен од страна на Европската комисија во соработка со Дирекцијата за француски архиви и Европската филијала на Меѓународниот совет за архиви (EURBICA)[179] и е финансиран од програмата на Европската унија. Euronomos е одржуван од страна на земјите-членки и хостиран од страна на Меѓународниот совет за архиви ( ICA ).

---

[175] Guide to the archives of Member States Foreign Ministries and European Union institutions http://www.pedz.uni-mannheim.de/daten/edz-k/gs/05/isbn-92-894-8745-3_en.pdf

[176] European Conventionon Human Rights, http://www.echr.coe.int/Documents/Convention_ENG.pdf

[177] Dijana Petreska, Archives in the Contemporary Information Society , Tehnični in vsebinski problemi klasičnega in elektronskega arhiviranja, Radenci 2012 , http://www.pokarh-mb.si/uploaded/datoteke/Radenci/Radenci2012/08_Petreska_2012.pdf

[178] Euronomos: European archival legislation online http://archivists.wordpress.com/2009/02/06/euronomos-european-archival-legislation-online/

[179] Eurbica , Constitution adopted by the Executive board meeting held in Toledo (October 25th, 2011), http://www.arkisto.fi/uploads/Arkistolaitos/Teht%C3%A4v%C3%A4t%20ja%20toiminta/Statuts_EURBICA.pdf

Дефинирани се исто така прописи во врска со зачувувањето на дигиталните записи [180], вклучувајќи ги анализите за бариерите до кои е дојдено со истражувањето на регулативата во земјите членки на ЕУ вклучувајќи ја самата Европска унија[181]. Идентификувани се слабостите во важечките закони и регулативи како и потребата од теоретско и методолошко знаење кое ќе обезбеди зачувување во долг временски период на автентични електронски записи.

Архивистите ширум светот одржуваат Конференции на кои се разменуваат искуства и се опфаќаат актуелни прашања од работењето на архивите. Така на пример на 28-конференцијата на Европскиот одбор на Националните архивисти (EBNA) и на 15-ти от состанок на Европската група Архива (EAG)[182] одржани во октомври 2013 година, беа опфатени прашања та за зачувување на историските архиви, новата регулатива за заштита на личните податоци и архивите на Европската унија, некои аспекти практични за управување со документи во Европската комисија, како и спроведување на континуирана проекти во областа на архиви на ЕУ [183].

---

[180] Fiorella Foscanini, Notes and communication related legislation of the European Union, http://journals.sfu.ca/archivar/index.php/archivaria/article/viewFile/13131/14375

[181] Commission of the European Communities ,European Archives Group, Progress Report to the Council on the Implementation of Council Recommendation 2005/835/EC OF 14 November 2005 on Priority Actions to Increase Cooperation in the Field of Archives in Europe, http://www.arhiv.gov.si/fileadmin/arhiv.gov.si/pageuploads/zakonodaja/Report_ENG.pdf

[182] 28th Conference of the European Board of National Archivists (EBNA) http://www.eu2013.lt/en/events/political-meetings/conferencesandseminars/28th-conference-of-the-european-board-of-national-archivists-ebna

[183] Luciana Duranti, Corinne Rogers, and Anthony Sheppard, Electronic Records and the Law of Evidence in Canada: The Uniform Electronic Evidence Act Twelve Years Later, file:///C:/Documents%20and%20Settings/vortrix/My%20Documents/Downloads/SSRN-id1861389.pdf

### 3.4. Архивски стандарди

Архивските стандарди имаат за цел преку систематски приод и дефинирање на унифицирани правила, ефикасно да овозможат реализација на активностите во архивите и меѓу архивите, спазувајќи ја при тоа специфичноста на материјалите во архивот, преку флексибилноста и возможноста за интеграција со националните стандарди. Меѓународните стандарди во однос на националните стандарди се потешко подложни на измени, што им дава посебен бенефит при размена на материјалите меѓу архивите на различни земји како и при имплементација на автоматски архивски системи. Имплементацијата на стандардите во архивите претставува додатна вредност за архивот, во смисол на обезбедување на евидентен доказ дека процесите во архивот се контролирани, посебно и поради фактот дека имплементацијата на меѓународните стандарди е на доброволна база.

Генерално , архивските стандарди ги опфаќаат следните видови:

- **Техничките стандарди** се најригидните и егзактни во оваа хиерархија на стандарди и ако се следат правилно, ќе дадат идентичен производ. Према Walt Crawford [184], техничкиот стандард е "експлицитна дефиниција која може да биде искомуницирана, не е предмет на унитерална промена ". Архивистите без да бидат посебно свесни, во својата секојдневна работа користат голем број технички стандарди, како на пример ANSI X3. 4 [185], кој го специфицира ASCII [186] карактерите кои се користат најчесто кај компјутерските системи.

  Нема технички стандард кој е специјално дизајниран за архивските описи и апликација.

- **Конвенции (исто така наречени "правила" или "професионални стандарди" )** се пофлексибилни и дозволуваат повеќе варијации во локалната пракса. Нивниот производ е сличен но не и идентичен кога се аплицира коректно. Здружението на Американските архивисти формално усвои два архивски описи на

[184] Standard for Archival Description https://www.archivists.org/catalog/stds99/intro.html
[185] Layman's Guide toANSI X3.182 ANSI X3.182 , http://www.entmerch.org/programsinitiatives/packaging-labeling-and-edi/ansi-barcode-guidelines.pdf
[186] Aiden A. Bruen and Mario A. Forcinito, Cryptography, Information Theory, and Error-Correction: A Handbook for the 21st Century , http://onlinelibrary.wiley.com/doi/10.1002/9781118033296.oth/pdf

конвенции - MARC Форматот [187] за архивска контрола и контрола на манускрипти (тоа е интерна структура на конвенција). Примери за широко користени конвенции за опис се каталошките правила.

- **Екстерни стандарди** (стандардите кои се развиени надвор од архивската професија) се употребуваат од страна на архивистите од повеќе причини. Во некои случаи, тие се универзално прифатени како на пример ASCII кодот . Екстерните стандарди биле развиени од групи на професионалци со мотив и цели како што е дефинирање на спецификација за микрофилмови, произведени од Здружението за информатичко и управување со слики. Постојат случаи кога , архивистите се конфронтирале со некои од екстерните стандрарди, бидејќи не ја задоволувале во целост нивната потреба.

- **Интерните стандарди** се оние кои се развиени примарно од страна на архивистите. Линијата не е секогаш јасна меѓу интерните и екстерните стандарди. На пример, неколку стандарди кои се однесуваат на графичките материјали, вклучувајќи го и прирачникот Betz [188] за изработка на каталози можат да биде вклучени и во групата на екстерни и интерни, зависно од индивидуалната перспектива на практики. Мотивацијата да се повлече остра линија меѓу интерни и екстерни, лежи во фактот колкаво влијание архивистот може да има во идните модификации или развој на нов стандард во тие области. Архивистите мора да се реални во врска со нивниот потенцијал и улога во развојот или ревизијата на стандардите.

- **Нивоа на опис** [189] –се базира на анализата на нивоата во архивските описи. Димензијата идентификува четири нивоа на операции, додека врз активностите согласно сандардот на секое ниво може да се делува независно. Би било идеално, стандардизацијата да прави прогрес од од информатичкиот систем надоле кон вредноста на податоците.

---

[187] Petar Carini and Kelcy Shepherd , The MARCK Standard and Encoded Archival Description, http://polaris.gseis.ucla.edu/gleazer/260_readings/Carini.pdf

[188] Elisabeth W. Betz , Rules for Describing Original Items and Historical Collections, http://www.loc.gov/rr/print/gm/GraMatWP8.pdf

[189] ISAD(G):General International Standard Archival Description, International council on archives, conseil international des archives http://www.icacds.org.uk/eng/ISAD(G).pdf

- **Информатички систем-** овие стандарди оперираат на најшироко ниво, со обид да се специфицираат сите компоненти и делови на дескриптивниот систем во еден архив или мрежа. Информатичкиот стандард ја дефинира улогата и интеракцијата меѓу компонентите во целиот систем. Бенефит: системите кои имаат слична функција на различни локации се покохерентни и униформирани во нивниот пристап кон работењето и оперативното делување што овозможува полесна комуницира и размена на податоци.
- **Структура на податоци** [190] –овие стандарди ги дефинираат елементите на информации ки се содржат во компонентите на информатичкиот систем, вклучувајќи го форматот за влезни податоци, форматот на излезни податоци и видови на записи Униформната структура на податоците усвоена од различни архиви мора да го вклучи легитимното право на различните архиви за организација на различни методи за контрола.
- **Содржина на податоци** [191]-овие стандарди ги обезбедуваат правилата за пристап кон информациите во кој секој елемент е дефиниран во стандардот за структура на податоците. Тие ги покриваат, но не се лимитирани за прашања како што се воопштување, формати за изразување на податоците и нивниот обем, како и барањата во однос на условните вклучувања на специфични информации. Бенефит: Се зголемува интегритетот на податоците, што во специфичното користење дава поголемо значење и полесно се во во корелација со описот кој има за цел да изврши слична задача.
- **Вредност на податоците** [192] -овој стандард обезбедува список или табела на термини, имиња, алфанумерички кодови, или други спецични ентитети кои се прифатливи за влез во одерден елемент на податоци. Бенефит : се зголемува интегритетот на податоците.

---

[190] Merrilee Proffitt, RLG , Library and Archives Data Structures , https://www.oclc.org/content/dam/research/activities/ead/proffitt.pdf

[191] Describing Archives, Content Standard, SAA Aproved Standard, The Society of American Archivists , http://files.archivists.org/pubs/DACS2E-2013.pdf

[192] Floyd Christofferson, SGI, Time Value of Data , Creating an active archive strategy to address both archive and backup in the midst of data explosion, April, 2014 http://www.sgi.com/pdfs/4229.pdf

Голем дел од стандардите биле примарно развиени за употреба во други области, но се приспособени и усвоени во архивите.

Функционален архивски дескриптивен систем треба да има интегрирано во себе капацитет да го претстави документот, да ја изрази и зачува врскита меѓу архивските ентитети. Идентификација, описот и документите на овие врски се основни во зачувувањето на значењето, на евидентирана вредност, содржината и пристапот кон архивскиот материјал низ времето .

Разработените се повеќе меѓународни архивски стандарди, од кои назначајните меѓу нив се ISAD(G)[193], ISAAR(CPF[194] и ISDF[195] ) кои се меѓусебно комплементарни. Секој од наброените стандарди има свои специфичности и опсег. Нивното донесување од страна на МАС (Меѓународен архивски совет) претставувало процес кој бил подложен на преиспитување ширум светот и забелешките биле имплементирани, што претставува гарант за сеопфатноста на барањата за ефикасно архивско работење. Стандард е документ кој дефинира барања, спецификација, водич или карактеристики кои можат конзистентно да бидат употребувани за да се обезбеди дека материјалите, производите, процесите и услугите се соодветни за нивната намена[196].

Многу прашања во врска со преводот, поврзани со ISAD(G) стандардот беа упатени до Секретаријатот на Комисијата . Се укажа дека е неопходно да се изработи Водич за превод " бидејќи преводите кои се појавуваа не беа конзистентни со оригиналните документи развиени од страна на Комисијата. Согласно ова, нов проект беше развиен за да се изготви Водич за превод на стандардите на јазици различни од англискиот. Овој Водич помина низ многу нацрт верзии во долг вменски период. Во почетокот беше изготвена нацрт верзија на преводот на ISAD(G) на француски јазик како примарен пример. Оригиналниот стандрад беше на англиски јазик, со оглед на фактот што овој јазик беше јазикот на кој работеше комисијата за време на развитокот на ISAD(G). По објавување на ISAAR(CPF), Водичот мораше да се генерализира за да биде валиден за

---

[193] ISAD(G):General International Standard ArchivalDescription,ICA (International Council on Archives), http://www.icacds.org.uk/eng/ISAD(G).pdf

[194] ISAAR (CPF), International Standard Archival Authority Record For Corporate Bodies, Persons and Families , ICA, http://www.icacds.org.uk/eng/ISAAR(CPF)2ed.pdf

[195] ISDF, International Standard for Describing Functions, International Council on Archives, http://www.mcu.es/archivos/docs/JT3_NormaISDF_ENG.pdf

[196]Describing Archives A Content Standard , SAA Approved, http://files.archivists.org/pubs/DACS-2007.pdf

двата стандарди, но подоцна се покажа дека треба да се генерализира уште повеќе за да одговара на сите публикации на Комитетот. Водичот не беше никогаш официјално издаден, но кога барањето пристигна до Секретаријатот за преводи, копија од Водичот беше предадена до преведувачите или барателите. Подоцна, Водичот стана достапен на web страницата на МАС (меѓународен архивски совет) (ICA- international coumcil of archives).

За компилацијата (водење евиденција: колекција на документи и други материјали подредени да се олесни неговота лесно пребарување) [197] на библиографијата и двата стандрарди, вклучувајќи ги сите нивни преводи и барањата дадени во ISAD(G) или ISAAR(CPF), се сметало дека е корисно да се изоцени обемот во кој двата стандарди биле употребувани, што се истражувало и дискутирало на меѓународното ниво. Се согледало исто така како корисно да се публикува трудот кој спроведе проверка на стандардите. Резултатите беа изложени на XIV меѓународниот конгрес, одржан во Севиља, Шпанија, во септември 2000 [198] Библиографија исто така открива многу придонеси дадени од страна на членовите на Комисијата за време на на периодот на промивирање на стандардите и објаснувајќи ја или разјаснувајќи ја во написи кои произлегоа од разни средби на меѓународно ниво, конгреси, семинари и друго.

ISAD(G) или Општ меѓународен стандард за опис на архивската граѓа (General International Standard Archival Description) е стандард за подредување и опис на архивските информации. Целта е да се хармонизира меѓународната пракса преку имплементацијата на овие правила. ISAD се потпира на постари национални стандарди, како на пример Британскиот прирачник за архивирање (Manual for Archive Description MAD [199]) и канадските правила за архивското работење ( Rules for Archival Description RAD [200] ). Од самиот почеток, развојот на ISAD(G) беше поддржан од Меѓународниот совет за Архиви ( International Council on Archives ) кој основал посебна работна група ICA (Ad

---

[197] How to compile an appraisal report, A National Archives, 2006, http://www.nationalarchives.gov.uk/documents/information-management/appraisal_report_v2.pdf

[198] 26th session of the Section of Archivists of International Organisations (ICA ISIO), Sevilla, Spain - 25'h September 2000 , http://www.unesco.org/webworld/ica_sio/docs/26.pdf

[199] Michael Cook, the British Move Toward Standards of Archival Description: The MAD Standard, International Scene, American Archivist / Vol. 53 / Winter 1990 , http://archivists.metapress.com/content/b30m14uh8g533662/fulltext.pdf?page=1

[200] Rules for Archival Description, http://www.cdncouncilarchives.ca/rad/radcomplete_july2008.pdf

Hoc Commission on Descriptive Standards (ICA/DDS), односно МАС (меѓународна архивска комисија). Стандардот беше донесен 1994 и беше набрзо прифатен низ целиот свет. Негова ревизија е извршена 1999 и 2006 година. Овој стандард го дефинира концептот на хиерархиска структура и прецизира кои податоци можат да бидат внесени и на кое ниво. ISAD(G) е структурен стандард кои ги сумира елементите во описот. Стандардот креира рамка која може да се користи ширум светот, на меѓународно ниво, па од тие причини преку примената на овој стандард возможна е размена на информациите за архивските записи. ISAD(G) ги дефинира следните елементи:

- Концепт на опис на мулти ниво. Во принцип ISAD(G) го регулира пописот и примената на описот на различни нивоа, каде што регистрирањето на записите е возможно.
- Дефинирани се четири основни правила, за да се унифицира методологијата на описот:
- Принцип од општо кон поединечно
- Ниво на описот
- Врска (линк) на секој опис со соодветно хиерархиско ниво
- Информацијата не треба да се повторува на пониските нивоа
- Податоците се во 26 полиња во 7 области

Со други зборови, овој стандард содржи општи смерници за изработка на архивскиот опис. Треба да се користи заедно со постоечките национални стандарди или како основа за изработка на национален стандард.

Целта на архивскиот опис е да го идентификува и објасни контекстот и содржината на архивската граѓа за да се означи нејзината достапност. Тоа се постигнува преку создавање на прецизни и соодветни записи и нивно организирање во согласност со однапред одредени модели. Постапките врзани за опишувањето можат да започнат за време или пред создавање на документот и да продолжат во тек на целиот период на чувањето на документите. Тие постапки овозможуваат да се воспостави интелектуална контрола неопходна за да се сочуваат со тек на време сигурни, автентични, обмислени и достапни описи.

Специфичните елементи за информациите за архивските материјали се запишуваат во секоја фаза на работата (на пример создавање, вреднување, превземање,

заштита, средување) за да материјалот од една страна биде безбедно сочуван и контролиран, а од друга страна, достапен во одреденото време на сите кои имаат право на увид во материјалот. Архивскиот опис, во најшироко значење на тој израз, се однесува на секој елемент на информацијата без разлика на тоа во која фаза на работата истиот е идентификуван или утврден. Во секоја фаза информацијата за материјалот останува динамична и може да биде подложна на измени при доаѓање до додатни сознанија за нејзината содржина или контекстот на создавањето. Комјутеризираните информатички системи особено можат да помогнат за обединување или избор на елементите на информациите кои се бараат, како и за нвно ажурирање или подобрување. Иако тежиштето на овие правила за опис на архивскиот материјал од моментот кога истиот е одреден за трајно чување, овие правила можат да се применат и во претходни фази.

Овој стандард содржи општи правила за архивски опис кои можат да се применат без разлика на обликот или носачот на записот на архивскиот материјал. Правилата кои се содржат во овој стандард не даваат смерници за опишување на посебната архивска граѓа како што се на пример печатите, звучните записи или географските карти. Прирачниците кои ги утврдуваат правилата за опишување на ваков вид граѓа веќе постојат. Овој стандард треба да се користи заедно со тие прирачници, како би се овозможило правилно опишување на посебните (специјални ) материјали.

Овој сет на општи правила за опис на архивските материјали се дел на постапките кои имаат за цел:

- Да осигура изработка на доследни, соодветни и разумни описи
- Да го олесни изнаоѓањето и размената на информациите за архивските материјали
- Да овозможи користење на заеднички нормативни податоци
- Да овозможи обединување на описот од различни места во единствен информациски систем.

Овие правила ги исполнуваат наведените цели преку идентификување и дефинирање на 26 елементи кои се комбинираат за да се добие опис на архивската единица. Структурата на содржината на информациите во секој од овие елементи треба да биде формулирана во согласност со важечките национални правила. Со оглед на фактот што ова се општи правила, тие се наменети да бидат да бидат широко применливи на

описите на архивските материјали без разлика на природата или големината на единката која се опишува. Сепак, стандардот не ја дефинира формата или начинот на кој елементите ќе бидат прикажани, на пример кај пописите, каталозите [201] и др.

Паралелно со ISAD(G), Меѓународниот Архивски Совет МАС , разви стандар за архивски нормативен запис кој се однесува на физички, правни лица и семејства. Меѓународниот стандард за архивите кои ги опфаќа нормативните записи за физички и правни лица и семејства ISAAR(CPF) е формат за збирките на нормативните записи и претставува организирана збирка на записите. На ваков начин, се доби стандард за нормативните записи. ISAAR (CPF) беше дизајниран од страна на Комисијата ICA – MAC (Ad Hoc Commission on Descriptive Standards), основана во Стокхолм во јануари 1993 година. Првата верзија беше публикувана 1996, втората 2004 година. Стандардот ISAAR(CPF) се состои од четири области :

- Идентификување на област ( каде информацијата се пренесува на единствен начин го идентификува документот кој се опишува и кој дефинира стандардизиран начин на евиденцијата ).
- Идентификување на област ( каде релевантни информации се пренесуваат во врска со природата, содржаната и активностите на документот кој се опишува)
- Област на поврзување ( каде врските со други општествени тела, лица и/или семејства се евидентирани и опишани )
- Контролна област ( каде записот е на единствен начин идентификуван и информацијата е евидентирана согласно клучните прашања –како, кога и од која институција записот бил креарин и одржуван ).

Секоја област се состои од низа дескриптивни елементи -вкупно 27. Описот опфаќа четири основни елементи : потеклото ( организација, лице или семејство ), авторизирани форми на името за организации, име на лицето или семејството ; дата на создавање и овластеното лице за идентификација. Останатите елементи се опциоni (условни).

[201] MARC Coding and Data Content Guidelines , Archival Collections: Catalog Records , http://www2.mnhs.org/library/findaids/CMToolkit/BestPractices/CatalogRecords_MARCGuidelines.pdf

Според тоа, стандардот ISAAR(CPF) дава смерници за изработка на архивски нормативни записи кои содржат описи на ентитет (правни лица, физички лица и семејства) поврзани со создавањето и чувањето на архивските материјали.

Архивскиот нормативен запис може да се користи:

- Да опише правно, физичко лице или семејство како единка во системот на архивскиот опис
- Како контрола на создавање и употреба на пристапните точки во архивските описи
- За документирање на врските /односите меѓу различни создавачи на документираниот материјал и меѓу тие ентитети и граѓа која настанала со нивното делување и/или други извори за нив или кои тие ги создале

Описот на создавачот на архивскиот материјал е основна работа на архивистот, без разлика на тоа дали описите се чуваат во мануелни или автоматизирани системи. Тоа изискува целосно документирање и континуирано одржување на контекстот во кој документираниот материјал е создаде или е користен, пред се припадноста (провениенцијата) на архивскиот документиран материјал.

Принципите и структурата на ISAAR(CPF) беа интегрирани во ODIS датабазата[202] Содржината на главниот личен запис и записот на организацијата се наведени во ISAAR компатибилен формат.

Комплетирањето на двата комплементарни и взаемно поврзани стандарди ISAD(G) и ISAAR(CPF), пред XIII Меѓународен Конгрес на архивсистите во Beijing in 1996 беше значајно поради исполнување на барањата на МАС (ICA) и определбата на Комисијата за развој на стандарди за опишување на архивската граѓа. За овој период, работата беше целосно поддржана со фондовите на UNESCO[203] и одржувањето на двата стандарди, на секои пет години по издавањето, продолжи да биде приоритет на Комитетот во нивниот стратешки план.

---

[202] Joris Colla and Stephan Pauls , A database on intermediary structures in Europe, 19th & 20th centuries , Brussels, 29th November 2013, ODIS,-2, http://134.58.23.232/hercules/helpdoc/1_ODIS_aangepast.pdf

[203] UNESCO Instrument for the Safeguarding and Preservation of the Audiovisual Heritage: CCAAA Issues Paper , http://www.ccaaa.org/docs/ccaaa_heritage.pdf

ISDF (Меѓународен стандард за дескриптивна функција) [204] обезбедува водич за подготовка на описните функции на корпоративните тела со поврзан со одржување на материјалите во архивите. Терминот “функција“ е употребен низ овој стандард да ја вклучи не само функцијата, туку и подгрупата на функцијата како подфункција, бизнис процес, активност, задача, трансакција или друг термин во согласност со меѓународната, националната или локалната употреба. Стандардот може да се користи за да опише фунлција или подфункција. Анализата на функциите на корпоративните тела е значаен како основа за многу активности поврзани со чувањето на записите. Функциите се признати како општо постабилни од административните структури, кои се често интегрирани или развиени кога се работи на реструктуирањето. Функциите од таа причина се поделени како следи:

- База за организирање, класификација и опис на записите
- База за проценка на записите
- Алатка за враќање на записите

Описот на функциите има основна функција во објаснувањето на објаснувањето на потеклото (провиниенција) на записите. Описот на функциите може да помогне да се класифицираат записите поуспешно во контекст на нивната креација и употреба. Описот може да објасни како и зошто записите биле креирани и соодветно користени, намената на записот или функцијата внатре во организацијата каде се дизајнирал записот за да исполни одредена функција и како записот се вклучува и е поврзан со други записи креирани во истата организација.

Описот на функциите може да се употреби:

- За да ја опише функцијата на одредени записи во архивскиот дескриптивен систем
- За да се контролира креацијата на записот и употребата на влезните точки во архивскиот опис
- За да се документира врската (линкот) меѓу различни функции и меѓу тие функции, меѓу корпоративните тела кои ги претставуваат тие записи и ги создале

---

[204] ISDF , International Standard for Describing Functions , International Council on Archives , http://www.mcu.es/archivos/docs/JT3_NormaISDF_ENG.pdf

Опис на функциите имаат задача да утврдат поклопувања и спротивности описот на записите создадени во согласност со ISAD (G) и нормативните записи, создадени во согласност со ISAAR (CPF). Чувањето на информациите за функциите и описот на записите и нормативните акти, значи дека има помало повторување на информациите и овозможува конституирање на флексибилен архивски дескриптивен систем.

Интегрален дел на функционалноста на архивските дескриптивни системи е нивниот капацитет да можат да го претставaт документот и да ја зачуваат врската меѓу архивските ентитети. Идентификацијата, описот и документацијата на овие врски се основни за да се задржи значењето, евидентираната вредност, контекстот и достапноста на архивскиот материјал низ времето.

Сите ентитети во архивскиот дескриптивен систем можат да се поврзат користејќи ги нивните сродности-врски Овие врски во архивскиот дескриптивен систем меѓу ист вид на архивски ентитет (на пример меѓу две корпоративни тела и последователните врски) и меѓу различни видови архивски ентитети (на пример меѓу серии и функцијата која ја имаат.

За да се креира врска меѓу ист тип на архивски ентитет, согласно релевантното поглавие во ISAAR(CPF) и ISDF треба прво да се опишат елементите на врската меѓу нив.

Важен проект беше соработката со меѓународната федерација на Здружението на библиотекарите и институциите (IFLA- International Federation of Library Associations and Institutions). Работна група на ICA/CDS сметаше дека експертизата која IFLA ја имала во врска со прашања со меѓународниот стандард и нумерирањето како на пример ISBNs (публикации кои имаат ISSN се влезени во меѓународниот регистер на сериски публикации одржуван од страна на ISSN - Меѓународниот центар во Париз. Овој меѓународен регистар содржи над 1.000.000 сериски наслови и расте со годишна стапка од околу 50.000 нови наслови )[205] и ISSNs (меѓународен стандард за нумерирање на книги) треба да се зацврсти со дизајнот и имплементацијата на меѓународниот стандард за архивските кодови на овластувања, како што и впрочем било сугерирано во ISAAR(CPF).

[205] S. Rozenfeld, Using The ISSN (International Serial Standard Number) as URN (Uniform Resource Names) within an ISSN-URN Namespace, ISSN International Centre, ISSN (International Standard Serial Number), http://tools.ietf.org/pdf/rfc3044.pdf

ISSN одговара на ISO 3279 [206]. На состанокот во Фиренца, била донесена студија изработена од IFLA, под наслов “ основни елементи на податоци за меѓународно споделувани извори и овластени записи“. Прилогот идентификува елементи на податоци кои се добиваат тековно при комуникацијата и формати кои се користат во некои национални библиотеки. Елементите се специфицирани како основни и опциони (условни). Речник и информативни примери се вклучени. За преиспитување на овој документ беше назначена работна група, која требаше да идентификува заеднички елементи со ISAAR(CPF) и да додаде елементи кои стандардот ги има но не се вклучени во нацртот на IFLA документите. Потоа, да се изготват препораки. извештајот беше подготвен и доставен на Комитетот на средбата во Хаг , по што следи изработка на стандарди за библиотеки[207].

Исто така оперативниот план бил изготвен во соработка со работнатната група на Американското здружение на архивисти кои развиле шифриран архивски опис ( Encoded Archival Description)- EAD. Дискусијата се одвивала во врска со фактот што EAD стандардот не е усогласен со ISAD(G) ниту пак ги вклучува во себе елементите на ISAAR(CPF). Препораката за американската работна група била да развијат шифриран архивски опис (EAD ) за "контекстуална информација " и да се усогласи со ISAD(G). Сугестии имало исто така во однос на тоа дали меѓународната верзија на EAD усогласена со стандардите би била корисна. Понатамошни активности не се превземени.

Водич за помош при пребарување бил важен проект кој имал задача да развие прирачник за поддршка при пребарување во архивите и стандардизација на пребарувањето. Оваа иницијатива се сметало дека е неопходна за да се разјасни како ISAD(G) и ISAAR(CPF) се поврзани со пребарувањето. За таа цел било решено да се оформи суб-комитет. Тие, нивната работа ја изнеле во доле наведениот извештај- изјава : „ISAD(G) иISAAR(CPF) обезбедуваат рамка за опис на архивскиот материјал базирани на општо прифатените архивски принципи. Сепак, не го опишуваат методот или системот по кој кон овие описни информации може да се пристапи. Архивистите традиционално креирале различни форми за опишување на архивскиот материјал,. базирани на општо

---

[206] ISO 3297 Information and documentation — International standard serial number (ISSN), file:///C:/Documents%20and%20Settings/vortrix/My%20Documents/Downloads/ISO_3297-2007.PDF

[207] IFLA Professional Committee , Standards Procedures Manual , Compiled by the Working Group on Developing an IFLA Standards Manual for the IFLA Committee on Standards, Version: August 2014, http://www.ifla.org/files/assets/hq/topics/standards/documents/ifla-standards-procedures-manual.pdf

прифатените архивски принципи и креирале различни форми за конвертирање на описната информација во влезен податок “.

Потребата од архивски стандарди произлезе исто така и од автоматизацијата. Во доцните осумдесетти години на минатиот век (1980 година), како резултат на студиите од автоматизацијата и дизајнирање на системи, при обидите да се имплементираат такви системи за опис на материјалите посебно во големите архиви во развиените земји беше евидентен генерален недостаток на архивски дескриптивни практики [208]. Потребите на автоматизацијата, конзистенцијата во приодот и процедури кој се во функција на автоматизацијата, се прашања на кои архивистите не обратиле поголемо внимание во минатото. Автоматизација од пониско ниво, била имплементирана од одредени архиви кои користеле датабаза софтвер за управување. Сепак, ваквите обиди барале конзистенција во приодот за индивидуалните, мали проекти поддржани со комјутерска техника. Пример на такви проекти беа пописите, списоците –крајниот производ кој скоро секогаш бил конвенционален –испачетен лист хартија.

Друга основна причина во врска со потребата од стандарди беше потребата од размена на архивски информации. Иако архивските материјали се смета дека се единствени, основниот процес на копирање користејќи микрофилмови или други техники на копирање во архивите наметна потреба од дефинирање на правила. Истражувањата на архивските фондови меѓу архивите, па дури и архивите на странските земји, била исто така причина за стандардизација на информациите, за да се направи дескриптивен (описен ) материјал кој припаѓа на ист фонд или копиии на истите, а со тоа поврзување на делови на архивските фондови од иста провиниенција, во листи кои ќе помогнат да се изнајде материјалот. На приемр, документи од поранешните колонии кој се наоѓаат во архивите на нивните поранешни колонизатори, биле интензивно копирани од страна на архивите на колонизираните земји. Потребата од копирање на архивските материјали се јавила и поради потреба од соработката меѓу различни заинтересирани страни.

---

[208] Finnish Conceptual Model for Archival Description, National Archives Service , Helsinki ,01.03.2013, http://www.arkisto.fi/uploads/Arkistolaitos/Teht%C3%A4v%C3%A4t%20ja%20toiminta/Hankkeet/AHAA/The%20Finnish%20Conceptual%20Model%20of%20Archival%20Description_text.pdf

Усвојувањето на стандарди стана уште позначајно со достапноста на дел од архивските материјали на интернет. Голем број на документи сведочат за огромните напори на архивистите да дефинираат стандарди и одржани беа многубројни средби на претставници од различни земји, при што беше оформена ICA (International council of archives) – MAC (Меѓународен архивски совет) како работната група задолжена за работа на архивските стандарди. Согласно донесената резолуција, MAC во соработка со UNESCO организираше консултативни средби за планирање на долгорочни цели со активности за развој на архивски стандарди.

Стандардите се менуваат континуирано и брзо. Најдобрите извори за тековни информации околу улогата на стандардите во архивите за употреба ширум светот се Меѓународната организација за стандардизација –ISO [209] (вклучувајќи го техничкиот комитет *Joint Comission*) и весникот *Information Standards Quarterly* (Квартална информација за стандарди) на Националната организација за информации за стандарди (NISO) [210]. Голем дел од стандардите се технички стандарди кои произлегуваат од формалните организации за стандардизација. Многу од стандардите во развојот вклучија индивидуални експерти од различни земји. Понекогаш, националниот стандард на одделна земја послужил како модел на меѓународниот стандард. Во други случаи меѓународниот стандард обезбедува влезна основа за развиток на национален стандард. Варијациите што се јавуваат меѓу меѓународните и националните стандарди се обично резултат на правење на мали алтернативни промени за да се прилагодат културните и лингвистичките специфични фактори за соодветна земја.

Многу од работата на стандардите за архивското работење, на кои се работи последните две декади, вклучи во себе анализи и адаптација од подрачјата на кои се однесуваат за да се исполнат потребите на архивистите. Секој од стандардите се користи за одредена намена. На пример, нацрт верзијата на ICA *General International Standard Archival Description* ISAD(G) се однесува на институциите каде кодовите се состојат од

---

209 List of ISO Standards, http://www.uobabylon.edu.iq/sustainabilty/files/List%20of%20ISO%20standards%20-%20Wikipedia,%20the%20free%20encyclopedia.pdf

210 Evan Owens , Long-Term Preservation and Standards: An Uneasy Alliance NISO (the National Information Standards Organization), http://www.portico.org/digital-preservation/wp-content/uploads/2010/01/NISOPreservationWorkshopOwens.pdf

две букви согласно ISO 3166 [211] кои се класифицирани од страна на ICS (International Classification for Standards) [212] и ажурираат листата на важечки ISO стандарди со 18 покатегории.

ISO стандардите се применуваат кај широк спектар на системи и производи, вклучувајќи го и автоматизираниот информатички систем, мануелните или автоматизирани каталози, како и за системот на складирање [213] и чување. Сите стандарди имаат свој специфичен историски развој и меѓусебни врски за соодветната апликација. Во секој вовед од стандардите се опишува причината зошто се применливи во архивската пракса, обезбедувањето на информации, како да се добијат дополните информативни извори и како да се користат.

Работната група за Стандарди за архивско работење WGSAD, (*Working Group on Standards for Archival* ), на својата средба во 1988 година ја усвои следната дефиниција како основа за нивната работа : Архивистика е процес на изнаоѓање, собирање, анализирање и организирање на секоја информација која служи да се идентификува, лоцира и интерпретира материјалот во архивските институции и ја објаснува содржината и системот на евидентирање на овој селектиран материјал.

Шемите на стандарди им помагаат на архивите да управуваат со материјалите и ја подобрат нивната ефикасност и ефективност преку екстерна валидација и преку идентификација на добра пракса. Публикувани се повеќе добри практики за архивистите [214], две позначајни се Архиви –Лични документи и ракописи ( *Personal Papers and Manuscripts*, ) [215] и Опишување на архивите -Содржина на стандарди . Публикациите на SAA ( *Standards for Archival Description)* меѓу кои и Прирачник за преглед на сите релеванти стандарди за сите фази на архивската обработка и обработка на ракописите и исто така имаат објавено низа на најдобри практики .

---

[211] ISO 3166 Codes (Countries) , http://www.mapofsaltspring.com/ISO_3166_Codes_Countries.pdf

[212] International Classification for Standards , http://www.iso.org/iso/international_classification_for_standards.pdf

[213] Reference Model for an Open Archival Information System (OAIS), Recommendation for Space Data System Practices, CCSDS Recommended Practice for an OAIS Reference Model, Magenta book June 2012 , http://public.ccsds.org/publications/archive/650x0m2.pdf

[214] Best practice guide to appraising and selecting records for The National Archives, A National archives, http://www.nationalarchives.gov.uk/documents/information-management/best-practice-guide-appraising-and-selecting.pdf

[215] Describing Archives A Content Standard , A Content Standard, http://files.archivists.org/pubs/DACS-2007.pdf

Стандардите исто така им овозможуваат на Националните архиви да ја исполнат нивната статутарна функција во врска со одобрување на архивските депоа [216]. Архивските стандарди се акредитираат, што претставува предизвик на 21 век, согласно Стандардот за управување со записи ISO15489-1 [217] ISO 16175-1:2010 [218], и други.

Државниот архив на Република Маедонија , на својата web страна го истакна преводот на ISO 15489 -1 , кој обезбедува насоки за канцелариско работење во јавните или приватните организации за внатрешни и надворешни клиенти. Сите елементи кои се наведени во овој дел на ISO 15489 се препорачуваат за да обезбедат дека се создадени соодветни записи. Процесурите кои помагаат да се обезбеди управувањето со записи согласно принципите и наведените елементи во овој дел на ISO 15489 се обезбедени од ISO/TR 15489-2 (Насоки). ISO 15489 ги опишува карактеристиките на електронските записи и потребниот систем за да се управува со истите. Овој дел од ISO 15489 се однесува на :

- управувањето со записи, во сите форми или медиуми, создадени или добиени од било која јавна или приватна организација при извршувањето на своите активности, или било кое индивидуално лице кое има задача да создава и одржува записи,
- обезбедува насоки за одредување на обврските на организациите со записи и полиси за записи, процедури, системи и процеси,
- обезбедува насоки за канцелариско работење во поддршка на квалитетна процесна рамка во согласност со ISO 9001 и ISO 14001,
- обезбедува насоки за дизајн и имплементација на системи за записи, но
- не го вклучува управувањето со архивските записи (архивското работење) во рамки на архивските институции

Овој дел од ISO 15489 е наменет за употреба од страна на

- менаџерите на организациите,
- експертите од доменот на записите, информациите и технологијата за

[216]J.R. Ede Development of the National Archives Service and Construction of a Building for the National Archives , Technical Report PP/1981-1983/5/10.1/05 ,http://unesdoc.unesco.org/images/0005/000525/052584eo.pdf

[217] ISO15489-1 , Information and Documntation-Record Management, http://www.wgarm.net/ccarm/docs-repository/doc/doc402817.PDF

[218] Managing records in digital environments using ISO 16175: Information and documentation - Principles and functional requirements for records in electronic office environments, http://www.archives.qld.gov.au/recordkeeping/grkdownloads/documents/prb_ica_project.pdf

управување

- за останатиот персонал во организациите, и
- други индивидуални лица кои имаат задача да создаваат и одржуваат записи.

Воглавном, принципите се базираат на :

- Функција а не форма ( физичката форма не е од фундаментално значење за идентификување. Евиденција се дефинира пред се преку функцијата за која материјалите беа оригинално создадени и се користиле. )
- Иако вообичаено се мисли на документи на хартија, тие може исто така најчесто да вклучуваат фотографии, дигитални објекти (како што се e-mail, бази на податоци, итн), аудио / визуелни материјали, скици, цртежи, мапи и планови. Може да вклучуваат повеќе егзотични предмети, како на пример заврзани жици кои се користеле за евиденција од страна на Андите, или зависно од културата различни видови на материјали, материјалили меморирани со информатички технологии и друго.

Понекогаш, опрема која не се дизајнирана за снимање на информации може да се користи како дел системот за водење на евиденција. Во повеќето случаи каде серијата на таквите материјали е богата, истото може да биде практично. Голема значење има информатичката меморија (материјалот кој бил креиран треба да се внесе во информациската меморија -описно, нумерички, визуелно и слично. Само мал дел од евиденцијата одржуван од страна на повеќето организации или поединци се на трајно чување (обично 2-5% од вкупниот број). Во некои случаи, културни или институции со експлицитна функција за снимање на минатото може да се здобијат со некои или сите видови на материјали наведени погоре, со цел за трајно чување.

Стандардите се вклучени на многу начини во праксата со својата комплексност и разновидност. Авторите на стандардите биле водени со намера тие стандарди да задоволат иста функција, но сепак меѓу нив постојат доста сличности но и разлики..

Така на пример, ISO 14721:2003 претставува рефрентен модел за отворен архивски информативен систем [219] (OAIS), чија цел е воспоставување на систем за архивирање на информациите, како дигитализираните, така и физичките, со организациска шема составена од луѓе кои прифаќаат одговорност за зачувување на информации кои треба да ги направат достапни за одредено општество. Овој референтен модел опфаќа цел спектар на архивски информации и нивно зачувување, управување со податоците, пристап и дисеминација. Исто така ја опфаќа миграцијата на дигитални информации на нови медиуми и форми, како на софтвер и размена на дигитални информации меѓу архивите. Ги идентификува внатрешните и надворешни интерфејси [220] во архивските функции и идентификува голем број на услуги на високо ниво на овие интерфејси. Тоа обезбедува различни илустративни примери и препораки за "најдобрата практика".

ISO 16175 е меѓународен стандард на принципи и функционални барања за софтверите кои се употребуваат за да креираат и управуваат со електронски записи. Беше публикуван во три дела и потекнува од Меѓународниот Совет за Архивите (ICA). Се базира функционалноста на на евиденцијата наведена во ISO 15 489 и може да се користи за да се идентификува и оценува евиденцијата за управување со функционалност во системите.

ISO/TR 13028:2010 претставува водич за создавање и управување на инфорации исклучиво во дигитална форма, каде оригиналната хартија или друг недигитален извор се копира со дигитализација. Стандардот претставува водич за „најдобра практика" за дигитализација обезбедувајќи доверба и сигурност на евиденцијата и овозможува разгледување и достапност на не-дигитални извори на евиденција. [221] Согласно усвоените принципи на работење и имплементираните технолошките достигнувања, разработен е Водич за евалуација на Архивската институција. Истиот обезбедува објективна и

---

[219] ISO14721, Space data and information transfer systems — Open archival information system — Reference model, file:///C:/Documents%20and%20Settings/vortrix/My%20Documents/Downloads/ISO_14721_2003(E)-Character.pdf

[220] Interface comuting , http://en.wikipedia.org/wiki/Interface_(computing) org/wiki/Interface_(computing) ,

[221] ISO/TR 13028 Information and documentation — Implementation guidelines for digitization of records http://www2. archivists. org/standards, file:///C:/Documents%20and%20Settings/vortrix/My%20Documents/Downloads/ISO-TR_13028-2010.PDF

конзистентна рамка во однос на која архивите можат да го измерат нивниот развој и препознавање на различноста на две и повеќе архивски институции [222].

Апликабилните стандарди за архивите и архивистите се дадени во краток водич на различни стандарди во магазинот ARC [223] и новиот магазин „Гледање на стандардите - визуелизација на метаподатоците [224]. Меѓу позначајните стандарди кои се занимаваат со структурата на метаподатоците е ISO 23081, ISO 15836 (Информации и документација – процес на управување со податоците –податоци за метаподатоците ) и ја опфаќа содржината на метаподатоците односно: RDA ( Опис на изворот и пристап - Resource Description and Access)[225], AMREMM (Описно каталогизирање на античкаките, средновековните, ренесансните и современи ракописи - Descriptive Cataloguing of Ancient, Medieval, Renaissance and Early Modern Manuscripts) [226], DCMI ( Даблин основи, иницијативи и речник на метаподатоци - Dublin Core Metadata Initiatives Vocabularies),

ISO 8601 [227] (Елементи на податоци и размена на формати, размена на информации, претставување на датуми и времиња). Целта на овој стандард е да обезбеди недвосмислена и добро дефинирани метод на претставување датуми и времиња, за да се избегне погрешно толкување на нумерички претставуваните датуми и времиња, особено кога податоците се пренесуваат помеѓу земји со различни конвенции за пишување нумерички датуми и времиња. Исто така обезбедува стандардизиран метод на комуникација време- базирани на информации низ временските зони преку универзално време.

---

222 Archive Service Accreditation: Guidance May 2013 , http://www.nationalarchives.gov.uk/documents/archives/archive-service-accreditation-guidance-june-2013-v2_.pdf

223 Weijia Xu, Maria Esteva, Suyog Jain Dott; Texas Advanced Computing Center, University of Texas at Austin; Austin, Texas, USA , http://www.archives.gov/applied-research/papers/visualization-archival-appraisal.pdf

224 Терминот метаподатоци се однесува на "податоци за податоци". Терминот е двосмислен, бидејќи се користи за две фундаментално различни концепти (видови).

225 Shawne D. Miksa , Resource Description and Access (RDA) and New Research Potentials , https://www.asis.org/Bulletin/Jun-09/JunJul09_Miksa.pdf

226 Elizabeth O'Keefe , Medieval Manuscripts on the Internet , http://piers.iath.virginia.edu/about/OKeefe_Medieval_Manuscripts.pdf

227 ISO 8601 , Data elements and interchange formats — Information interchange — Representation of dates and times, file:///C:/Documents%20and%20Settings/vortrix/My%20Documents/Downloads/ISO_8601-2004.PDF

ISO 639; ISO 3166; ISO 15924 (ISO Кодови, дадени од Society of Archivists Data Standards Group [228] како Водич за архивски стандарди (стандарди применливи во архивстиката и се однесуваат на дигитални податоци, нивно наоѓање, помагала, слики, материјали од колекции). ISO 639 - кодови за претставување на ииањата и јазиците, ISO 3166 - кодови за претставување на имињата и земјите, ISO 15924 - информции и документација –кодови за претставување на имиња и ракописи. Стандард за метаподатоците : IEEE –LOM (*Learning Object Metadata* (IEEE-LOM))[229], METS ( Metadata Encoding Transmission Standard) [230] кој претставува спецификација која овозожува складирање и трансфер на различни видови податоци во стандардна форма, разработена од Society of Archivists Data Standards Group, ISO/IEC 21000 кој се базира на два основни концепти : дефинирање на дигитални материјали и корисници на дигиталните материјали [231]. ISO 2788:1986 стандард за индексирање на еднојазичните речници на сининими , овој стандард бил повлечен и заменет со ревидиран во ISO 25964-1:2011[232]. Пребарувачот е софтеверска алатка која вклучува процесор кој преку соодветна програма пронаоѓа синоними за одбрани зборови кој се бараат. Речникот на синоними [233] на UNESCO претставува контролирана, структурирана листа на теми и услови покривајќи широки области на знаењето. Листата им овозможува на субјектите да бидат поврзана постојано низ различни бази на податоци и услуги кои го користат. UKAT ( UK Archival Thesaurus , EAD (Encided Archival Description) , EAC- CPF (Encoded Arhival Context – Corporate Bodies, Person and Families, EAG (Encoded Archival Guide ), RDF (Resource Descriptio Framework ), TEI (Text Encoding Intiative )

---

[228] ISIAH, International Standard For Institutions with Archival , ICA, http://www.agad.archiwa.gov.pl/metodyka/isiah.pdf

[229] Phil Barker ,What is IEEE Learning Object Metadata / IMS Learning Resource Metadata? Standards Briefings Series, http://zope.cetis.ac.uk/lib/media/WhatIsLOMscreen.pdf

[230] Morgan V. Cundiff, An Introduction to the Metada Encoding and transmition Standard ( METS) , http://www.loc.gov/standards/mets/presentations/intro_mets.pdf

[231] ISO/IEC 23000-6, Information technology — Multimedia application format (MPEG-A) — Part 6: Professional archival application format, http://webstore.iec.ch/preview/info_isoiec23000-6%7Bed2.0%7Den.pdf

[232] Leonard Will, The ISO 25964 Data **Model for the Structure of an** Information Retrieval Thesaurus, https://www.asis.org/Bulletin/Apr-12/AprMay12_Will.pdf

[233] UNESCO Controlled vocabulary, URL of the Vocabulary, http://databases.unesco.org/thesaurus/

Протоколи за интероперабилност [234] : OAI –PMH Отворена архивска иницијатива : протоколи за комплетирање на метаподатоци , SRU Пребарување преку URL, ISO 23950 Информација и документација - Обнова на информации – дефинирање на апликативна услуга и спецификации на протоколите . Во однос на дигиталното зачувување, најзначајни се : ISO/TR 18492 (Долготрајно чување на електронски документи, базирано на информации ) [235], PREMIS ( Речник на на податоци за чување на матаподатоците [236].

Референтните модели и рамки се дефинираат преку следните стандарди : ISO 15489 (Информации & документација –управување со записи [237], ISO 14721( Модел на отворен архивски систем [238], ISO 20652 (Производи- Архивски интерфејс-Абстракт за методологија на стандардот ) [239], BSI PAS 197 (Код за праксата собирање на податоци во зависност од културата на средината [240]. Додека пак за форматите на датотеките се најзначајни стандардите HTML (јазично означување на хипертекстови) [241], ISO/IEC 15444 [242], ISO 19005-1 [243], ISO/IEC 26300 [244], ISO 3166 [245] (Стандард кој дефинира код за претставување на имињата на земјите, дава список од 239 имиња на земји (официјални и скратени имиња )по азбучен ред (ISO 3166-1) и кодот се состои од два знака (ISO 3166-1-

---

[234] Key Management Interoperability Protocol Specification Version 1.0
, OASIS Standard, 01 October 2010 стр. 53 http://docs.oasis-open.org/kmip/spec/v1.0/os/kmip-spec-1.0-os.pdf,

[235] ISO/TR 18492 , Long-term preservation of electronic document-based information,
file:///C:/Documents%20and%20Settings/vortrix/My%20Documents/Downloads/ISO-TR_18492-2005.PDF

[236] Premis , data preservation for Metadata, Version 2.0, March 2008,
http://www.loc.gov/standards/premis/v2/premis-2-0.pdf

[237] ISO 15489-1 , меѓународен стандард, Информации и документација – Канцелариско работење:, ICA,
http://www.arhiv.gov.mk/materijali/mk-4-4-3_iso_15489-1.pdf

[238] ISO14721 , Space data and information transfer systems — Open archival information system — Reference model, file:///C:/Documents%20and%20Settings/vortrix/My%20Documents/Downloads/ISO_14721_2003(E)-Character%20(1).pdf

[239] ISO 20652 , Space data and information transfer systems — Producer–archive interface —Methodology abstract standard, file:///C:/Documents%20and%20Settings/vortrix/My%20Documents/Downloads/ISO_20652-2006.PDF

[240] PAS 198:2011, Specification for environmental conditions for cultural collections
, Draft fpr Public comment,
file:///C:/Documents%20and%20Settings/vortrix/My%20Documents/Downloads/PAS%20198%20(draft%202.0)%202011-05-31%20FOR%20PUBLIC%20COMMENT%20(1).pdf

[241] http://www. archives. org. uk/images/documents/DSG_docs/DSG_Standards/standards_for_archives_html. pdf

[242] ISO/IEC 15444-2, Information technology — JPEG 2000 image coding system: Extensions,
http://www.jpeg.org/metadata/15444-2.PDF

[243] ISO 19005-2 , Document management — Electronic document file format for long-term preservation ,
file:///C:/Documents%20and%20Settings/vortrix/My%20Documents/Downloads/ISO_19005-2-2011.PDF

[244] ISO/IEC 26300 Information technology — Open Document Format for Office Applications (OpenDocument) v1.0. http://www.open-std.org/keld/iso26300-odf/is26300/iso_iec_26300:2006_e.pdf

[245] ISO 3166 Codes (Countries) , http://www.mapofsaltspring.com/ISO_3166_Codes_Countries.pdf

Alpha-2) [246]., вој стандард се користи во географските архиви на ODIS ), ISO 639-2 претставува Стандард кој дефинира код за претставување на имињата на јазиците [247]. Беше објавен во 1998 по период од дефет години кој беше потребен за негово создавање. ISO-639-2[248] ( беше развиен од MARC Code List of Languages [249] а се состои од три карактери за 464 јазици. Се применува во библиотеката на Американскиот конгрес. Овој стандард се користи во нормативната листа на јазици на ODIS), ISCED 1997 (меѓународен стандард за класификација на материјали од областа на образованието. Беше развиен од страна на UNESCO со цел да обезбеди универзална класификација на изразите во образованието за да може да се направи споредба на меѓународно ниво. Првата верзија беше развиена околу 70-тите години на минатион век а последната ревизија датира од ноември 1997. ISCED-1997[250] обезбедува структура за собирање и претставување на податоците од образованието. ODIS ја користи основната структура на ISCED во нормативната листа на ODIS за ниво на образованието. ), HISCO – Историски меѓународен стандард за класификација на професиите. Беше развиен од меѓународна група на историчари, „ *Historical International Social Mobility Group (HISMA)* **“.** Овој стандард се базира на Меѓународниот стандард за класификација на професиите (*International Standard Classification of Occupations )- ISCO-68, кој беше развиен од страна на Меѓународнатта организација за труд ( International Labour Organisation).* Се верува дека овој стандард ќе ја го забрза меѓународното корпоративно истражување на податоците за професиите и оптествената мобилност. Стандардот беше објавен 2002 [251].
) и други.

---

[246] ISO 3166-1-alpha-2 code elements, English country names and code elements, http://www.choralfestivalnetwork.org/admin/filez/26_Country%20codes.pdf

[247] MARC list of languages http://www.loc.gov/marc/languages/introduction.pdf

[248] ISO 639-2 Language Code List , Codes for the Representation of Names of Languages , http://www.uni-mannheim.de/mateo/camenatools/docs/ISO%20639-2.pdf

[249] Codes for theRepresentation of Languages for Information Interchange www. loc. gov/marc/languages, ANSI/NISO Z39.53-2001 ISSN: 1041-5653,(Revision of ANSI/NISO Z39.53-1994), http://www.niso.org/apps/group_public/download.php/6541/Codes%20for%20the%20Representation%20of%20Languages%20for%20Information%20Interchange.pdf

[250] ISCED (international Standard Classification of Education) http://www.uis.unesco.org/Library/Documents/isced97-en.pdf

[251] Tarcisio R. Botelho,Marco H. D. van Leeuwen,Ineke Maas,Andrew Miles HISCO (Historical International Standard Classification of Occupation): construindo uma codificacao de ocupacoes para o passado brasileiro* http://www.fss.uu.nl/pubs/mhdvanleeuwen/2006ABEP.pdf

Најзначајни стандарди кои се однесуваат на безбедноста на системите податоци се: BS ISO/IEC 27001:2005 ( Информатичка технлогија –техники за безбедност – барања за управување со безбедноста на податоците [252], ISO/IEC 27002:2005 Информатичка технологија –техники на безбедност –код за пракса за управување со информатичка безбедност [253].

Сумарно, организации кои развиваат стандарди се : ISO Меѓународната организација за стандардизација (International Organization for Standardization), NCA (Национален Архивски Совет – архивски правила за конструкција на лични, имиња, имиња на места и корпорациски имиња - National Council on Archives Rules for the Construction of Personal, Place and Corporate Names ) [254], MARC 21- MAchine Readable Cataloging - Формат за библиографски податоци - Format for Bibliographical Data) [255].

---

[252]ISO/IEC 27001 , Information technology –Security techniques –Information security management systems – Requirements, http://web.bryant.edu/~commtech/guidelines/iso27001.pdf

[253] ISO/IEC 27002 Information technology — Security techniques — Code of practice for information security management http://www.slinfo.una.ac.cr/documentos/EIF402/ISO27001.pdf

[254]Rules for the Construction of Personal, Place and Corporate names NCA http://archiveshub.ac.uk/ncarules/

[255] Randall.K.Barry. Introduction to MARC , http://www.dnb.de/SharedDocs/Downloads/DE/DNB/standardisierung/vortragBarryEnMarc21Introduction.pdf?__blob=publicationFile

## ГЛАВА ЧЕТВРТА

# 4. ИНОВАТИВНОСТ ВО АРХИВСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО

## 4.1. Закон за Архивски материјал од 2012 година

Законот за архивски материјали прогласен со Указ бр. 07-3448/1 од 24 јули 2012 година, од страна на претседателот на Република Македонија Ѓорге Иванов и Претседателот на Собранието на Република Македонија Трајко Вељаноски.

Општите одредби на законот се опишани со седум члена кои опфаќаат :

- Предмет на уредување на Законот
- Интересот од заштитата, чувањето, обработката и користењето на архивскиот материјал
- Значењето на одделни поими
- Заштитата на архивскиот и докементарниот материјал
- Забрана за одвојување делови од документарниот материјал од којшто не е извршено одбирање на архивскиот материјал
- Пренос на архивски материјал создаден во електронска, дигитилна, оптичка или друга форма во хартиена форма, доколку е тоа можно
- Надлежностите за уредување на канцелариското и архивското работење

Вториот дел опфаќа електронски архивски и документарен материјал, кој содржи осум члена :

- Опис на предметот кој го опфаќаат електронските архиви
- Чувањето на електронските документи и барањата коишто треба да ги исполнат
- Начин на чување на податоци евидентирани во дигитални бази
- Обвска на имателот на архивски и документиран материјал за донесување план за реконструкција и обнова на податоците во случај на хаварија
- Архивирањето и чувањето на електронски записи

- Обврска за контрола на архивските копии и електронски записи согласно декларираниот животен век на траење на медиумот од страна на производителот и условите на чување
- Мигрирањето на нови медиуми (формати) пред истекот на времето на декларираниот животен век на траење на медиумот и условите
- Должност за обезбедување на дигитална копија од материјал во аналоген формат

Во третиот дел е опфатен јавен архивски и документарен материјал даден во два члена:

- Дефинирање на јавен архивски материјал и неговите обврски
- Неотуѓивост на јавниот архивски материјал и забрана за собирање, стекнување, чување и поседување на јавен архивски материјал од страна на приватни правни и физички лица

Оваа глава содржи посебен дел со

❖ Права и обврски на имателите, кои се опишани во три члена:

- Користење на архивскиот и документарен материјал од страна на имателот и право на стручна помош во поглед на заштитата, чувањето и користењето на овој материјал
- Должности на имателот на архивски и документарен материјал
- Обврска за превземање посебни мерки за заштита на архивскиот и документиран материјал од страна на имателот во воена или вонредна состојба

Како посен дел под број 2 во третиот дел е дадено

❖ **Одбирањето на архивскиот и уништување на документарниот материјал** со шест члена

- Распоредување на документираниот материјал според планот за архивски знаци
- Само Државниот архив може да врши одбирање на архивскиот и документарниот материјал создаден до 31 декември 1946, како и одбирање и средување на јавен документиран материјал, освен имателот

- Трошоцте за одбирање, евидентирање, средување на архивскиот материјал ги поднесува имателот

- Документарниот материјал, по истекот на рокот, го предава за уништува ње имателот со предавање на постапувач, а по извршен попис кој до достава до Државниот архив заради добивање дозвола (согласност), при неисполнување на одредбите можно е неиздавање на согласност

- При несоодветно чување на материјалот кај имателот, Државниот архив со решение ќе наложи спроведување на марки за заштита. Решението може да се обжали

- По престанување со работа на имателот на архивски и документарен материјал, истиот по исполнување на дефинирани барања( изворна форма, комплете, одбран, среден, евидентиран) ги предава на правниот наследник, а доколку нема таков-во Државниот архив

❖ Посебен дел за **предавање на архивскиот материјал** со три члена

- Предавање во Државниот архив со записник на среден и спакуван материјал, во рок не подолг од 20 години за јавен архивски материјал од неговото создавање

- Архивскиот материјал сozададен во електронска форма (фотографиран, филмуван, аудиовизуелизиран, механографиран, електронски, дигитално, оптички или надруг начин забележан) се предава во Државниот архив во пропишана форма. Носачот на архивскиот материјал мора да биде унифициран согласно законот

- Забрана за вработените кај имателот и во Државниот архив во однос на собирањето за себе или други лица на јавен архивски материјал

Во глава четири се обработува **приватниот архивски и документиран материјал** со два општи члена

- Дефиниција на приватниот архивски и документиран материјал

- Државниот архив врши попис на имателите на приватен архивски материјал за кој ќе се оцени дека е од интерес на Република Македонија

❖ **Должности на имателите на приватен архивски и документарен материјал**

- Наброени се должностите во единаесет ставови (известување на Државниот архив за поседување на материјалот, чување и негова заштита, водење основна евиденција, донесување на план на архивски знаци и листа на материјалите нивно доставање до Државниот архив, прием и преглед и распределба на материјалот, обележување и евиденција на материјалот, навремено враќање на решените предмети, нивна класификација, средување на материјалот и негово одлагање во писарницата, теквно одбирање на архивскиот материјал, извојување и попишување на материјал за уништување, вршат опис и попис на архивскиот материјал и трајно го чуваат)

❖ **Промет со приватен архивски материјал**

- Имателот на приватен архивски материјал може да го подари, продаде или даде на чување на трето лице, но истото не сме да се отуѓи или на друг начин отстапи на странски физички или правни лица
- Доколку приватнио архивски матерјал по пат на подарок, продажба или на чување дојде во владение на Државниот архив, а доколку со дпговор не е поинаку определено, истиот е достапен за користење под услови и начин определени за јавен архивски материјал

❖ **Документарни центри**

- Тоа се трговски друштва кои вршат заштита, чување и користење на приватниот архивски и документарн материјал. Врши прием и времено чување на приватн архивски документарен материјал од имателите, негово вреднување, средување, евидентирање, а со одобрение на имателот да го даде на користење на друго правни и физилко лице.
- Потребно е исполнувње на одредени кадровски и просторни услови на документарните центри и истите ги пропишува директорот на Државниот архив во зависност од видот и обемот на архивскиот и документиран материјал
- Државниот архив има право на првенсвото во купување на приватниот архивски материјал, а доколку не се произнесе позитивно во рок од 45 дена, истиот материјал може да се понуди на трето лице, но не по пониска цена и поповолни услови од понудата до Државниот архив. ДРжавниот архив има право на тужба против продавачот и купувачот за поништување на договорот за купо=продажба во рок од три години, доколку се наруши ставот од овој член (член 33)

Во глава V дадена е **надлежноста на Државниот архив на Република Македонија**

- Членот 36 од Законот ги набројува надлежностите на Државниот архив ( превземање на јавните материјали за трајно чување, превземање на приватни архивски материјали по пат на подарок или отјуп доколку се од интерес на РМ; врши сугорносно и заштитно снимање на архивскиот материјалодбира и средува материјали, води евиденција на имателите на јавен и приватен архивски и документиран материјал, дава податоции, копии од документи и заверени преписипо барање на корисниците, соработува со архиви во странство, следи и проучува прашања во врска со заштита и чување на архивскиот материјал, врши стручен надзор и дава стручна помош на имателите на архивски и документиран материјал, врши дополнително одбирање и ревизија на на средеността и категоризацијата на материјалот, превзема техничко-технолошки и безбедносни мерки за заштита на архивските материјали (копирање, дигитализиција, микрофилмување, конзервација, реставрација и др, истражува архивски материјал, организира служба за информации, достапност и користење на архивскиот материјал, организира предавања, изложби и др,. Оргнизира стручно усовршување и оспосубање на работниците во канцеларии и архивски работи кај имателите, води регистер на архивски фондовии збирки на РМ, води евиденција на сопственици на приватен арховски материјалво РМ и врши и други работи согласно законот
- Државниот архив одредени прашања од стручно-научен крактер разгледува на стручно –научно совет во кој учествуваат и лица кои не се вработени во Државниот архив ; работите во врска со архивскиот и документарниот материјал на Македонската академија на науките и уметностите врши стручна единица во состав на Академијата.

❖ **Истражување, размени и изнесување на архивскиот материјал**

- Државниот архив врши архивски истражувања во земјата и странство
- Од истражувањата во странство кои се на трошок на Буџетот на РМ се поднесува материјал на увид во рок од 30 дена до Државниот архив кој дава мислење, а во рок од три години по предавањето на овој материјал, истиот истражувачот може да го публикува

- Државниот архив може да врши размена и отстаување на архивски материјали со сродни отганизации во земјата и странство, можно е организирање на изложување, експертиза и др.

Во глава шест се дадени членовите поврзани со користењето **на јавниот архивски материјал,** имено :

- Право на користење на јавниот архивски материјал имаат сите корисници под еднакви услови. Во членот се наброени можните корисници на јавниот материјал, а за приватниот архивски материјал што се чува во Државниот архив се применуваат одредбите за користење на јавен архивски материјалако со закон или други прописи поинаку не е предвидено или ако не е предвидено поинаку со договор за предавање на архивскиот материјал во Државниот архив.
- Архивскиот и документарен материјал кој содржи геодетски истражувања на природните ресурси и економијата на земјата, е достапен на користење по 70 години од негово создавање, додека материјал кој содржи податоци за објекти и капацитети од стратешко значење достапен е за користење по 100 години од создавањето. Материјалите со податоци кои претставуваат деловна тајна, технолошки иновации се достапни 50 години по создавањето.
- Наведени се временски ограничувањата за документариан материјал кој содржат податоци кои со својата содржина ги ограничуваат или можат да нанесат негативни последици на правата и слободите на граѓанинот и на интегритетот на личноста и семејството
- Услови под кои може да биде достапен архивскиот материјал пред изминувањето на определениот рок
- Случаи под кои достапноста до бараните документи во Државниот архив може привремено ограничена
- Начинот на користење на архивскиот материјал во Државниот архив се пропишува од страна на директорот на Државниот архив
- Обвски на имателите на јавниот архивски материјал (рокови за користење на материјалот )
- Изработка на научни –информативни јавни средва од страна на Државниот архив

- Право на увид и добивање информации од архивскиот и документиран материјал –без надоместок
- Одземање на правото на користење на архивскиот и документиран материјал во Државниот архив ( попречување на користење од други корисници, оштетување на материјалот, обид за усвојување)

Во глава седум во девет члена е обработен **надзорот,** додека во глава осум во три члена се дадени **прекршочните одредби,** а Законот завршува со четири члена во кои се дадени **преодни и завршни одредби**

## 4.2.Новини кои ги носи Законот за архивскии материјал за архивската дејност

Новиот Закон за архивски материјал, што е донесен во јули 2012 година, е резултат на согледувањата за современите потреби од пособдветно нормативно регулирање на предметот поврзан со заштитата, чувањето, користењето и обработката на архивскиот материјал, инспекцискиот надзор и надлежностите на Државниот архив на Република Македонија.

Како основа е земен Законот за архивска граѓа од 1990 и Законот за измените и дополнувањата на законот за архивска граѓа од 1995 година, но внесени се бројни новини и подобрувања кои во голема мерка го менуваат и дополнуваат овој закон и сочинуваат нов законски текст

Во новиот законски текст, за разлика од постојниот се врши поделба на архивскиот и документарен материјал на јавен архивски и документарен материјал и приватен архивски документарен материјал. Во јавниот архивски и документарен материјал влегува документацијата која е создадена од државните органи, институции, јавни претпријатија, општини, правни и физички лица кои вршат јавни овластувања и тој е сопственост на Република Македонија. Додека приватниот архивски и документарен материјал е сопственост на приватни правни и физички лица. Во новиот законски текст се дадени и дефиниции на одредени поими и изрази што се употребуваат во законот. Посебно се регулира материјата сврзана со електронскиот архивски и документарен материјал. Во законот во две посебни глави се разработени правата и обврските на имателите на јавен архивски и документарен материјал и на приватен архивски и документарен материјал. Со

овој закон се дефинираат и документарните центри за прием и времено чување на приватен архивски и документарен материјал. Во посебна глава е разработено користењето на јавниот архивски материјал и посебно се определени подолгите рокови за користење на материјалот. Доуредени се одредбите за инспекцискиот надзор и усогласени се прекршочните одредби.

Со Законот за архивски материјал се врши поделба на архивскиот и документарен материјал на јавен архивски и документарен архивски материјал. Посебно се регулира материјата поврзана со електронскиот архивски и документарен материјал. Опфатени се правата и ибврските на имателите на јавен архивски документарен материјал и на приватен архивски документарен материјал. Исто така со овој закон се дефинираат и документарните центри за прием и времено чување на архивски и документарен материјал. Дадени се одредби за користењето на архивскиот материјал и секако надзорот и прекршочни одредби.

Имено:

| **Новини во Закон за арховски материјал од 2012 година** | **Глава/член од Законот** |
|---|---|
| Внесување на македонски наслов на Законот и негова употреба во истиот<br>• замена на изразот „грaѓа“ со „материјал “ | Име на Законот и понатамошна употреба во Законот и подзаконските акти |
| Фокусираност кон разграничување и појаснување на одделни поими употребени во Законот (пример: документ/запис и тн) | Член 3 |
